# ЛЕКСИКОН
## НА МАКЕДОНСКИ МЕДИУМСКИ И ПРАВОСУДНИ ТЕРМИНИ




Reinforcing Judicial Expertise on Freedom of Expression and the Media in South-East Europe (JUFREX)

Funded by European Union and Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

# ЛЕКСИКОН

## НА МАКЕДОНСКИ

## МЕДИУМСКИ И ПРАВОСУДНИ ТЕРМИНИ

Reinforcing Judicial Expertise on Freedom of Expression and the Media in South-East Europe
(JUFREX)

Funded by
European Union
and Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by
the Council of Europe

Сите права задржани.

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да се преведува, репродуцира или пренесува во било кој облик или со било кои средства, електронски (интернет, итн.) или механички, вклучително и фотокопирање, снимање или било кој друг систем за чување или преземање на информации – без претходно одобрение од Директоратот за комуникации (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Публикацијата е подготвена во рамки на Заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа **„Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)**“. Програмата е финансирана од Европската унија и од Советот на Европа, а имплементирана од Советот на Европа.

Адаптацијата на оваа публикација на македонски јазик и нејзиното прилагодување на локалниот контекст ги овозможи Советот на Европа.

Графичка обработка и печат:

МП Профил

Тираж: 500 примероци

© 2019, Совет на Европа

*Оваа публикација иницијално е подготвена, во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, во Босна и Херцеговина. Назив на публикацијата: „Leksikon pravosudnih i medijskih pojmova u Bosni i Hercegovini“.*

*Овој документ е изготвен со средства од заедничка програма помеѓу Евроската Унија и Советот на Европа. На ниту еден начин не може да се протолкува дека мислењата изразени во овој документ ги отсликуваат официјалните ставови на Европската Унија или на Советот на Европа.*

## За проектот:

Лексиконот на медиумски и правосудни термини е збирка на појаснувања на термините кои секојдневно се користат од страна на медиумските работници, но и од страна на вработените во правосудните органи кои комуницираат со медиумите. Лексиконот има за цел да им го олесни работењето на новинарите и на вработените во правосудството и воедно да ја олесни нивната меѓусебна комуникација.

Лексиконот е создаден како дел од проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразувањето и медиумите во Југоисточна Европа (Reinforcing Judical Expertise on Freedom of Expession and the Media in South-East Europe), JUFREX, со идеја дека низ набројување и објаснувања на овие термини ќе се одбегнат грешките кои се случуваат поради неинформираност или дезинформираност, при што доаѓа до деградација на угледот, како на медиумите, така и на правосудните институции.

Главната цел на лексиконот е да се подобри разбирањето за работата на судството од страна на медиумите и обратно, односно севкупно да се придонесе за зголемување на квалитетот на информираност на јавноста.

Лексиконот на медиумски и правосудни термини е поддржан од заедничкиот проект на Европската Унија и на Советот на Европа, JUFREX, чија главна цел е унапредување на слободата на изразување и слободата на медиумите во согласност со стандардите на Советот на Европа, со посебен фокус на правосудството во Југоисточна Европа.

# СОДРЖИНА


Кратенки 7

Наместо вовед 9

Методологија на работа 13

**ЛЕКСИКОН НА МЕДИУМСКИ ТЕРМИНИ** 17

**ЛЕКСИКОН НА ПРАВОСУДНИ ТЕРМИНИ** 63

**ПРИЛОЗИ** 167

I. КОДЕКСИ ЗА НОВИНАРИ И ПРАВОСУДНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА 167
II. СПИСОК НА СУДОВИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО ДРЖАВАТА 204

**ЛИТЕРАТУРА/ИЗВОРИ** 209

ПРАВНИ АКТИ И ДОКУМЕНТИ 211

# Кратенки

## КРАТЕНКИ НА ПОИМИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ал ►► алинеја

в.в.►► во врска со

ЗВП ►► Закон за вонпарнична постапка

ЗКП ►► Закон за кривичната постапка

ЗОУП ►► Закон за општата управна постапка

ЗП ►► Закон за прекршоците

ЗПП ►► Закон за парничната постапка

ЗУС ►► Закон за управните спорови

ст. ►► став, параграф (на општ акт (пропис))

т. ►► точка (дел од став)

## ЗНАЧЕЊА НА КРАТЕНКИ И ПОИМИ НА ЛАТИНСКИ ЈАЗИК

et al. ►► и други(те)

et seq. ►► и следни(те)

in fine ►► на крајот

in initio ►► на почетокот

# Наместо вовед

Новинарството и медиумите во државава поминаа или, многу поверојатно, сè уште минуваат низ болна транзиција како и многу други сфери во општеството. Пред неполни три децении имаше помалку медиуми, а со тоа и помалку информации, помалку извори на информирање, но исто така слободно можеме да кажеме дека имаше и помалку дезинформации кои се пласираа во јавноста, помалку лажни вести, помалку манипулација на јавноста.

Денес, плурализмот во медиумите, а особено појавата на новите медиуми овозможува публиката да комуницира со нив во реално време, да ги прима информациите каде сака и кога сака, но и самата да продуцира и да пласира информации со посредство на медиумите. На сметка на згаснувањето на повеќе традиционални медиуми, посебно печатени, никнаа стотици нови, претежно онлајн медиуми.

Каналите на информирање во денешно време се многу подостапни и многу поразлични отколку порано, но поради ниската медиумска писменост, можноста за дезинформирање на јавноста е голема.

Но, проблемот не е само во состојбата со општата медиумска писменост на граѓаните, проблем има и во самата (не)едуцираност на медиумските работници кои секојдневно обработуваат и пласираат информации до јавноста. Фактот дека секој може да биде новинар во ерата на социјалните медиуми не треба да значи и комплетно напуштање на основните рамки и целосно занемарување на правните норми, но и на професионалните и етичките стандарди.

Дел од медиумите не само што престанаа да ја прашуваат втората страна, туку при пласирањето на информации воопшто не ја консултираат ниту првата страна или изворот на информацијата. Сето ова резултираше со дерогирање на квалитетот на информациите кои се пласираат во медиумите, но и до ерозија на довербата во новинарите и во медиумите воопшто. Тоа е поразително, посебно кога општата недоверба се рефлектира и врз оние медиуми и новинари кои доаѓаат до информации, ги обработуваат и пласираат почитувајќи ги сите правни, професионални и етички норми/стандарди.

Но не е сè така црно. Се направија значителни чекори кон саморегулација во сферата на медиумите со формирањето на Советот за етика во медиумите на Македонија, се декриминализираа клеветата и навредата и, можеби најважно,

сериозно се пристапи кон јавна дебата за (не)професионализмот во медиумите во државата. Сето ова на подолг рок би можело да ја подобри состојбата во медиумите во земјава.

Сепак, општата слика за медиумската сфера во моментов е далеку од добра и потребни се многу чекори нанапред, а притоа да не се направи ниту еден чекор наназад.

Еден чекор во позитивна насока е и секој обид за подобрување на комуникацијата помеѓу медиумските работници/медиумите и другите делови во општеството. Во конкретниот случај, за потребите на оваа публикација, тоа се службените лица и работниците во сферата на правосудството. Комуникацијата ќе биде подобра само ако има меѓусебно разбирање, а за да се разберат подобро и едните и другите, потребно е да ги разберат и темелите на секоја од двете професии. Мора да се нагласи фактот дека лексиконот е еднакво потребен како на новинарската фела, така и на вработените во правосудството. Комуникацијата и меѓусебното разбирање не се на задоволително ниво со години, а доказ дека има потреба од подобра комуникација и разбирање е неодамнешното формирање на таканаречениот Судско-медиумски совет (СМС).

Овој Совет го формираше Здружението на судии на Република Македонија за да ја зголеми транспарентноста на судството. Советот се формираше по претходни искуства на вакви советодавни тела во Соединетите Американски Држави. Амбасадата на САД овозможи судии и обвинители, но и обучувачи на полицијата, обвинителствата и судовите од САД низ позитивни искуства да им покажат на македонските судии и новинари дека е возможна соработка меѓу двете страни. Крајната цел е подобрена комуникација и разбирање во интерес на граѓаните.

Советот има 21 член, од кои 11-мина се новинари од различни медиуми и 10-мина судии и претседатели на судови. Мандатот на сите им трае 2 години, а работењето е на доброволна основа.

Кога и едните и другите ќе се запознаат со темелите на едната и на другата професија, тогаш и дискусијата ќе биде кревната на повисоко ниво, со меѓусебно подобро разбирање и идна комуникација.

Токму затоа е креиран и овој Лексикон на правосудни и медиумски термини. Новинарите и останатите медиумски работници ќе можат подобро да се запознаат со термините од областа на правото, а оние кои работат во правосудството ќе се запознаат со термините кои најчесто се употребуваат во медиумите.

Лексиконот е резултат на анализа направена во Босна и Херцеговина каде состојбата во медиумите е слична како и во останатите земји на Балканот. Во тој контекст, со појавата на социјалните медиуми и плурализмот на медиумите, воопшто, увидено е дека постои нова генерација новинари/новинарки и редакции кои немаат доволно пари за да ангажираат репортери кои се специјализирани за следење на теми од областа на правосудството.

Оние, пак, кои следат такви теми, неретко ги грешат основните правни термини. Во новинарските текстови осомничените лесно стануваат обвинети, притвореникот станува затвореник, кривичната пријава се заменува со обвинение и слично. Сето ова доведува до погрешно информирање на јавноста, со што се добива и погрешна слика за правосудниот систем во една земја, но кредибилитетот го губат и медиумите, бидејќи јавноста дознава дека не се добри познавачи на областа. За жал, во некои случаи не станува збор за неинформираност на медиумите при употреба на погрешни термини, туку тоа се прави злонамерно, со цел некому да му се нанесе штета.

Од друга страна, забележани се и бројни примери кои покажуваат дека ниту судската пракса нема доволно разбирање за новинарските форми, жанровите, новинарската професија... Судиите и обвинителите имаат еднаква потреба да знаат како работат медиумите и кои се новинарските жанрови, како и некои други термини кои не секогаш мора да бидат поврзани со правосудството, но се дел од потребата за повисока медиумска писменост.

Поради сите овие причини, а првенствено за точно и целосно информирање на јавноста, сметаме дека е исклучително важно да се креира овој лексикон како механизам кој ќе помогне новинарите/новинарките подобро да го разберат правосудството, подобро и полесно да ги протолкуваат термините со цел да се подобри информирањето и работата при известувањето.

Врз основа на спроведено истражување, анкети и фокус групи во БиХ, се потврди потребата за постоење на една ваква публикација, бидејќи и новинарската и судската пракса докажаа дека и едните и другите не разбираат дел од основните термини во двете професии, а епилогот од тоа е неинформираност и дезинформираност на јавноста.

Лексиконот е наменет за новинарите, уредниците, судиите, обвинителите, адвокатите, правниците, пратениците, но и останатите „актери“ во областа на граѓанското општество и носителите на одлуки.

Лексиконот е поделен во три дела, едно поглавје се однесува на самата

методологија на работа, потоа следи лексиконот на медиумски термини и на крај лексиконот на правосудни термини. Станува збор за лексикон кој со едноставни зборови и многу концизно ги објаснува новинарските и правните термини.

Лексиконот има за цел да им заштеди време на оние кои бараат одреден термин, ќе придонесе за подобро меѓусебно разбирање, вработените од правосудството ќе добијат сеопфатна слика за тоа што работат новинарите и како работат кога известуваат од судница. Крајната цел е јавноста да добие точна и проверена информација.

# Методологија на работа

Оваа публикација е резултат на дводелно истражување, кое беше спроведено во Босна и Херцеговина, се обиде да ги опфати сите релевантни целни групи. Истражувањето беше спроведено, прво, помеѓу претставниците на правосудството, а потоа беа опфатени и медиумските работници.

Анализата на резултатите од спроведените анкети ја потврди потребата за подобра едукација и поголемо разбирање на правните термини кај медиумските работници, како и разбирање за улогата и значењето на новинарството и медиумите кај претставниците на правосудството. Крајната цел е развој и зачувување на демократското општество преку подобро и попрецизно информирање на јавноста.

Во вториот дел од истражувањето беа користени и фокус групи, чија цел беше да се воспостават попрецизни упатства и насоки за создавање на Лексиконот, имајќи ги во предвид потребите на сите целни групи (судството, медиумите и јавноста), со цел да се придонесе за подобро, попрецизно известување за правосудните термини преку медиумите.

По спроведеното истражување, Лексиконот е формулиран како две посебни целини: лексикон на медиумски поими и лексикон на правни поими.

Во таа смисла, првата активност беше креирање на прашалници односно анкетирање на медиумски работници и на вработени од правосудството, по што се организирани и фокус групи за на крајот да се креира овој Лексикон.

## ЗАКЛУЧОЦИ:

Од анализата на овие интервјуа и прашалници, може да се заклучи дека:

• Новинарите често неправилно ги користат правните термини.

• Новинарите често не ги разбираат судските термини што ги користи судскиот персонал.

• Претставниците на правосудниот систем често користат изрази што ги збунуваат „обичните“ граѓани.

• Ако новинарите не разбираат одреден правен термин, им треба повеќе време за да го изработат новинарскиот продукт со цел да го објаснат терминот што самите не го разбираат.

• Правосудството мора да биде поотворено и појасно да комуницира со медиумите.

• Со новинарите треба да соработуваат судии и обвинители кои можат да им дадат посеопфатна информација отколку портпаролите.

• На новинарите им е потребна едукација и во таа смисла, лексиконот може да послужи како образовна алатка.

• дека лексиконот може да послужи за полесно и побрзо толкување на непознатите термини со што и самата работа на одредена тема би се олеснила и би се забрзала.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ФОКУС ГРУПИТЕ:

• Лексиконот е значаен и неопходен како алатка за разбирање на термините, но и за правилно и целосно јавно известување (сите фокусни групи).

• Лексиконот како образовна алатка ќе ја подобри меѓусебната комуникација меѓу судската и новинарската професија (сите фокусни групи).

• Лексиконот ги објаснува правните термини со едноставни зборови. За јавноста е многу важно тоа да биде направено на што поразбирлив начин за новинарите, затоа што со тоа ќе биде и поразбирливо за јавноста (фокус група - јавност).

• Со Лексиконот одредена целна група лесно ќе утврди дека новинарот ја злоупотребил својата позиција, дека тенденциозно ги помешал/погрешил термините и со намера ја манипулирал јавноста (фокус група - правосудство и медиуми).

• Со Лексиконот, одредена целна група, лесно ќе утврди дека некој вработен

од правосудството мистифицира и манипулира и со новинарите и со јавноста (фокус група-медиуми).

• Лексиконот ја нагласува важноста од почитување на етичките стандарди и почитување на професионалните кодекси на однесување (фокус група - правосудство и медиуми).

• Во Лексиконот се нагласува важноста од познавањето на новинарските жанрови (фокус група медиуми).

Лексиконот е прилагоден на македонскиот медиумски и правосуден контекст. При прилагодувањето ги зедовме во предвид сите специфики на нашиот/локалниот медиумски пазар, потребите на македонските медиумски работници, но и правната регулатива поврзана со медиумите во државата. Имплементирани се исто така и спецификите на регулацијата и дерегулацијата на медиумите во земјава.

При подготовка на правниот дел од лексиконот беше извршено истражување на релевантните македонски закони и други општи акти, кои беа внесени наместо босанските. Беа применети методот на деск-анализа и компаративниот метод, како и разговори и писмени консултации со експерти и здруженија на граѓани, кои дадоа свој конструктивен придонес со начелни и конкретни забелешки.

# ЛЕКСИКОН НА МЕДИУМСКИ ТЕРМИНИ

Теоријата за новинарство ја вклучува и теоријата на новинарски жанрови како дисциплина која ги проучува облиците на новинарското изразување и начините на нивното групирање во жанрови. Иако во светот нема прецизна и општо прифатена типологија на новинарските жанрови, во современата пракса и теорија се споменуваат следните жанрови – информативни или фактографски (вест, интервју и извештај...), аналитички (коментар, колумна, фељтон...) и белетристички (репортажа, патепис, есеј, козерија, уметничка критика ...).

Непознавањето на новинарските жанрови од страна на вработените во правосудството беше посочено и во фокус групите при изработка на овој лексикон и тоа како негативно искуство на една од редакциите. Имено, новинарите од редакцијата на магазинот „Старт“ (Босна и Херцеговина) посочуваат дека одредено лице го тужело медиумот за интервју објавено во магазинот. Судијата, во текот на судската постапка, го запрашал уредникот на магазинот зошто при изработка на овој текст не била контактирана и втората страна. Ова е наведено само како пример на непознавање на новинарските жанрови и притоа потсетуваме дека интервјуто е разговор со некоја личност. Станува збор за таков новинарски вид во кој содржината се изразува во облик на прашања и одговори, од соговорниците. А во случајот, магазинот „Старт“ ја изгубил парничната постапка.

Подолу следат појаснувањата на новинарски жанрови, односно новинарските термини кои се наведени по азбучен ред.

А

## Анкета

Анкетата е механички збир на изјави или кратки интервјуа со случајни, често анонимни учесници, кои одговараат на истото прашање. Изјавата обично се евидентира на јавно место (улица, стадион, пазар). Анкетата треба да служи како „глас на јавното мислење“, иако во суштина е монтиран „глас на народот“.

Ова значи дека кога ги уредуваат анкетите, уредникот/уредничката или новинарот/новинарката, донесуваат одлука за тоа кои одговори на прашањето во анкетата ќе бидат објавени. Од тоа директно зависи каква порака ќе се испрати до јавноста. Публиката секогаш треба да има на ум дека одговорите во анкетата се нечиј избор на одделни одговори и не треба да се толкуваат како сеопфатен и краен одговор на даденото прашање.

Б

## Белешка

Белешката е подвид на осврт. Белешката е информација за некоја новост, вид на краток напис преку која се покажуваат резултати од научни истражувања или новости од светот на науката или литературата. Новинарот може да пренесе какви било интересни, невообичаени или поучни детали, без да навлегува подлабоко во обработка на проблемот.

В

## Вест

Веста е основен новинарски жанр и основна форма на новинарско изразување. Дефинирана е со формулата 5 W (Who, What, Why, Where, When или Кој, Што, Зошто, Каде и Кога). Подоцна, е вметнато и прашањето How или Како. Веста е најкратката новинарска форма и содржи вистинити, кратки, јасни и навремени информации за настанот.

Суштинските елементи, кои секоја вест мора да ги поседува, се:

1. Вистинитост

2. Новост

3. Актуелност (ова значи објавување на вести веднаш по некој настан)

4. Интересна информација
5. Значење
6. Краткост
7. Јасност
8. Прецизност

Затоа, веста мора да одговори на шест прашања:

1. КОЈ?
2. ШТО?
3. КОГА?
4. КАДЕ?
5. ЗОШТО?
6. КАКО?

Заедно со одговорот на овие шест прашања пожелно е да се наведе и изворот од каде произлегува самата информација/веста. Од новинарите се бара концизно изразување, бидејќи новинарството не е пишување на роман, а секоја информација не е вест. Како дел од фактографските форми на новинарско изразување, пишувањето вест подразбира дека фактите се свети. Затоа, текстовите што надминуваат 16 или 17 редови не се вести.

Теоријата на новинарството има развиено неколку подвидови на овој елементарен жанр: блиц или флеш вести, стандардна и проширена вест. Флеш или блиц вестите секогаш се концизни, скратени и ги немаат сите структурни карактеристики, но исто така мора да бидат разбирливи за сите. Стандардните вести ги содржат сите нејзини структурни карактеристики. Проширената вест е премин од вест кон извештај. Основна карактеристика е обезбедување на проширени информации за една или две структурни карактеристики на вестите.

## Есеј

Есејот е новинарски жанр кој ги спојува новинарството со книжевноста и со науката. Станува збор за пократок прозен тип во кој разни теми од животот или од науката се обработуваат на начин кој вклучува размислување и заклучување и преку кој се добива чувство на уметничко оформување на текстот. Во него доаѓа до израз и личниот став на авторот, неговиот избор на проблемот за кој пишува и неговиот начин на носење на заклучоци, како и склоноста кон промислена разработка на проблемот.



## Извештај

Основата на извештајот е некој настан за кој се информира, за тоа како и зошто нешто се случило. Пред сè зависи од важноста и динамиката на настанот. Извештајот, заедно со веста, се најчести новинарски жанрови во дневното известување на новинарите. Постојат различни дефиниции за извештајот. Често извештајот не се третира како посебен жанр, туку како проширена вест. Како и да е, во извештаите се става фокус на следново: „Напиши на начин на кој секој што ќе го прочита извештајот може да разбере она што се случило на настанот на кој си присуствувал, што било одлучено, зошто така било одлучено, и зошто некои биле за и против, како се одвивал целиот настан, или што му е основната порака“ Д. Ѓуриќ (1975).

Во извештајот детално се кажува како и зошто нешто се случило, се објаснува текот на некој настан или случување, што зборувале луѓето и каков заклучок донеле. За разлика од веста,  извештајот има и одредена доза на субјективност и доаѓа до израз способноста на авторот, како и динамиката на опишувањето и раскажувањето на настаните, изборот на поенти и факти. Извештајот може да биде напишан хронолошки, како се одвивале настаните или да нагласи еден или повеќе факти и да ги објасни подетално. Новинарот/новинарката може да го стори тоа репортерски (опишувајќи ги амбиентот и атмосферата) или коментаторски (со толкување и анализирање). Препорачливо е речениците во извештајот да бидат пократки. Разликите меѓу веста и извештаите се следни: Добриот извештај содржи две, три или повеќе вести; веста известува, а извештаите информираат; веста ги изнесува фактите, а извештајот ги вклопува фактите во поширока целина; Веста е целина, а извештајот е хетерогена структура која се стреми кон хармонија; Веста ги дава резултатите, а во извештајот се опишува и текот, патот до резултатите, понекогаш и најважното што му претходело на тие резултати (дискусија, дилеми и алтернативи). Според времето за известување,

разликуваме извештаи за време на настанот и по настанот. Известувањето може да биде индивидуално, но исто така и тимско.

## Изјава

Изјавата е посебен подвид на извештајот, тоа е интервју без прашања кои обично ги даваат само јавни личности во исклучителни ситуации и по повод значајни настани кога медиумите треба да дејствуваат брзо и ефикасно. Се означува како најкраток медиумски жанр. Може да се каже дека, всушност, станува збор за извештај што не го дава новинарот, туку друга личност која може да зборува за темата. Ако тоа лице побива некој веќе објавен извештај, тогаш станува збор за демант. Ако се бара изјава од повеќе од еден извор за истата тема, тогаш станува збор за анкета.

## Интервју

Интервју е разговор со некоја личност. Како новинарски вид, се состои од краток вовед на новинарските прашања и одговорите на соговорниците. Најчесто се пишува административно, без коментари и убедувања. Во воведот, во неколку реченици се објаснува причината за правење на интервјуто, се презентираат и основни податоци и кратки забелешки за соговорникот. Секој разговор треба да има повод и причина – актуелен настан или популарност на интервјуираното лице. Може да биде интервјуиран секој кој се занимава со нешто важно, интересно и необично. Соговорникот мора да биде интересно лице, но не мора да биде познат и на јавноста. Интервјуто е основниот новинарски жанр со кој комуникологозите, лингвистите, социолозите и психолозите се занимавале поради комплексноста на односот (интеракцијата) на учесниците во интервјуто, пред сè на оној што го врши интервјуто.

Интервјуто е содржано во сржта на сите новинарски жанрови. Учесниците во интервјуто доброволно го изразуваат своето мислење пред публиката, за работите што ги знаат и за кои се компетентни. Интервјуто, исто така, може да биде и медиумска мимикрија. Им овозможува на новинарите да се затскријат зад авторитетот на оној што е интервјуиран, посебно при известување за проблематика која или недоволно ја познаваат или не е целосно во согласност со уредувачката политика.

Во дефинициите за интервју недоволно внимание се посветува на важноста на крајните корисници (публиката), ниту пак е посебно нагласена оваа интеракција. Целосно внимание се посветува на директните учесници (интервјуирачот и интервјуирана личност) и на основните елементи: прашања и одговори. Интервјуто во медиумите е форма на интервенција или медијација во односот помеѓу лицето што зборува или експертот и публиката.

Соговорниците (интервјуирачот и интервјуираната личност) се многу заинтересирани за интервјуто, но секој од различни причини. Понекогаш ситуацијата е таква што двете страни соработуваат и текот на интервјуто се одвива непречено, но се случува тој однос да биде нарушен и интеракцијата да биде доведена во прашање, особено ако интервјуирачот сериозно го поткопа позитивниот имиџ на интервјуираната личност.

Врз основа на прашањата, аудиториумот може да види дали интервјуирачот се однесува професионално и човечки кон интервјуираната личност. Оваа дефиниција во фокусот ги става учесниците во интервјуто, нивниот статус, а потоа комуникацијата. Изостанува инсистирањето на комуникативните акти, на прашањата и на одговорите. Класичното интервју за медиумите е во функција „нешто ново да се соопшти и тоа да биде соопштено на начин кој го разбира интервјуираната личност“.

Она по што се разликува медиумското интервју од сите други новинарски жанрови е неговата презентација. Целта е да се презентираат некои информации до аудиториумот на поатрактивен начин отколку што е можно со користење на монолошките новинарски форми. Кога се става акцентот на презентирањето, тогаш во дефиницијата на интервјуто се вметнува и публиката како подеднакво важен учесник бидејќи информирањето е токму наменето за публиката.

Класичната методологија за класификација на интервјуата ги вметнува во три главни групи: класично интервју (важни личности за кои прашањата се доставуваат и порано), комбинирано интервју (интервју-портрет, интервју-профил, интервју-репортажа) и импровизирано интервју (без подготовка, ненадејно интервју, надвор од студио, само во електронските медиуми). Во оваа поделба се вклучени три критериуми, но не истовремено за секоја категорија: начин на подготовка, личноста која ја гради приказната и место на интервјуирање. Сепак, оваа класификација е премногу општа и недостасуваат специфични карактеристики и особини на интервјуирањето.

# Коментар

Коментарот е заеднички термин за голем број аналитички и ангажирани жанрови, кои му даваат на новинарството највисока експресивна вредност. Основното значење на коментарите е толкувањето, објаснувањето на нешто што не се гледа на површината. Добрата аргументација и остриот јазик се важни за коментарите. Се смета за најкомплексен новинарски жанр и секогаш има, без разлика дали позитивен или негативен, убедувачки предзнак. Коментарот во весниците е вообичаено краток, околу 80 редови во зависност од форматот на весниците, а во електронските медиуми до 2 минути. На средината од коментарот, коментаторот го креира заплетот. Аргументира за или против презентираните тези во воведот. Ги наведува податоците, фактите (можат да бидат социјални врски, причината за појавата на феноменот, одговорноста што треба да се посочи), споредува и објаснува. Во коментарот е важно да нема наведено многу општи работи и сè што е општо во самиот коментар треба да се однесува на нешто конкретно или на некоја конкретна личност. Инаку, тоа ќе биде само празна приказна. Овде доаѓа до израз знаењето, општата култура и добрата информираност на коментаторот. Во овој дел тој го привлекува аудиториумот кон неговите ставови. Заклучокот на коментарот може да има само една ефективна реченица или цел параграф, но не повеќе. Добро е авторот да биде категоричен, јасен, може да употреби и афоризми, ако авторот има афинитет за оваа форма на изразување, но не на сила да биде хумористичен бидејќи тоа го убива секој коментар.

Заклучокот може да мобилизира (да иницира акција која ќе придонесе за санирање на состојбата) или да поднесе сметки за одредена ситуација; или да се заврши со добро одмерено прашање. Во секој случај, крајот не треба да биде наметлив и морализаторски, посебно да не заклучува многу врз основа на ништо. Најлошо е кога коментарот ниту осудува, ниту пак фали некоја состојба, туку е неодреден во својот став. Исто така, погубно во коментарите е триумфот на една страна во однос на друга, пренесување закани од едни за други, подбивање од страна на едни на сметка на други, како и ароганцијата во презентирањето на аргументите. Коментарот е заеднички именител за подвидови како што се уводниците, освртите, белешките, колумните на познати новинари, критиките, рецензиите на уметнички дела (книги, драми, филмови, изложби).

Различни теоретичари наведуваат различни класификации на коментарите. Најтипични се: полемичен, аналитички, хумористичен, интерпретативен, критички, синтетички или истражувачки коментар. Во полемичниот коментар, веднаш по воведот, коментаторот зазема спротивставен став и го брани со аргументација до крај; а во заклучокот целосно ја оспорува тезата од воведот. Аналитички е оној коментар во кој коментаторот ја дели во сегменти тезата

во воведот и презентира аргументи за и против, ги расветлува проблемите од неколку правци, во потрага по причините и последиците. Кај хумористичниот коментар има целосно сериозен вовед, а потоа тезата се оспорува на ироничен и хумористичен начин. Сè се докажува дека е спротивно од првичното тврдење доведувајќи го до апсурд истото, притоа употребувајќи хумористични елементи. Во овој тип на коментар најважно е да се одреди границата на добриот вкус. Интерпретативниот коментар е всушност посеопфатен формат од приказот. Новинарот ги користи постоечките документи (закони, книги, одлуки и сл.) кои на јавноста треба да ѝ ги објасни на популарен начин. Потешки форми на коментарот се критичкиот коментар, синтетичкиот или истражувачкиот коментар за кој новинарот мора да најде нови факти.

## Критика

Критиката е жанр речиси идентичен со коментарот, но во пракса критика се нарекува коментар во полето на уметноста и културата во потесна смисла. Во тој контекст се пишува и театарска критика, литературна критика, музичка критика итн. Критиката е експертска активност, па затоа неопходно е новинарот да биде многу образован во полето на онаа уметност за која пишува критики.



## Осврт

Кога се пишува осврт на уметничко дело (на пример, театарска претстава) се пишува за содржината, за актерите, за режисерите... Сепак, мора да има некој детал (на пр. сценографија или музика) на кој ќе му се посвети посебно внимание, на кој ќе му се даде повеќе простор (реченици), за кој ќе се изнесат повеќе детали.

Може посебно внимание да се даде и на зборовите на некој говорник или некој неочекуван настан. Важно е да се истакне дека во освртот се презентираат и нашите ставови, лична проценка и делумно коментар за она што се случило. Затоа понекогаш тоа го нарекуваме и коментар. Основна карактеристика е тоа што станува збор за преоден жанр меѓу т.н. описно и аналитичко новинарство. Освртот содржи оценка, односно субјективен став на новинарот врз основа на презентираните аргументи.

П

## Приказ

Приказот е информативен новинарски жанр кој објективно ги опишува мртвите предмети (пронајдоци, уреди, книги итн.) без притоа да се вметнува личниот став на новинарите. Кога се пишува приказот се вметнува она што содржи книгата, за што пишува авторот на книгата, нешто за авторот, неговите претходни дела. Сепак, при пишувањето не се оценува квалитетот на книгата, ниту се дава личен коментар: дали е добра или не, што треба да се промени... Во приказот треба да се остане сосема објективен. Приказот мора да биде сеопфатен, комплетен, исцрпен, така што читателите можат да добијат приближна слика на она што се прикажува. Ако се прикаже уметничка изложба, тогаш крајна цел ќе биде читателот да ја посети изложбата.

Р

## Рецензија

Станува збор за сериозен приказ на некоја книга или литературно дело. Во овој новинарски жанр темелите на книгата продлабочено се обработуваат олеснувајќи им ја на читателите „средбата“ со тоа литературно дело. Рецензиите имаат улога на своевидни водичи низ научната и уметничката литература, со цел да им се помогне на читателите да избегнуваат шунд, кич, дела со слаб квалитет, а вредната и онаа „потешка“ литература полесно да ја разберат. Рецензија не може да напише кој било новинар-почетник бидејќи за нејзино пишување се бара искуство, добро образование, знаење од науката и аргументацијата и секако добар стил.

С

## Соопштение

Станува збор за посебен вид на извештаи (коминикеа). Со право може да се дебатира дали станува збор за поткатегорија на извештај или изјава. Соопштенија „издаваат“ официјални институции, што значи дека не се креираат во редакциите. Сепак, редакциите често ги добиваат со барање да бидат објавени, така како што се напишани. Во реалноста, редакциите не ги почитуваат овие барања строго. Соопштенија, на пример, испраќаат министерствата на владите, потоа политичките партии, разни организации, здруженија на граѓани, кога сакаат да соопштат на јавноста свој став, мислење, да отфрлат некое тврдење или да се оградат од некоја политика, да известат за заклучоци од затворени состаноци. Во меѓународните односи, при државна посета, соопштенијата се честа појава иако

можеби и не најдобар начин за комуникација со јавноста. Кога надворешната и внатрешната политика е полна со контроверзи, бројот на вакви соопштенија се зголемува.

Тие претставуваат „заеднички“ став на некој колектив, а изјава за јавноста дава некоја индивидуа во име на целата организација. Соопштенијата обично се соодветно означени, на пример, во наднасловот од левата страна или текстуално или графички така што читателите можат јасно да направат дистинкција помеѓу новинарски од неновинарски текстови.

Во аудиовизуелните медиуми исто така се истакнува во текстот кој го чита спикерот (неутрален, формален јазик) дека тоа не е новинарски текст. Соопштенијата, особено кога станува збор за меѓудржавни работи, се пишуваат со многу внимателно избран вокабулар, на протоколарен јазик. Таквите соопштенија не треба да се скратуваат без консултации со оние кои се специјализирани за следење на надворешна политика во редакцијата.

## Статија

Статијата спаѓа во редот на коментари и критики бидејќи исто така објаснува, но во областа на науката и технологијата. Статијата мора да има добра научна структура и аргументација, да докаже или да негира - мора да содржи податоци, упатства и аргументи кои треба да бидат правилно искористени со цел да ја потврдат или отфрлат тезата која се обработува. Статиите се поучни, особено кога станува збор за нови пронајдоци, лекови, патенти.



## Фељтон

Фељтонот има големи сличности со есејот и му припаѓа на публицистичкиот тип на новинарски жанрови. Станува збор за типично импресионистичка форма на изразување, па затоа е лесна, интересна, забавна и полна со ефекти. Секогаш мора да има своја поента или друга завршница (крај) со основната порака. Се развива во две насоки, просторен како постојана рубрика, а другиот како посебен вид на новинарски израз. За разлика од другите жанрови, фељтонот најчесто е во продолженија.

## Фичер

Се смета за кратка репортажа. Фичерот (feature, англ.) се занимава со една епизода, еден настан кој се опишува со белетристички средства на изразување, за разлика од репортажата во која се обработуваат неколку епизоди или настани/случувања. Во композициска смисла, фичерот е еднаквов на репортажата, но овде сите елементи се максимално збиени. Воведот има малку зборови, потоа следи настанот, од кој произлегува заклучокот-поентата. Токму затоа со малку зборови треба многу да се каже. Од овие причини се бара голема способност на опишување, но и професионалност и слух за големи теми за кои се пишува во скратена форма. Во тематска смисла, фичерот може да биде разновиден. Концептот фичер е англиски збор за кратки текстови, каде не се даваат само факти туку и атмосфера, интересни детали, кратки описи со литературни средства.



## Цртица/Општествена хроника

Општествената хроника е кратка, авторска форма, речиси исклучиво наменета за печатените медиуми. Таа објаснува, интерпретира и дава оценка. Изборот на темата е најважен. Општествената хроника често ги обработува „малите нешта што значат живот". Случувањата од секојдневниот живот, незаконското делување, маките со кои луѓето околу нас се соочуваат, но не можат да се справат бидејќи немаат општествена моќ, се доволен мотив да се напише една цртица. Таа треба да ја наведе публиката да се соживее со „главните актери" и да ги мобилизира на акција. Новинарите кои ќе одлучат дека одредена тема треба да добие третман на општествена хроника мора да имаат склоност кон книжевно изразување. Многумина од нив ги собираат овие текстови и ги објавуваат во форма на книга. Се смета како една од варијантите на коментарот, но од овој жанр се разликува по тоа што обработува настан и/или некој општествен феномен. За жал, оваа форма поради својата комплексност, полека ја снемува од страниците на модерниот печат, кој сè повеќе добива таблоиден израз.

*Во продолжението ќе наведеме и термини кои не припаѓаат на формите на новинарско изразување, но за разбирање на новинарската професија и улогата на медиумите се многу важни да се наведат и да се објасни нивното значење. Концептите се наредени по азбучен ред.*

В

## Видови медиуми

За медиумите велат дека се највлијателните канали за комуникација, бидејќи тие не само што имаат моќ нивните пораки да ги пренесат до најголем број на луѓе, туку исто така имаат моќ да го креираат јавното мислење. Под медиуми, во најширока смисла, се подразбира секој канал за пренос на пораки и информации од комуникаторот до примателот. Тоа е секое средство преку кое се пренесува информација низ просторот и времето, од изворот до примачот. Медиумите посредуваат, во големи количини, пораки и информации до масовната публика. Терминот се користи за сè она што дифузира информации за да поттикне што е можно повеќе лица.

Во современа смисла медиумите се: печат, радио, телевизија, филм, компјутерски и сателитски технологии. Постојат неколку квалификации на медиуми, па J. Cloutier ги дели медиумите во три групи: 1. Мас-медиуми, кои посредуваат пораки до пошироката публика 2. Медиуми кои посредуваат информации до одреден круг на корисници, како на пример весници во една компанија, локално радио, проектор во училница, звучник на стадион... 3. Индивидуални медиуми, кои се користат од едно лице, тоа е персонален компјутер, камера, ЦД.

Преку медиумите можно е да се комуницира со користење на различни алатки за комуникација. Техничките иновации во печатот што следеа во 19-тиот век се поврзани со почетоците на мас-медиумите. Нивниот развој од печат, радио, телевизија, филм, плоча и ЦД-а, а во последните години и ДВД-а во 20-тиот век имаа големо влијание врз промените во економски, политички, социјални и образовни институции и односи, па во англосаксонскиот свет ги нарекуваат „четврт столб на власта" (fourth estate).

Медиумите влијаат на публиката, како во стилот на животот, така и во формирањето на ставовите. И публиката влијае на медиумите и наметнува промени во согласност со нивните потреби. Во новото модерно време, традиционалните медиуми се обидуваат да ја адаптираат и да ја надополнат својата понуда преку поврзување со нови медиуми.

Најшироката поделба на медиумите е според начинот на кој тие се дистрибуираат до јавноста, па ги делиме на печатени, радио, телевизиски и електронски медиуми или интернет. Во оваа публикација ќе ја направиме поделбата на традиционални: печат, радио, телевизија и модерни, односно он-лајн медиуми со цел да објасниме како публиката влијае во креирањето на нивните медиумски содржини.



## Говор на омраза

Радикалните форми на неприфатлив говор во кој отворено се повикува на насилство врз одредени социјални групи е најкратката формулација на она што се подразбира под терминот говор на омраза. Постојат неколку дефиниции за говор на омраза - една од нив е онаа во препораките на Комитетот на Советот на Европа: „говорот на омраза ги вклучува сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани на нетолеранција, вклучувајќи и нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, мигрантите и луѓето од имигрантско потекло“.

Говорот на омраза беше регулиран првенствено со меѓународните правни акти. Откако Повелбата на Обединетите нации, донесена во 1945 година во членот 2 ги обврза државите „да ги почитуваат човековите права и основни слободи на сите, без разлика на расата, полот, јазикот или религија“, членот 5 од Универзалната декларација за човекови права (1948) определи дека треба да се инкриминираат сите ширења на идеи засновани врз, меѓу другите нешта, расна супериорност или омраза, а слична обврска за државите е предвидена и во членот 4 од Меѓународната конвенција за елиминација на расна дискриминација. Изречна забрана за говор на омраза е утврдена во членот 20 ст. 2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права: „Со закон треба да се забрани секакво залагање за национална, расна или религиозна омраза која претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство.“

За справување со говорот на омраза се донесени повеќе акти и незадолжителни документи (резолуции, препораки и сл.) на органите и телата на Советот на Европа и Европската унија, вклучувајќи ги оние чиј мандат е насочен против такви злоупотреби на слободата на изразување (на пример, Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI)).

Во Уставот на Република Македонија не постои експлицитна забрана на говорот на омраза, иако Уставот нуди заштита од дискриминација по неколку основи. Членот 20 од Уставот е единствената уставна одредба во која е наведен зборот „омраза“: „Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.“

Говорот на омраза е санкциониран со Кривичниот законик (КЗ), чиј член 394-г („Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“) во ставот 1 предвидува казна затвор од една до пет години за „[т]ој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување.“ Говорот на омраза често доведува или се заканува да доведе до кривични дела од омраза, или резултира со создавање омраза меѓу одредени општествени групи, па оттаму битна е инкриминацијата од членот 319 од КЗ – „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“, чиј став 1 гласи вака: „1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост, ќе се казни со затвор од една до пет години.“

Кога станува збор за ширење омраза преку медиумите, ова е посебно опфатено со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги каде омразата е наведена во членовите 45 и 48.

Во членот 45, кој се однесува на „Ограничување на прием и реемитување на аудио/аудиовизуелни медиумски услуги од други држави“, во ставот 2 стои: „Мерките од ставот 1 на овој член во однос на програмските сервиси на радиодифузери ќе се преземат доколку: - програмските сервиси на радиодифузери од други држави очигледно, сериозно и тешко ги прекршуваат одредбите од членовите 48 и 50 од овој закон и поттикнуваат расна, полова, верска или национална омраза и нетрпеливост.“

Во истиот член во ставот 3 продолжува: „Мерките од ставот 1 на овој член ќе се преземат во однос на аудиовизуелните медиумски услуги по барање доколку

се исполнети следниве услови: - мерката особено е неопходна за заштита, истражување, откривање и гонење на кривични дела, вклучувајќи ја и заштитата на малолетниците и борбата против поттикнување на омраза врз основа на раса, пол, религија или националност, како и за повреда на човечкото достоинство на поединците, заштита на јавното здравје, јавната безбедност, вклучувајќи ја и заштитата на националната безбедност и одбрана, како и заштита на потрошувачите, вклучувајќи ги и инвеститорите".

Во членот 48 од истиот закон е наведена и посебна забрана која гласи: „Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност."

Исто така омразата е наведена и во Законот за медиумите, во членот 4, каде стои:

> „(1) Забрането е со објавувањето, односно емитувањето на содржини во медиумите да се загрозува националната безбедност, да се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, да се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, да се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.
>
> (2) Посебните забрани од ставот 1 на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права."

Говорот на омразата е наведен и во Кодексот на новинарите на Македонија како еден од етичките принципи до кои треба да се придржуваат новинарите.

Во точката 10 од Кодексот е наведено: „Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)"

## Граѓанско новинарство

Граѓанското или, како што уште го нарекуваат, партиципативно новинарство е вид на новинарство каде граѓаните играат активна улога во процесот на собирање, анализирање и ширење на вестите и информациите.

Целта е граѓаните кои учествуваат во овој процес да истражат настан или да обезбедат информации директно од местото на настанот. Блогирањето, видео блогирањето, собирањето вести и споделување на содржини преку интернет се само некои од формите на граѓанско новинарство кои ги овозможува иновативна Web 2.0 технологија. Сето ова може да се смета за новинарство, дури и ако остане на ниво на едноставно набљудување на важен настан на самото место.

Сепак, постојат многу сомнежи за тоа дали медиумите можат да ги прифатат граѓанските новинари; новинарите се скептични - не може граѓанин со ножици и скалпел да биде хирург. Во светот, овој феномен сè повеќе се прифаќа и сè повеќе и повеќе медиуми вклучуваат граѓани во процесот на креирање на нивните вести. Кај нас, може да се каже дека граѓанското новинарство не е премногу развиено.

Д

## Дерегулација

Намалувањето на влијанието на државата врз слободниот пазар се смета за процес на дерегулација. Ова најчесто се однесува на намалување на бројот, обемот и областа на делување на законите кои ги регулираат општествените процеси, протокот на стоки, луѓе и услуги, како и во областа на медиумите и медиумското претприемништво. Кога станува збор за телевизија, терминот најчесто се поврзува со укинувањето на монополот на јавните радиодифузери во Европа и појавувањето на приватни станици, што исто така значеше откажување од државната контрола во медиумската сфера. Наместо извршната власт, вообичаено се воведуваат надзорни тела, кои обично се означуваат како независни.

Е

## Етички кодекс

Етичките кодекси на однесување ја дефинираат јавната работа, правата и

обврските на новинарите, обезбедувајќи јасни упатства како новинарите најдобро да ја вршат својата работа. Етиката подразбира објаснување на моралните чувства и критериуми за добро и праведно однесување. Се разликува од поимот „морал“ бидејќи етиката не е само морал туку одраз на моралот (Томас 1998, 18). Имињата на овие кодекси можат да се разликуваат: етички стандарди, етичка повелба, кодекс на однесување, кодекс на професијата, етички кодекс итн. Меѓутоа, сите тие имаат иста цел: да ја заштитат автономијата на професијата и да служат на интересите на јавноста. Новинарскиот кодекс содржи универзални правила кои можат да се применат во сите делови на светот, бидејќи новинарството како професија се базира на универзалното добро, а тоа е вистината. Новинарите кои го почитуваат кодексот не можат намерно да направат грешка во своето известување и да предизвикаат штета во јавноста. Новинарството е високо етичка професија, а Кодексот ги воспоставува правилата на новинарската етика.

Кај нас постои Кодекс на новинарите донесен од Здружението на новинари на Македонија.



## Извори на информации

Новинарите и медиумите имаат право на пристап до информации и не можат да работат без извори на информации. Дури и ако новинарите самите откријат некои случувања или настани, потребни им се извори за да ги потврдат или да ги негираат откритијата. За да дојдат до информации новинарите пребаруваат низ документација, набљудуваат, интервјуираат... Во тој контекст нивни извори на информации може да бидат институции, организации, групи или поединци кои имаат јавни овластувања и законска обврска да обезбедат официјални информации за некој настан, документација, архиви, а во одредени ситуации (несреќи, демонстрации, итн.) како извор на информации може да бидат и очевидци на некој настан....

Кога станува збор за извори на информации, новинарите треба да ги почитуваат професионалните стандарди на известување како темел врз кој ќе се гради кредибилитетот на објавените информации или изворите врз кои новинарите се потпираат и кои се наведени. Освен што треба да одговорат на основните прашања: кој, што, каде, кога, зошто и како, мора да биде вклучена и втората страна на приказната, постојано да бараат нови и неповрзани извори за да обезбедат релевантни факти, соговорници, фотографии, извештаи на релевантните органи и институции и слично. Кога известуваат и коментираат

за контроверзи, новинарите ќе настојуваат да ги слушнат и да ги претстават сите страни во спорот. Ако едната страна одбие да му овозможи на новинарот да добие информации, новинарот може да го наведе ова одбивање во својот извештај. Почитувајќи ги професионалните стандарди, новинарите, секогаш кога е можно, се потпираат на отворени, идентификувани извори на информации. Веста и извештајот како најчести новинарски жанрови во дневното новинарство подразбираат барање и наведување на најмалку два меѓусебно неповрзани извори на информации. Преку новинарски форми, како на пример коментари и осврти, пишувачот ја претставува својата вредносна проценка за настан, појава или лице за која е важна добрата аргументација.

Интервјуата, изјавите и соопштенијата за печатот се новинарски форми каде што самите учесници се извори на информации, тие доброволно се согласуваат да кажат што знаат и што мислат за она за што се компетентни. Новинарот не треба да манипулира и да ги искривува изјавите, интервјуата или смислата на соопштението.

Тука е важно да се напомене дека новинарите имаат должност да го заштитат идентитетот на оние кои се согласуваат да дадат информации, но во доверба. Правото на новинарите да го заштитат својот извор на доверливи информации е важен аспект на правото на слобода на изразување.

Сепак, анонимноста на изворот може да се гарантира само ако изворот има материјален доказ за тоа што го тврди, инаку новинарот го доведува во прашање и сопствениот, но и кредибилитетот на професијата воопшто.

Правото на граѓаните да добијат информации е едно од темелните вредности на демократијата, а обврска на Владата и на сите други институции е да овозможат пристап на јавноста до сите релевантни информации (освен ако е законски пропишано дека станува збор за класифицирана информација). Новинарите имаат право на слободен пристап до сите извори на информации, како и право слободно да ги истражуваат сите настани кои имаат влијание врз јавниот живот.

## Импресум

Терминот импресум често се користи од страна на медиумите, но многумина не го знаат неговото значење. Коренот на зборот е латински и самиот збор значи нешто што е втиснато. Всушност импресумот е законска обврска која се однесува пред се на печатените изданија и тој содржи податоци за тоа кој е издавачот на

одредено списание, весник или книга, кој е одговорен уредник, како и местото и годината на издавање.  Медиумите мора да имаат свој импресум. На пример, во печатот, еден импресум би требало да содржи име и презиме на издавачот на тој весник, управител, име и презиме и контакт на главниот уредник и уредниците на рубриките и, не секогаш, името и презимето на сите новинари и соработници, на лектори и слично. Во западните медиуми, често се наведува и името на лицето одговорно за жалби и поплаки до тој медиум со цел да се зголеми можноста за реакција од читателите, но и поголема одговорност на самата редакција.

Честа појава во нашата земја е онлајн медиумите да немаат свој импресум, а со тоа е тешко да се утврди кој е одговорен за содржината објавена на одредена веб страница. Ова е голем предизвик при евентуални судски постапки поврзани со овие медиуми.



## Јавност и јавно мислење

Според сè уште актуелната дефиниција на Херберт Блумер од 1947 година, јавност е група на луѓе кои: а) се соочуваат со проблем, б) поделени се за решавање на проблемот и кои в) дискутираат за ова прашање. Еден од најпознатите теоретичари на терминот „јавност", Јирген Хабермас, во своето дело „Структурни промени за јавноста" (1989), јавноста ја дефинира како област на посредување меѓу граѓанското општество и државата. Од 1990-тите, вообичаено се верува дека учеството на јавноста е една од главните алатки за комуникација, важни и при донесување на конечната одлука. Под јавност припаѓаат сите граѓани и здруженија на граѓани кои размислуваат и кои комуницираат во заедницата во која што живеат, а ова размислување го формулираат во критика и отфрлање, сугестии и прифаќање, кои јавно ги изразуваат и ги застапуваат, а со тоа се обидуваат да влијаат врз јавното мислење. На овој начин, тие всушност го формираат јавното мислење. Јавното е спротивно на приватното, односно тоа е она што се однесува на луѓето, она што им припаѓа на луѓето, се однесува или влијае врз нацијата, државата или општеството. Значи, јавноста е група на луѓе кои имаат заеднички интерес за одреден субјект.

Под поимот јавно мислење често се подразбира акумулација на поединечни ставови на некоја тема. Бидејќи секогаш постојат различни мислења за нешто исто, во плуралистичкото општество не можеме да зборуваме за едно јавно мислење, туку за јавни мислења.

Јавното мислење е израз на моќ, како во политичка така и во општествена

смисла. Предуслов на секое современо модерно демократско општество е постоење на јавноста и на јавното мислење, бидејќи без постоење на политичка слобода не може да постои ниту јавноста. Таа била создадена заедно со слободата на печатот, односно со публицитетот. Сигурно може да се каже дека јавноста е поширок концепт од концептот на јавното мислење, бидејќи мислењето се формира во центарот на јавноста во кој граѓаните слободно се здружуваат и, исто така, се чувствуваат слободни да го искажат своето мислење. Според тоа, јавноста е општествениот и политичкиот простор во кој се создава и делува јавносто мислење.



## Коментари

Овде првенствено се мисли на коментари како реакција на публиката на објавени новинарски содржини. Во овој случај, публиката дава повратни информации, ги праќа своите пораки и реакции. Пред само 30 години, начинот на дистрибуција на вестите, на пример, во печатените медиуми беше таков што речиси беше невозможно да се добијат повратни информации од читателите.

Сепак, развојот на технологијата неповратно го промени односот помеѓу издавачите, новинарите и читателите на медиумските содржини. Интернетот денес овозможува повратни информации во реално време, публиката е полноправен учесник во јавната дебата, а не само пасивен примач на информации. Коментарите на корисниците денес се незаменлив дел од онлајн-медиумите, овозможуваат јавноста да го изрази своето мислење за содржината на статиите и тоа како поддршка, како критика или на кој било друг начин, па дури и на жесток начин. Ова често значи и ширење на говор на омраза на интернет страниците. Денес медиумите се обидуваат да го спречат тоа со бришење на коментарите или модерирање во случаи каде станува збор за навредливи, хушкачки или содржини кои повикуваат на омраза и насилство.

## Конвергенција

Наједноставно и најразбирливо дефинирање на овој термин е тоа дека претставува поврзување помеѓу медиумите, телекомуникациската, компјутерската и информатичката технологија. Медиумската конвергенција е процес базиран на дигитална технологија која полека, но сигурно ги укинува традиционалните граници меѓу медиумите. Што всушност значи тоа? Од технички аспект,

медиумските содржини кои некогаш беа објавувани преку различни платформи: книги, весници, списанија, фотографии, грамофонски плочи, магнетна лента, филм, радио, телевизија, видео игри, со развојот на дигиталната технологија сега може да бидат дистрибуиран истовремено со помош на еден уред.

Исто така, различни видови на технолошки платформи како што се сателитски, антенски и кабелски мрежи се поврзани на интернет, но во исто време, некогаш различните форми на медиуми - радио, телевизија, весници се спојуваат во мултимедијални содржини. Некогаш технологијата беше комплицирана и скапа, а ресурсите и фрекфенциите беа ограничени, со што бариерите/препреките за влез во медиумскиот сектор беа многу големи. Во дигиталната ера нема недостаток на фреквенции на интернет.

Директна последица на сето ова беше популаризацијата и проширување на интернетот како универзална дигитална медиумска платформа. Конвергенцијата на медиумите поттикна создавање на целосно нови индустрии и нови услуги, овозможи производство на нови медиумски содржини и доведе до дигитална трансформација на традиционалните медиумски компании. Дигитализираната содржина доведе до одвојување на содржината од класичните форми на нејзина дистрибуција. На пример, „Apple", компанија која е позната по производство на компјутери и паметни телефони, стана најголем дистрибутер на музички содржини во светот, а „Google" со својот интернет пребарувач стана клучен фактор во пристапот до јавните вести и телевизиска содржина.

Како последица на медиумската конвергенција, се создаде уште една промена - промена на оние кои произведуваат и дистрибуираат содржини. Пред неколку години, само професионални новинари беа во можност да објавуваат информации. Денес секој може да креира содржина и да ја дистрибуира до глобалната публика, при што речиси да нема трошоци.

## Корегулација

Корегулацијата правно ги поврзува саморегулацијата и националниот регулатор со цел да се обезбеди можност за вмрежување на регулаторите во случај кога целите утврдени со закон не се исполнети. Во некои случаи, некои економски субјекти исто така имаат улога како и националното регулаторно тело. Корегулацијата е инструмент кој во пракса почесто се применува од саморегулирањето бидејќи националното регулаторно тело е директно вклучено

во процесот на креирање на правната регулатива, но исто така и следење на нејзиното спроведување. Корегулацијата може да биде ефективна алатка за постигнување на целите на регулаторната рамка, особено кога станува збор за заштита на малолетници и рекламирање во електронски медиуми.

Л

## Лажни вести

Лажните вести ги дефинираме како намерно измислени приказни пласирани како да станува збор за професионално изработен новинарски текст, а нивната крајна цел е манипулација на читателот. Некогаш се пласирани и како лажни сензационалистички информации, маскирани како нормално медиумско известување.

Тие се еден вид на пропаганда, креирана користејќи дезинформации и измами објавени во јавноста преку весниците или социјалните мрежи. Најчесто се објавуваат заради дезинформирање и заплашување на јавноста или како пародија, сатира или едноставно да привлечат внимание (сензационализам). Во последниве години, лажните вести се шират со алармантна брзина и сериозно го загрозуваат угледот на медиумите и напредокот на демократијата.

На почетокот на 2018 година, Европската унија формираше работна група која треба да придонесе за идентификација на лажни информации и која ќе предложи начини за решавање на проблемот. Врз основа на независен извештај од март 2018 година, Европската комисија ги дефинираше дезинформациите како: „лажни или погрешни информации кои се проверливи, а кои се креираат, се пласираат и се шират за економска корист или за намерна измама на јавноста предизвикувајќи јавна штета".

Во април 2018 година, Европската комисија предложи мерки за борба против дезинформациите на интернет, вклучувајќи кодекс за борба против дезинформации на ниво на Европската унија, како и поддршка на независна мрежа на проверувачи на факти. Предложени се и серија мерки за поттикнување на квалитетно новинарско известување и унапредување на медиумската писменост.

Констатирано е дека дезинформирањето не е нов начин на политичко влијание, но дека новите технологии, особено дигиталните, овозможуваат ширење на дезинформациите, преку интернет, на начини кои се закана за европските

вредности и безбедност. Комесарот за дигитална економија и општество Марија Габриел рече: „Ги повикуваме сите страни, особено платформите и социјалните мрежи, кои имаат јасна одговорност, да дејствуваат во согласност со акцискиот план и заедничкиот европски пристап со цел да им се овозможи на граѓаните ефикасна заштита и средства за самозаштита од дезинформации. Ќе го следиме напредокот и ако резултатите не се задоволителни, до декември ќе предложиме дополнителни мерки.“ Во рамки на Европската унија, лажните вести веќе се третираат како сериозна закана за безбедноста.



## Медиумска писменост

Како да се читаат и како да бидат прифатени информациите што се пласирани во јавноста, како да се оцени која е вистинита, а која лажна информација, дали е пласирана со цел преку неа да се манипулира јавноста поради одреден интерес, на кои извори да им се верува, кому да му се верува? Сите повие прашања ни се наметнуваат во секојдневието. За да се одговори на овие прашања, потребно да се разбере медиумската содржина, критички да се анализира, да се открие од каде потекнува информацијата, чии интереси се истакнуваат и дали постои алтернатива. Концептот на медиумската писменост е дефиниран на конференцијата за медиумска писменост во 1992 година и тоа како: „способност да се пристапи, да се анализира, да се вреднува и да се пренесе порака преку медиумите“. Во фокусот на медиумската писменост е владеење на знаењата и вештините кои им помагаат на граѓаните постојано да поставуваат прашања, да се препознаат вистинските одговори, да се развие критички став кон медиумите, критичко расудување врз основа на достапните информации, развивање на вештини да се избере соодветен медиум, но и способност за самоизразување преку создавање или производство на сопствени медиумски содржини. Зошто е потребна медиумската писменост?

Пред сѐ поради изложеноста на голем број на медиуми, особено на интернет, и на бранот на непрегледни и различни информации, бранот на лажни информации, дезинформации и пропаганда кои можат брзо да се шират низ интернет и други медиуми, поради општествените и политички последици кои ги носат, да се спречат можните штетни ефекти од изложеност на овие информации и медиуми.

УНЕСКО во 1964 година на меѓународно ниво, го покрена прашањето на новата писменост - писменост за соживот со медиумите. Модерните сфаќања за писменост мора да вклучуваат знаење за медиумите бидејќи медиумите се

важен фактор на социјализација, извор на информации, смислата за слободно време, креатор на масовната култура, извор на забава, но исто така и различни видови на фрустрација.

Заради ова, на Меѓународен симпозиум на медиумите во 1982 година во Grünwald во Германија, 19 европски земји усвоија Декларација за медиумска едукација, која ги дефинира концептот и целите на медиумското образование. Во Декларацијата се нагласува важноста на овој вид на едукација преку која младите луѓе ќе се подготват за одговорно граѓанско однесување и зголемување на критичка свест кај публиката.

Постојат различни дефиниции за медиумска писменост. Според дефиницијата на Експертската група за медиумска писменост на Европската унија, таа ги опфаќа сите технички, когнитивни, социјални, граѓански и креативни вештини и знаења кои им овозможуваат на граѓаните пристап до критичко разбирање на медиумите и можност за интеракција со нив.

Холандската организација Mediawijzer.net, добитник на наградата за медиумска едукација на Евенс Фондацијата за 2015 година, ја дефинира медиумската писменост како „збир на вештини што ви требаат за активно и разумно да учествувате во медиумското општество, а тие вклучуваат вештини за разбирање, употреба, комуникации и стратегии“.

Меѓународни организации и ЕУ ја нагласуваат важноста на медиумската писменост преку документи како што се Декларацијата за медиумска едукација и преку Директивата 2007/65/ЕС и 2010/13/ЕУ ги обврзува земјите-членки на ЕУ да даваат извештаи за медиумската едукација и медиумската писменост на секои три години.

Соња Ливингстон, водечки експерт за медиумска писменост, го опишува ова како неправолиниски, динамичен процес на учење, во кој секоја компонента ги поддржува останатите: „Учењето како да се креира содржина им помага на луѓето да ја анализираат и содржината која е создадена од страна на други; вештините како да се анализира и да се вреднува ги отвораат вратите за нови начини на користење на интернет, поширок пристап и така натаму“. Рене Хобс и Ејми Јенсен, исто така, познати експерти од областа на медиумската писменост, како важни животни вештини ги истакнуваат и способноста да се анализираат вести и реклами, преиспитување на општествената функција на музиката, разликувањето на пропаганда, мислења и информации, преиспитување како се прикажуваат родот, расата и класата на луѓе во забавните и информативни медиуми, разбирање на влијанието на бизнисот и сопственичката структура врз

медиумите, и испитување како се прикажува насилството и сексуалноста во медиумските пораки.

Информатизацијата и компјутеризацијата се само дел од медиумската писменост. Освен тоа, медиумската писменост вклучува: учење за различни медиуми - печат, радио и телевизија; историски, производствени и економски принципи на функционирање; кој ги поседува и контролира медиумите, што е концентрацијата на медиумска сопственост и нејзините последици како и знаења и вештини за критичка анализа на концентрацијата на општествена моќ, осиромашување и комерцијализација на содржините.

Медиумската писменост е еден од основните елементи на граѓанската писменост, бидејќи медиумите се важен канал за информирање, комуникација помеѓу граѓаните и јавната власт и влијаат на формирањето на јавното мислење и ставовите на граѓаните.

Како резултат на тоа, медиумската писменост се смета за една од клучните компетенции на 21-от век, ја препознава важноста на развојот на вештините кај граѓаните, не само на нивниот пристап до медиумите, но исто така и на нивното разбирање. Важноста на медиумската писменост ја истакнува Еверет Денис опишувајќи ги штетните ефекти од медиумската неписменост. Тој нагласува дека медиумската неписменост е потенцијално штетна и токсична за човечкиот дух како што се штетни загадената вода и храна за нашето физичко здравје.



## Одговорност при јавно изразување

Слободата на говор и изразување е основно човеково право преку кое се овозможува остварување, но и заштита на другите човекови права и слободи. Европската конвенција за човековите права и основните слободи (ЕКЧП) секому му го гарантира правото на слобода на изразување.

Членот 10 од ЕКЧП во првите две реченици од ставот 1 секому гарантира право на слобода на изразување, што „вклучува слобода да се имаат мислења и да се примаат и соопштуваат информации и идеи без мешање од јавна власт и без оглед на граници.“

Остварувањето на правото на слобода на изразување ги покажува демократските капацитети на едно општество. Создавањето на граѓанско и демократско општество не би било возможно без можноста за слободно изразување.

Сепак, слободата на изразување не значи немање никаква одговорност за содржината на тоа што се кажува, за тонот на искажаното мислење и за каналите преку кое тоа се пренесува. Говорот на омраза секако не е предмет на заштита на Европската конвенција за човекови права, но и други форми на изразување може да подлежат на ограничувања кога станува збор за остварување на правото на слобода на изразување.

Ставот 2 од членот 10 од ЕКЧП утврдува дека „[о]стварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи „должности и одговорности", може да подлежи на такви формалности, услови, ограничувања или санкции што се пропишани со закон и се неопходни во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на нереди или злосторства, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството".

Слободата на изразување, како релативно право, може да биде ограничена само во исклучителни околности, како што е наведено во членот 10 ст. 2. Постои добро воспоставен механизам за да се одлучи дали правото на слобода на изразување (или некое друго човеково право) може да биде ограничено или не. Европскиот суд за човекови права користи триделен тест кога одлучува за ограничување на слободата на изразување: (1) секое ограничување на правата мора да биде пропишано со закон; (2) ограничувањето мора да биде во служба на една од пропишаните причини (легитимни цели) наведени во документите за заштита на човековите права; (3) ограничувањето мора да биде неопходно за да се постигне пропишаната намена (доволно е да не се исполни само еден дел за ограничувањето да се прогласи за незаконско). Овој т.н. триделен тест се применува и за шокантно, навредливо, провоцирачко, неумерено или друго нападно изразување што не претставува екстремна злоупотреба на слободата на изразување.

Исто така, човековите права не смеат да се користат за повреда или ограничување на други човекови права. Според член 17 од ЕКЧП, ништо во оваа конвенција не смее да се толкува како да имплицира нечие право да се впушти во активности или акти насочени кон нарушување на правата и слободите утврдени во оваа конвенција или нивно ограничување во мера поголема од онаа утврдена со Конвенцијата. Европскиот суд за човекови права во својата практика при толкување и примена на членот 10 од ЕКЧП како особено сериозни нарушувања на индивидуалните права (забранети со членот 17 од ЕКЧП), што се исклучени од опфатот на слободата на изразување, ги третира „говорот" (уснен, писмен, сликовит и сл.) на омраза или друг вид екстремна злоупотреба

на слободата на изразување, како што е експлицитен расистички говор или негирање на Холокаустот.

Еден од најважните елементи во оценувањето на легитимноста на ограничувањето е дали станува збор за јавен интерес. Исто така, Европскиот суд за човекови права, преку своето дејствување донесе серија на одлуки кои ја формираат основата на принципот на слободата на печатот (медиумите) и неговата улога на „пес чувар" (watchdog, англ.) на демократските процеси и придобивки во едно демократско општество, како и меѓународна правна рамка која ги признава и оние форми на изразување кои се предмет на ограничувања.

Ограничувањата на слободниот говор постојат во случаи како што е клеветењето или навредувањето (преку текст, изговорени зборови, слика/видео и сл.) и поттикнување на насилство. Поттикнувањето на насилство е експлицитно забрането во повеќето правни системи и овие системи овозможуваат соодветно мешање на органи на јавна власт во говор кој поттикнува насилство. Според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во државава ослободување од одговорност за навреда има во следниве случаи:

**Исклучување на одговорноста**

Член 10

(1) Нема одговорност за навреда, ако:

1) изјавата е дадена во работата на Собранието на Република Македонија, во работата на советите на општините и градот Скопје, во управна или судска постапка или пред Народниот правобранител, освен ако тужителот докаже дека е дадена злонамерно;

2) е пренесено мислење содржано во службен документ на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на управата, судовите или други државни органи, соопштение или други документи на меѓународни организации или конференции, соопштение или друг документ за информирање на јавноста издадени од надлежни државни органи, установи или други правни лица, соопштение или друг службен документ од истраги за сторени кривични дела или прекршоци и

3) во изјавата се пренесени мислења изнесени на јавен собир, во судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се известува за изјава што е јавно соопштена од друг.

(2) Не е одговорен за навреда тој што во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ќе изнесе понижувачко мислење за друг, ако:

1) од начинот на изразувањето или од другите негови околности произлегува дека тоа нема значење на навреда;

2) не предизвикало значителна повреда на честа и угледот на личноста и

3) не е изнесено исклучиво со цел да се понижи личноста на друг или да се омаловажи неговата чест и углед

(3) Не е одговорен за навреда тој што ќе изнесе понижувачко мислење за носител на јавна функција во јавен интерес, ако докаже дека тоа е засновано врз вистинити факти, или ако докаже дека имал основана причина да поверува во вистинитоста на таквите факти, или ако изјавата содржи оправдана критика или поттикнува расправа од јавен интерес или е дадена во согласност со професионалните стандарди и етика на новинарската професија.

(4) Не е одговорен за навреда тој што изнесува негативно мислење за друг со искрена намера или увереност во добронамерноста на неговото мислење.

(5) При оценувањето на условите за исклучување на одговорноста судот ќе ги примени критериумите за оправдано ограничување на слободата на изразување содржани во Европската конвенција за заштита на човековите права и во судската практика на Европскиот суд за човекови права.

Во истиот Закон се вметнати и случаите кога не се подлежи под одговорност за клевета.

**Исклучување на одговорноста**

Член 11

Покрај основите за исклучување на одговорноста за клевета од членот 9 ставови 2, 3 и 4 од овој закон, исклучена е одговорноста за тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг што е дадено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако:

1) се изнесува или пронесува тврдење што е содржано во соопштение, одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице, или е изнесено на јавен собир, во судска постапка, или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се пронесува тврдење што е јавно соопштено од друг;

2) на лицето кое го изнесува или пронесува таквото тврдење му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информации, на кое се повикува во својата одбрана;

3) невистинитите факти, содржани во тврдењето, имаат споредно значење во однос на вистинитите факти на кои се однесува тврдењето и битно не ја менуваат неговата целовита смисла на вистинито тврдење или

4) во средство за јавно информирање се изнесуваат факти кои се однесуваат на прашања од јавен интерес со повикување на сериозни извори на сознанија за нивната вистинитост, спрема кои тужениот постапувал со потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.

**Одговорност на електронската публикација**

Член 11

(1) Уредникот на електронската публикација презема одговорност, заедно со авторот, за надоместување на штетата која произлегува од овозможување на пристап до навредливи или клеветнички информации.

(2) Уредникот на електронската публикација не одговара за изнесена навреда или клевета како резултат на овозможување пристап до навредливи или клеветнички информации под услов доколку докаже дека:

1) авторот на информацијата објавена на електронската публикација не дејствувал под директна или индиректна контрола или влијание од страна на уредникот на електронската публикација и

2) не бил свесен ниту требал да биде свесен дека навредлив или клеветнички материјал е објавен на електронската публикација или во рок од 24 часа откако станал свесен за навредливиот и клеветнички карактер на објавениот текст или информација, ги презел сите технички и други мерки за отстранување на таквата информација. Барање за отстранување на информација може да поднесе и оштетеното лице.

Така, секој јавно изговорен збор со себе носи и одговорност, слободата на изразување не им го гарантира правото на новинарите да пишуваат што сакаат, бидејќи нивната работа е „ограничена“ со професионалниот кодекс, јавниот интерес и почитувањето на другите човекови права. Ниту едно човеково право не може да се искористи за кршење на другите човекови права. Затоа, земајќи ги предвид влијанијата што медиумите ги имаат, во новинарската професија нужно е постоењето на етичка и морална ориентација во форма на етички кодекс. Најважно е дека информациите се вистинити, дека новинарот дејствувал професионално и одговорно, и тоа е она врз што Европскиот суд за човекови права ја базира својата пракса. Верификација и вистинитоста за која било тема од јавен интерес е целосна и апсолутна одговорност на новинарите и на медиумите.

Според толкувањата на Европскиот суд за човекови права, медиумите не мора да се сметаат за одговорни за изјавите на другите луѓе иако помагаат во нивно ширење. Иако тие можат да сносат одредена одговорност, на пример ако прифатат или потврдат одредени изјави, сепак, генерално гледано, не е оправдано тие да бидат одговорни за исказите на другите. Казнувањето на новинарите при пренесување на изјавите на други лица, во случаи како интервју, сериозно ќе го поткопа придонесот што медиумите го даваат за прашањата од јавен интерес и тоа не треба да се разгледува, освен во ситуации кога има исклучително важни причини.

Во однос на одговорноста за јавното изразување, овде ќе ги истакнеме коментарите на публиката во онлајн-медиумите кои претставуваат сериозен проблем во денешно време. Анонимноста која ја овозможува интернетот во голема мера е злоупотребена со коментарите бидејќи без ризик се креира непристојна содржина, со недвосмислен јазик на омраза кој во рок од неколку секунди може да се најде во која било точка во светот, често на неодредено време, со што се повредуваат правата на личноста. Во овој поглед, издавачите и сопствениците на онлајн медиуми мора да имаат воспоставено одредени механизми за филтрирање на несоодветни содржини и говор на омраза, вклучувајќи и автоматски систем за бришење на коментари кои содржат клучни зборови и кои системот ги забележува и ги отстранува, бидејќи коментари на читателот се во крајна линија и дел од уредувачката одговорност.

Позната е пресудата на Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права донесена на 16 јуни 2015 година за случајот Delfi, во кој еден од најголемите интернет портали во Естонија, е прогласен за одговорен за коментарите што се квалификувани како „говор на омраза“ и „очигледно незаконски“. Тоа е прв случај на Големиот судски совет кој се однесува на прашањето за одговорноста

при коментари на читатели на информативен портал и оваа пресуда е важен ориентир кои ги воспоставува стандардите во поглед на одговорност за коментарите на читателите на информативни портали.

Поради навредливите коментари на статијата објавена на порталот, „Делфи“ бил тужен од стана на сопственик на компанија за чии активности се пишувало во текстот. Жалбите на „Делфи“ биле отфрлени на сите пониски нивоа, а Големиот судски совет сметал дека коментарите не само што биле навредливи, туку и јасно ширеле говор на омраза и поттикнувале на насилство, и како такви, не се под заштита од правото на слобода на изразување. Големиот судски совет дополнително разгледа дали „Делфи“ може да биде одговорен за тоа. Во овој поглед, Советот идентификуваше четири клучни аспекти: (1) контекстот на коментарите; (2) одговорноста на вистинските автори на коментари како алтернатива на одговорноста на „Делфи“ (3) чекори преземени од „Делфи“ за спречување или отстранување на клеветничките коментари; и (4) последици од постапките пред домашните судови за „Делфи“.

Големиот судски совет утврди дека „Делфи“ имал економски интерес да објавува коментари: повеќе прегледи и „кликови“ значат повеќе приходи. Вистинските автори на коментарот не можеле да ги променат или да ги избришат своите коментари по објавувањето - само „Делфи“ можел да го стори тоа; „Делфи“ им овозможувал на читателите да коментираат без регистрација на имиња, и речиси е невозможно да се утврди идентитетот на авторот. Ова значело дека кривичното гонење на авторот на коментарот било невозможно; дека чекорите преземени од страна на „Делфи„ за спречување или без одлагање да ги отстрани клеветничките коментари биле недоволни и несоодветни и дека последиците од тоа дека „Делфи“ е одговорен биле мали. Големиот судски совет не утврдил дека правото на слобода на изразување на „Делфи“ било прекршено.

П

## Публика

Под терминот публика подразбираме мала или голема група на луѓе што следи некој настап, шоу, концерт, натпревар, спортски настан, весник, списание, онлајн медиуми, итн. Во зависност од интересот, публиката може да биде читателска, музичка, театарска, спортска филмска итн. Публиката е „потрошувач“ на одредени (или некои) настани или случувања. Публиката не се карактеризира со голема организираност, може да биде составена од милиони луѓе кои меѓусебно не се познаваат. Затоа, за публиката се зборува во множина, бидејќи множеството подразбира и вклучува различни групи кои се поделени, како во

зависност од прифаќањето на различни медиуми и жанрови, така и во поглед на нивната социјална и културна позиција. Постои помала или поголема група на луѓе која е поддржувач на некоја идеја, спортски тим или пак политичка партија. Ова се припадници на истиот тип на публика кои се нарекуваат „симпатизери“, „навивачи“ и „поддржувачи“. Постои уште еден вид публика, т.н. целна публика во маркетингот и рекламирањето која претставува специфична група луѓе во рамки на еден таргетиран пазар.

Наједноставната дефиниција на публиката, кога станува збор за масовните медиуми како што се печат, филм, радио, телевизија и интернет денес, е онаа каде публиката ја сочинуваат примателите и читателите на одредени медиумски содржини.

Значајно е да се истакне дека публиката од 70-тите години на 20-от век престанува да биде пасивна, станува активна, што претставува пресвртница во развојот на медиумската публика. Овој концепт го нагласува критичкото размислување, флексибилноста и креативноста на медиумската публика.

Публиката се премести во јавната сфера и стана активна. Денес постојат голем број на медиумски програми во кои публиката зазема централно место и учество, медиуми кои на публиката ѝ овозможуваат да земе активно учество во создавањето на медиумските содржини. Современите истражувања на медиумската публика сведочат за третманот на „публиката како мобилен, интерактивен, и високо-технолошки медиумски субјект“. Како резултат на тоа, дискурсот за „публиката“ слабее и бледнее, и сè повеќе се зборува за корисници, потрошувачи, учесници, играчи, таргет групи...



## Регулација

Регулацијата на медиумите не треба да се меша со цензура на содржината, со самоцензура на професионалците или другите учесници во виртуелниот свет. Преку регулацијата не се заговара криминализација на слободното мислење и изразување на ставови, неприкосновени права во либералните демократски општества, туку има функција во насока на заштита на граѓаните од навреди, медиумски линч, инкриминирање итн. Денес, регулацијата на медиумите е предвидена во речиси сите модерни правни системи во светот. Секој медиумски систем насекаде во светот е предмет на одредени ограничувања. Сепак, степенот на ограничување се разликува во слободните и во авторитарните општества. Додека авторитарните општества ја користат регулацијата за ограничување и

контрола на сите спротивставени ставови, слободните општества ја користат истата регулатива за заштита на слободата на говорот и за слободна можност за искажување на различни мислења. За да може во медиумите да се искористи правото на слобода на говорот треба да се поставаат законски ограничувања против говорот кој се смета за хушкачки (подбуцнувачки). Регулаторните насоки во медиумското опкружување обезбедуваат рамка на правила која ќе им овозможи на новинарите и другите медиумски работници заштита на нивната слобода на говор.

Во нашата држава, улогата на регулаторно тело ја има Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, додека саморегулацијата е во рацете на Советот за етика во медиумите на Македонија.

За подобрување на превенцијата, откривањето и отстранувањето на нелегални содржини на интернет кои поттикнуваат омраза, насилство и тероризам, Европската комисија уште во 2016 година влезе во преговори со Facebook, Twitter, YouTube и Microsoft. Тие потпишаа Кодекс на однесување со кои се обврзуваат дека ќе се борат против говорот на омраза на интернет. Кодексот на однесување ги опишува нелегалните содржини како „каква било постапка која јавно поттикнува на насилство или омраза насочена кон група или членови на групи со нагласување на нивната раса, боја, религија, национално или етничко потекло“.

Минатата година (2017), Европската комисија (ЕК) усвои насоки и принципи за веб-базирана платформа преку која се охрабруваат овие компании, но и сите актери на интернет, во брзо време, да донесат ефективни алатки за борба против нелегалната содржина. Овој термин се однесува на неколку видови на содржини, како што се терористичка пропаганда или ксенофобичен и расистички дискурс кој повикува на омраза и насилство. Комисијата предлага воведување на лица за контакт кои овозможуваат брза комуникација со давателите на интернет услуги, со цел тие да ги отстранат нелегалните содржини и ги повикува да инвестираат во системи за автоматско откривање на таквите содржини. ЕК ќе продолжи да го следи начинот на кој тие се имплементираат и ако се покажат дека не се ефективни, ќе донесе законски решенија на ниво на целата Европска унија. Кодексот на однесување склучен со Фејсбук, Твитер, Гугл и Мајкрософт покажува дека саморегулаторните пристапи можат да послужат како добар пример и да дадат резултати. Закони за борба против говорот на омраза, поттикнување на насилство и ширење лажни вести на интернет почнаа да се применуваат во сè повеќе земји на ЕУ. Она на што сè инсистира и околу кое се полемизира при донесувањето на законите кои ќе ја регулираат оваа област, е да не се протолкува како спречување на слободата на говорот, бидејќи тенка

е линијата помеѓу регулирањето и цензурата. Владеењето на правото важи на интернет еднакво како и надвор од него.

## Регулаторно тело - Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е македонското регулаторно тело на медиумите. На веб страницата на ова тело е наведено дека станува збор за самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања.

Согласно член 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

„(1)Агенцијата во согласност со овој закон:
- се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите,
- ја поттикнува слободата на изразување,
- се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите,
- ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон,
- се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,
- утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација,
- одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување,
- презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија согласно со членот 45 од овој закон,
- донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија,
- поттикнува медиумска писменост,
- врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од овој закон,
- ги води регистрите утврдени со овој закон;
- спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија и
- врши и други работи утврдени со овој закон.

(2) Начинот на мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија го пропишува Агенцијата.“

## Саморегулација

Саморегулацијата на медиумите претставува заеднички напор на медиумските професионалци да воспоставаат доброволни уредувачки насоки и истите да ги почитуваат преку процесот на учење кој е достапен за јавноста. На овој начин, независните медиуми го прифаќаат својот дел од одговорноста за квалитетот на јавниот говор, со целосно зачувување на уредувачка самостојност при нејзино креирање. (Миклош Харашти) Саморегулацијата не значи цензура, ниту пак автоцензура. Се однесува на утврдување на минимални стандарди за етичност, точност и заштита на личните права со целосно зачувување на уредувачката слобода на избор на темите за кои ќе се известува и за мислењето кое ќе биде изнесено во јавноста. Саморегулирањето им помага на медиумите да одговорат на легитимните жалби од јавноста и евентуално да ги исправат грешките. Саморегулирањето е силен напор на медиумските професионалци, кои се грижат за квалитетот на нивната работа, да одржат дијалогот со јавноста. Саморегулацијата може да постои на ниво на целата медиумска индустрија или во рамките на одредени медиумски куќи.

Саморегулирањето на медиумите помага за јавноста да се увери дека слободните медиуми не работат без одговорност. Во исто време, саморегулацијата го штити правото на новинарите да бидат независни и непристрасни, но во случаи кога станува збор за нивна професионална грешка, да им судат нивни колеги, а не органите на власта. Кога станува збор за поправање на фактички грешки или повреда на личните права во печатот, оштетената страна добива сатисфакција преку осуда од саморегулаторното тело, со што се намалува притисокот врз судскиот систем, кој инаку би ги санкционирал новинарите. Етичките кодекси обезбедуваат упатства за уредничките принципи, а механизмите за жалба претставуваат некаква „сигурност за квалитет“. Жалбите упатени до саморегулаторните тела не се наплаќаат, за разлика од судските постапки. Ова е важна предност за просечниот граѓанин. Покрај тоа, предност ќе имаат и политичарите или кои било други личности кои, во случаи кога ќе поднесат тужба до судовите, ќе може да очекуваат за брзо време да биде решена, а ќе го имаат и тоа задоволство да видат како медиумите јавно и доброволно ја признаваат грешката.

## Слобода на изразување

Слободата на говорот претставува право на изразување на сопствените ставови и размислувања без страв дека некој ќе се обиде тоа да го спречи

или да го казни. Се нарекува и слобода на изразување. Повеќето општества ја сметаат слободата на изразувањето како фундаментално право во процесот на демократско владеење.

Денес, слободата на говорот е речиси универзално прифатена и официјално е заштитена со членот 19 од Универзалната декларација за човековите права, усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 година. Во неа стои: „Секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не биде вознемируван за своето мислење, како и правото да бара, прима и шири информации и идеи со кои било средства и без оглед на границите". Ова право е вградено и во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, правно задолжителен меѓународен договор кој е ратификуван од 167 земји, но додадени се и некои услови во кои ова право може да биде ограничено.

Активностите на Советот на Европа во однос на слободата на изразување се втемелени во документите за човековите права, особено во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Државите имаат обврска да го почитуваат ова право. Европската конвенција за човекови права, која на 3 септември 1953 година стапи на сила, ја подобри заштитата на човековите права во два клучни сегменти. Станува збор за првиот европски генерален правно обврзувачки договор за човековите права, што воспостави важен механизам за имплементација во форма на Европскиот суд за човекови права. Членот 10 ја штити слободата на изразување.

Во делот 10.1. стои: „Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење и примање и пренесување на информации или идеи без било какво мешање на јавната власт и без оглед на државните граници. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината."

Членот 10 од Европската конвенција не ги споменува експлицитно печатот, медиумите или новинарите, но сепак Европскиот суд за човекови права, често ја истакнувал важната улога на медиумите во промовирањето на јавна дебата, овозможување пристап на јавноста до информации од јавен карактер, како и откривање на неспособност или кривични дела на службени лица: „Слободата на печатот понатаму ѝ нуди на јавноста едно од најдобрите средства за откривање и формирање на мислење за идеите и ставовите на политичките лидери." Како резултат на тоа, Судот е подготвен да обезбеди голема доза на заштита за медиумските активности согласно со членот 10 од Конвенцијата.

Слободата на изразување на тој начин добива општа корисност во едно општество и ова право се смета како клучно за функционирањето на демократијата воопшто. Станува збор за средство кое обезбедува слободно движење на мислата и кое ги повикува носителите на власт на одговорност. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) ја истакна оваа позиција во неколку случаи: „Слободата на изразување е еден од клучните основи (демократски) на едно општество, еден од основните предуслови за неговиот напредок и развој на секое лице. Во согласност со членот 10, став 2, тоа се применува не само за „информации" или „идеи" кои се општо прифатени или се смета дека никого не загрозуваат, односно дека се безопасни, но исто така и на оние кои ги навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или кој било дел од населението. Такви се барањата за плурализам, толеранција и слобода на мислата без кои нема „демократско општество".

Клучна почетна точка е дека слободата на изразување - вклучувајќи ја и слободата на печатот - е предуслов за остварување на другите права. Тоа е веќе утврдено на првата сесија на Генералното собрание на ОН во 1946 година каде е наведено следново: „Слободата на информирање е основно човеково право и ... мерило на сите слободи за кои Обединетите нации се грижат". Овде слободата на информирање се смета за нераскинлив дел од слободата на изразување - како „слобода да се бараат, примаат и шират информации и идеи" содржана во членот 19 од Универзалната декларација за човекови права.

Значењето на оваа метафора, според д-р Ричард Карвер од Универзитетот Оксфорд Брукс, е дека слободата на изразување и информирање се ресурси за проценка, тест за тоа колку воопшто се почитуваат човековите права и слободи. Еден од заклучоците на овој пристап е дека слободата на изразување има поважна позиција од другите слободи, односно дека тие се условени од почитувањето на слободата на изразување. Прифаќањето на овој пристап е најпознато во Соединетите Американски Држави, каде во Првиот амандман на Уставот и во судската пракса на Врховниот суд се нагласува приматот на слободата на изразување.

Европскиот суд за човекови права ја истакна важноста на печатот преку функцијата „заштитник ['куче чувар'] на демократијата" и тоа во серија пресуди: Не само што [печатот] има задача да шири информации и идеи: јавноста исто така има право да ги прими. Кога тоа би било поинаку, печатот би бил оневозможен во извршувањето на својата улога како „јавно куче чувар".

Европскиот суд за човекови права и националните судови во Европа и на други места нагласуваат дека правото на слобода на печатот не им припаѓа само

на индивидуални новинари. Така, францускиот Conseil constitutionnel (Уставен совет) смета дека ова право им припаѓа подеднакво на оние кои пишуваат, уредуваат и објавуваат, но исто така и на оние што читаат. Во познатиот поглед на слободата на печатот, Интер-американскиот суд за човекови права вели: Кога е прекршена слободата на изразување... тоа не е само повреда на правата на личноста [новинар], туку го нарушува правото и на другите да „примаат" информации и идеи.

Меѓутоа, слободата на медиумите не е апсолутна. Таа е, особено, „условена со условот медиумите да дејствуваат во добра верба/со чесна намера, обезбедувајќи точни и сигурни информации во согласност со новинарската етика". Во суштина, ова значи дека новинарите ја уживаат заштитата на членот 10, доколку постапуваат во согласност со професионалните стандарди, дури и кога упатуваат силна критика.

Слободата на говорот, исто така, дозволува и вулгарност, односно „границите на прифатлива критика се ... пошироки кога станува збор за политичар отколку кога станува збор за приватна личност". Освен политичарите, на поголема критика подлежат и владите, корпорациите и јавните личности. Како резултат на тоа, Судот е подготвен да овозможи голема мера на заштита според членот 10, но сè додека новинарите „дејствуваат со чесни намери и во согласност со новинарската етика".

Повеќето земји потписнички на Конвенцијата, ја имаат вградено Европската конвенција директно во нивниот домашен правен систем, со цел да стане дел од нивните внатрешни правни прописи и со тоа да стане директно обврзувачка. Исто така, во речиси сите европски земји постои уставна заштита на слободата на изразување. Заедно, претставува важен начин за подобрување на хармонизацијата на домашните и меѓународните правни системи.

Слободата на изразување во нашата држава е гарантирана, пред сè, со Уставот како највисок правен акт и меѓународните правни акти. Со членот 16 од Уставот е дадена широка заштита на ова право и се гарантирани сите негови аспекти и појавни облици:

1. Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

2. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.

3. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.

4. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање.

5. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

6. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.

7. Согласно овој член од Уставот, цензурата е забранета.

Слободата на изразување е вметната и во членот 8 од Уставот на Република Македонија како една од темелните вредности на уставниот поредок.

Слободата на изразување во Македнонија е опфатена и со низа закони како што се: Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, но и во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за класифицирани информации и Кривичниот законик.

Со цел (1) да се подобри спроведувањето на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во областа на слободата на изразување во секојдневната работа на судството, преку толкување и примена на законодавството во согласност со европските стандарди; (2) зајакнување на капацитетите на националните центри за обука, Академијата за судии и обвинители и адвокатските здруженија за обука на правници од ЕКЧП, судската практика на Европскиот суд за човекови права и други европски стандарди за слобода на изразување; (3) Подигнување на свеста и зајакнување на капацитетот на судиите, јавните обвинители и адвокатите кои се занимаваат со прашања поврзани со слободата на изразување во согласност со стандардите на Советот на Европа и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, во земјите од Југоисточна Европа се спроведува проект на Советот на Европа под називот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа“ (JUFREX).

## Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ)

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) ја има улогата на саморегулаторно тело на медиумите. Советот е невладина, неполитичка и

непрофитна организација која, по принципот на слободна волја, ги здружува своите членови заради остварување на целите и дејностите утврдени со Статутот на организацијата и со општите принципи на мисијата и визијата на СЕММ.

Советот е орган за саморегулација на медиумите и својата активност, главно, ја базира врз утврдување на јавни морални санкции за оние медиуми кои не ги почитуваат професионалните/етичките стандарди, Кодексот на новинарите и Принципите на Меѓународната федерација на новинарите.

Советот се залага за одржување и унапредување на етиката и на професионалните стандарди во медиумите, како за своите членки, така и општо во медиумската заедница. Воедно ја следи и ќе реагира на секое нарушување на етичката и професионалната реалност генерално и силно и постојано ќе се залага за слободата на говорот, борбата против цензура и автоцензура, како и за отстранување на сите пречки за медиумите и новинарите за да работат во согласност со правилата на професијата и моралните норми во новинарството.

СЕММ се стреми македонските медиуми да ги прифаќаат принципите на професионалното и етичкото новинарство, постојано грижејќи се за слободата на мислата, на говорот и интересите на јавноста. Истовремено, ја поттикнува јавноста да ја поддржува саморегулацијата и да придонесе медиумите да бидат непристрасни, независни и урамнотежени во својата работа.

Советот во стварувањето на утврдените цели, на својата мисија и визија работи преку следниве дејности и активности: ја унапредува и штити новинарската професија преку унапредување и заштита на етичките стандарди во медиумите, преку зајакнување на саморегулацијата во медиумите. Во таа насока, во својата работа СЕММ ги презема следниве активности: „1. Следење на примената на професионалните стандарди во новинарското известување во Република Македонија; 2. Обезбедување стручна и советодавна помош за членовите на Советот и на пошироката јавност; 3. Организирање семинари, работилници, конференции, дебати и други активности со цел да се унапредат професионалните стандарди и да се промовира работата на Советот; 4. Покренување иницијативи пред надлежните органи со цел создавање услови за непречено работење на саморегулаторното тело за медиуми во Република Македонија; 5. Размена на искуства и информации со сродни здруженија и други здруженија на граѓани во земјата и во странство; 6. Издавање книги, брошури, билтени и други публикаци, и создавање и ажурирање на веб-страницата и профилите на социјалните мрежи, заради остварување на целите на Советот.“

За постигнување на своите цели и задачи, Советот дејствува врз основа на

Уставот и националните закони, врз основа на Кодексот на новинарите на Македонија, како и врз основа на сите меѓународни документи ратификувани од страна на државата кои се однесуваат на слободата на медиумите, слободата на говорот и правата на човекот.

Според Извештајот за работа во 2017, Комисијата за жалби при Советот за етика на медиумите на Македонија, одлучувала по 84 претставки. Во 73 случаи била донесена одлука. Во 62 одлуки е утврдено кршење на Кодексот на новинарите и била изречена морална санкција. Како неосновани или надвор од надлежност биле отфрлени 9 жалби, а 2 од жалбите биле решени по пат на медијација. Во 80 отсто од случаите претставките се однесувале на интернет портали, а 13,7 отсто за телевизии. Најчести жалители или во 38 отсто од случаите биле организации и здруженија од граѓанскиот сектор, а во 20 отсто од случаите – други медиуми и новинари.

## Современи медиуми/нови медиуми

Дигитализацијата промени сè! Доведе до појава на новите медиуми, ги предизвика традиционалните медиуми да се променат и да се прилагодат на новото време, публиката се промени во активни, мобилни и креативни потрошувачи. Со знаење како да се користи интернетот како систем кој комбинира технолошки и медиумски својства, можностите за технички иновации на интернетот т.н. Веб 2.0 им нуди на сите да работат многу поефикасно и побрзо отколку традиционалните медиуми. Вестите се обновуваат и пласираат во реално време, додека настанот сè уште се случува. За вебот – како медиум за поврзување на голем број на корисници, досегот е планетарен. Нуди мултимедијални содржини кои вклучуваат употреба на неколку различни медиумски форми – текст, аудио, графика, анимација, видео содржини и интерактивност за да се пренесат информациите. Исто така, мултимедијата се однесува и на употребата на компјутерската технологија за креирање, складирање и користење на мултимедијални содржини, фото и видео содржина. На посетителите им е дозволено да коментираат за содржината, да читаат и да коментираат на коментари на други лица, да следат други содржини кои се тематски поврзани и сето тоа од удобноста на нивниот дом. Оваа интерактивност на он-лајн медиумите е главната разлика помеѓу публиката која следи современи и традиционални медиуми.

Публиката на новите медиуми е во постојана потрага по факти и информации - во многу поголема мера отколку публиката на традиционалните медиуми. Содржината ја консумира според сопствените правила, сама одредува која

страница ќе ја посети, кои содржини ќе ги пребарува, што ќе погледне, што ќе консумира, со кого ќе размени пораки, каде ќе го напише своето мислење или ќе реагира на содржини или на коментари на другите. Секоја вест и било која информација дистрибуирана преку онлајн медиумите е достапна за публиката во кое и да било време и таа самата одлучува кој ќе ја дистрибуира таа информација. Големиот избор е причината за големата популарност на онлајн-медиумите.

Денес постојат голем број на интернет портали и веб-страници на медиумските куќи преку кои публиката може да го дознае она што ја интересира. Поради нивната конкурентност и традиционалните медиуми главно имаат свои онлајн изданија. Интернетот креираше можност секој да може да произведе свои медиумски содржини и да ги дистрибуира без значителни финансиски инвестиции или технички вештини – правото на слобода на изразување, исто така, се однесува на индивидуалните корисници и на граѓаните. Но, проблемот е во појавата на портали без импресум, име и презиме на новинари и уредници и одговорни лица, контакт телефони, а токму на овие портали често се крши Кодексот на новинари, но и законите.

Додека традиционалните медиуми, кои се просторно дефинирани од обемот и опсегот на фреквенциите и дистрибутивната мрежа, најмногу се сведоа на национално ниво, постојат онлајн медиуми во сајбер-просторот кои се стремат глобално со помош и посредство на дигиталната технологија. Тие се просторно неограничени, а нивната публика може потенцијално да биде секој корисник на вебот. Главни актери на интернет се сите негови корисници, активни и креативни, кои се поврзани и формираат една заедница во онлајн медиумската комуникација. Производот на онлајн медиумската публика не е конечен и тој е постојано во процес на создавање. Сето погоре наведено е причина плус за големата популарност на онлајн-медиумите.

## Социјални мрежи/социјални медиуми

Социјалните мрежи се еден од видовите социјални медиуми, интернет сервиси кои ги поврзуваат корисниците, а кои може да бидат платформа или веб-страница. Според А.К. Киртис и Ф. Карахан (2011), станува збор за мрежна платформа за поврзување на корисници од целиот свет, овозможувајќи им можен трансфер на информации преку аудио-визуелни, звучни и текстуални алатки. За нивниот развој најмногу придонесе развојот на технологијата, а фактот дека се едноставни за користење и целосно бесплатни привлече огромен број на корисници.

Денес постојат стотици сервиси, но меѓу најпознатите се Фејсбук, Твитер, Јутјуб, Скајп, Инстаграм, Линкедин, Пинтерест, Гугл+...

На овие мрежи можете да креирате профил, да го уредувате, да комуницирате со познати и непознати лица, да споделувате содржини, да се рекламирате, ако имате свој бизнис или маркетинг агенција. Самиот концепт на социјално вмрежување е нов, но сепак за почетокот на социјалните мрежи и на поврзувањето на луѓето преку интернет, на сосема нов и модерен начин, може да се зборува и во периодот пред појавата на Фејсбук (2004), без да се земат во предвид некои веб-сајтови со слични концепти кои престанаа да постојат. Првата мрежа која можеме да ја наречеме социјална веб-страница е создадена во 1997 година со назив SixDegrees.com. Идејата зад страната е добро познатата теорија која тврди дека секој човек е оддалечен од другиот само за неколку чекори, поточно дека кои било две лица може да комуницираат меѓу себе во само неколку чекори. Во 2000 година сајтот престана да функционира бидејќи не беше одржлив, а неговиот творец сметаше дека причината за тоа е што бил пред своето време. Интернетот порано беше место каде што се социјализираат интернет експерти, а денес го користат сите, од деца од предучилишна возраст па сè до пензионерите. Социјалните мрежи во денешно време станаа најпосетените веб-сајтови, комуникациски феномен кој брои милијарди активни корисници.



## Традиционални медиуми

Печатените медиуми се изворот на новинарството. Весниците, како први масовни медиуми, одиграа голема улога во секојдневниот живот на луѓето, особено во времето на златното доба на крајот на 19-тиот век, кога радиото сè уште не ја презеде улогата на нов масовен медиум.

Пред појавата на радиото, весниците служеа како еден вид на патоказ за обичните граѓани, за нивните интереси и работни обврски. Весниците како единствен масовен медиум во тоа време биле сестрани. Служеле за бизнис, следење на состојбата со акции на пазарот, за бизнис трансакции, итн, но исто така и за забава, како на пример стрипови, приказни, итн. Како средство за комуникација, весниците имаат едносмерен начин на пренос на информации и тоа визуелен. Овде станува збор за единствен испраќач и многу приматели. Овој традиционален медиум повеќе е насочен кон постојаната публика и се стреми да одржи конзистентност во одбележувањето на настанот за кој се известува.

Кога станува збор за радиото и телевизијата, комуникацијата е насочена кон

публиката која чека вести/медиумски содржини што ќе се презентираат од уредниците онака како што тие наумиле. Сепак, кога станува збор за радиото, и особено за телевизијата, денес има голем број на медиумски програми во кои публиката зазема централно место. Најистакнати во овој поглед се популарните жанрови во кои анонимни учесници од публиката имаат важно место во програмите како, на пример, во реалните тв-серии, квизовите итн. Зголемување на учеството на публиката во креирањето на содржината на програмата започна во средината на 90-тите години на 20-от век, и тоа не само преку програми како квизови или различни шоу програми, туку и преку директно вклучување на публиката во програмата, со цел, на пример, гледачот да искаже мислење за одредена тема, да постави прашање до одредени професионалци од некоја област итн.

Медиумската конвергенција сега овозможува употреба на нови технологии како што се мобилните телефони, камерите и слично. Тоа влијае на создавање на медиумски содржини, менувајќи го карактерот на медиумите, како што се телевизиските и радио-вестите, во кои во формирањето на содржината, освен професионални новинари и уредници, е вклучена и публиката преку испраќање на аматерски снимки, фотографии и слично. На овој начин, публиката сѐ повеќе учествува во некогаш јасно дефинираната новинарска работа, а во исто време остануваат читателите, гледачите или слушателите.

Во суштина, традиционалниот медиумски производ останува цврсто структуриран, претходно дизајниран и реализиран од медиумски професионалци и со тоа е непроменлив. За разлика од него, онлајн медиумските производи даваат можност за постојана реакција од публиката, изразување на мислење, информации, критика и со тоа овој производ не е конечно дефиниран.

## АБОЛИЦИЈА

Општ назив на акт на ослободување на сторител на кривично дело од кривично гонење или од извршување на кривична санкција (види: Амнестија и Помилување).

## АДВОКАТ

Лице кое професионално се занимава со адвокатура како дејност, чија основна функција е давање правна помош.

## АКЦИЈА

Сопственичка хартија од вредност, која претставува неделив и идеален дел од основната главнина на акционерско друштво или командитно друштво со акции (член 2 т. 1 од Законот за хартии од вредност). Акцијата му дава на акционерот права на управување, добивка или дивиденда и сл.

## АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

Стопански субјект чиј основен капитал е поделен на акции со одредена номинална вредност.

## АЛИМЕНТАЦИЈА (ИЗДРШКА)

Правен однос во кој едно лице (давател на издршка) е должно на друго лице (примател на издршка) да му обезбедува средства за задоволување на основните животни потреби (види: Доверител, Должник). Обврска за издржување обично постои меѓу членови на исто семејство или по развод на брак.

## АМНЕСТИЈА

Ослободување од кривично гонење, или потполно или делумно ослободување од извршување на казна, замена на изречената казна со поблага казна, бришење на осудата или укинување правни последици од осудата на поименично неодреден број лица. Собранието на Република Македонија во 2002 година усвои Закон за амнестија, чиј член 1 определи дека законските одредби се однесуваат на лица „за кои постои основано сомневање дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот од 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година". Законот за амнестија од јануари 2018 година определи делумно ослободување од издржување казна за лица кои сториле кривични дела до 20 септември 2017 година, освен за лица на кои им е изречена казната доживотен затвор со правосилна пресуда, за убиство, силување, педофилија, тероризам, кривични дела против државата, кривични дела против јавниот ред и мир и кривични дела против човечноста и меѓународното право. Првиот закон за амнестија беше донесен во 1999 година, а 2003 година беше донесен Закон за амнестија на граѓаните кои не ја извршиле воената обврска (види: Аболиција, Помилување).

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД

Суд кој донесува одлуки по жалби против одлуки на првостепени судови.

## АПСОЛУТНА ЗАСТАРЕНОСТ (ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА)

Неможност за започнување или продолжување на гонење за казниво дело, односно неможност на извршување на изречена санкција поради протек на определено време. Членот 108 ст. 6 од Кривичниот законик (КЗ) утврдува дека „[з]астареност на кривичното гонење настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на кривичното гонење", а членот 43 ст. 7 од Законот за прекршоците утврдува дека „[з]астареност на прекршочното гонење настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на прекршочното гонење" (види: Застареност).

## АПСОЛУТНИ ПРАВА

Права кои дејствуваат спрема сите лица; типични апсолутни права се стварните права, односно правото на сопственост, правото на службеност и др. (види: Релативни права, Сопственост, Субјективно право).

## АРБИТЕР

Лице кое е повикано да донесе правно обврзувачка одлука во спор што му е доверен на решавање од страните во некој договор (спогодба).

## АФЕКТ

Емоционална состојба на силна раздразнетост или страв, што се одликува со краткотрајна неспособност за расудување или состојба на стеснета свест кај сторител на кривично дело, која е значајна за утврдување на кривичната одговорност на сторител на кривично дело, а може да биде олеснувачка околност при одмерување на казната (види: Кривична одговорност).

Б

## БАРАЊЕ ЗА ВОНРЕДНО ПРЕСПИТУВАЊЕ НА ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА

Вонреден правен лек во кривична постапка што (според член 463 ст. 1, 2 и 4 од ЗКП) може до Врховниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на правосилната пресуда, да го поднесе лице кое е правосилно осудено на безусловна казна затвор или малолетнички затвор (види: Малолетнички затвор) од најмалку една година и неговиот/нејзиниот бранител, поради повреда на законот во случаи предвидени со Законот за кривичната постапка (ЗКП), но не и против пресуда на Врховниот суд. Членот 465 од ЗКП утврдува дека „[б]арањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда може да се поднесе: 1) поради повреда на Кривичниот законик на штета на осудениот од членот 416 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон или поради повреда од членот 416 точка 5 на овој закон, ако пречекорувањето на овластувањето се однесува на одлуката за казната, алтернативна мерка или конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети или одземање на имотна корист; 2) поради повреда на одредбите на

кривичната постапка предвидени во членот 415 став (1) точки 1, 5, 8, 9 и 10 од овој закон и 3) поради повреда на правата на одбраната или поради повреда на одредбите на кривичната постапка во жалбената постапка, ако таа повреда влијаела или можела да влијае врз законитото и правилното донесување на пресудата или врз правото на обвинетиот на правично судење."

## БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА

Вонреден правен лек што, под одредени услови пропишани со закон, се поднесува од Јавниот обвинител на Република Македонија до Врховниот суд на Република Македонија во случаи на повреда на норми на општи правни акти (прописи или обврзувачки меѓународни правни акти).

Во кривична постапка може да се поднесе барање за заштита против правосилни судски одлуки во кривична постапка ако е повреден Уставот на Република Македонија, законот или меѓународен договор, ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија. (член 457 од ЗКП).

Другите постапки во кои може да се поднесе барање за заштита на законитоста се прекршочна постапка завршена со пресуда (член 133 ст. 2 и член 149 од Законот за прекршоците) и управен спор во кој е донесена судска одлука по тужба за повторување на постапка во управен спор (член 49 од Законот за управните спорови (ЗУС)).

## БАРАЊЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Почетно дејствие во извршна постапка, со кое доверител бара принудно извршување. Според членот 28 ст. 1 од Законот за извршување: „(1) Барањето за извршување на извршната исправа доверителот го поднесува до извршителот во писмена форма со приложување на извршната исправа во оригинал. Барање за извршување на извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице" (види: Извршна исправа).

## БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Првичен индивидуален акт со кој се иницира поводување на прекршочна постапка. Според членот 61 ст. 1 од Законот за прекршоците: „Прекршочниот орган поведува прекршочна постапка по службена должност, по барање од овластено службено лице или по барање од овластениот орган од членот 89 од овој закон и оштетениот“.

## БАРАЊЕ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКА

Вонреден правен лек што се поднесува до (и за кого одлучува) судот што во поранешната постапка судел во прв степен, а се состои од повторно водење на постапката.

Во кривична постапка ова барање можат (согласно членот 451 од ЗКП), да го поднесат странките и бранителот, а по смртта на осудениот барање можат да поднесат јавниот обвинител ако постапката се водела по негово барање или лицата наведени во членот 411 став (2) на ЗКП (брачен, односно вонбрачен другар на осудениот, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител). Членот 449 ст. 1 од ЗКП определува дека кривичната постапка може да се повтори во корист на осудениот: „[...] ако: 1) се докаже дека пресудата е заснована врз лажна исправа, визуелно-тонска снимка или врз лажен исказ на сведокот, вештакот, толкувачот или преведувачот, односно толкувачот; 2) се докаже дека до пресудата дошло поради кривично дело на судијата, на судијата-поротник или на лице кое ги вршело истражните дејствија; 3) се изнесат нови факти или се поднесат нови докази што самите за себе или во врска со поранешните докази се подобни да причинат ослободување на лицето кое било осудено или негова осуда според поблаг кривичен закон; 4) на некое лице за исто дело повеќе пати му е судено или ако повеќе лица се осудени поради исто дело што можело да го стори само едно лице или некои од нив; 5) во случај на осуда за продолжено кривично дело или за друго кривично дело што според законот опфаќа повеќе истовидни или повеќе разновидни дејствија се изнесат нови факти или се поднесат нови докази што укажуваат дека осудениот не го сторил дејствието што е опфатено со делото од осудата, а постоењето на овие факти би било од суштествено влијание врз одмерување на казната и 6) со правосилна одлука на Европскиот суд за човековите права се утврди повреда на човековите права и основни слободи во текот на постапката.“ Членот 450 од ЗКП утврдува дека „[к]ривичната постапка во исклучителни случаи може да се повтори на штета на осудениот ако пресудата со која обвинението се одбива е донесена поради стварна ненадлежност на судот,

а јавниот обвинител покренал постапка пред надлежен суд и притоа побарал повторување на постапката.“

Парнична постапка „што со одлука на судот е завршена правосилно, може, по предлог од странката, да се повтори, ако: 1) при донесувањето на одлуката учествувал судија, односно судија-поротник кој според законот морал да биде изземен (член 64), односно кој со решение на судот бил изземен; 2) на некоја странка со незаконито постапување, а особено со пропуштање на доставувањето не ѝ била дадена можност да расправа пред судот; 3) во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката или ако странката која е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако парнично неспособната странка не ја застапувал законски застапник, или ако законскиот застапник, односно полномошник на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, доколку водење на постапката, односно вршење на одделни дејствија во постапката не било дополнително одобрено; 4) одлуката на судот се заснова врз лажен исказ на сведок или вештак; 5) одлуката на судот се заснова врз исправа што е фалсификувана или во која е заверена невистинита содржина; 6) до одлуката на судот дошло поради кривично дело на судијата, односно на судијата-поротник, на законскиот застапник или на полномошникот на странката, на спротивната странка или на некое трето лице; 7) странката стекне можност да ја употреби правосилната одлука на судот која порано меѓу истите странки е донесена за исто барање; 8) одлуката на судот се заснова врз друга одлука на суд или врз одлука на некој друг орган, а таа одлука ќе биде правосилно преиначена, укината, односно поништена; 9) странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка и 10) со одлука на надлежен орган дополнително правосилно е одлучено за претходно прашање (член 11 ставови (1) и (2)) на кое се заснова одлуката на судот“ (член 392 ст. 1 од Законот за парничната постапка (ЗПП)).

Повторување на постапка е предвидено и за прекршочна постапка (член 133 ст. 2 и член 149 од Законот за прекршоците), вонпарнична постапка (член 32 ст. 2 и 3 од Законот за вонпарнична постапка (ЗВП)) и управен спор (член 43 од ЗУС), како и за управната постапка (член 114 од Законот за општата управна постапка (ЗОУП)).

## БИТНО НАМАЛЕНА ПРЕСМЕТЛИВОСТ

Факултативна основа за изрекување поблага казна на сторител на кривично дело, предвидена со членот 12 ст. 1 и 2 од КЗ: „1. Не е пресметлив сторителот кој во време на извршувањето на кривичното дело не можел да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, или други особено тешки душевни пречки (непресметливост). 2. Сторителот на кривично дело чија способност да го сфати значењето на своето дело или способноста да управува со своите постапки била битно намалена поради некоја состојба од став 1 може да се казни поблаго". Ваквата психичка состојба на сторителот во времето на извршување на кривичното дело секогаш се утврдува од вештак (види: Вина, Кривична одговорност, Непресметливост, Пресметливост, Ублажување на казна).

## БЛАНКЕТНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Кривични дела кај кои законскиот опис на делото не ги содржи сите елементи, туку во поглед на некој елемент упатува на некој друг закон што го опишува тој елемент.

## БРАЧНИ СПОРОВИ

Спорови кои настануваат во брачни односи или по повод брачни односи (како што се развод на брак и престанок на брак, кои се уредени со делот III на Законот за семејството). Природата на брачните спорови налага исклучување на јавноста од рочиштето за главна расправа и од рочиштето за обид за мирење (член 224 ст. 1 в.в. со член 222 од Законот за семејството), но, по исклучок, претседателот на советот може да дозволи на рочиштето за главна расправа (а во согласност со странките – и на рочиштето за обид за мирење) да присуствуваат научни и јавни работници кои се занимаваат со проблемите на бракот и семејството, како и лица кои странките ќе ги предложат (член 224 ст. 2 и 3).

## БРАНИТЕЛ

Адвокат кој застапува осомничен/обвинет во кривична постапка и дава стручна помош при негова одбрана во кривична постапка.

## БРАНЕНИК

Осомничено или обвинето лице кое има бранител.

В

## ВЕРБАЛНА НАВРЕДА

Изјава на омаловажување со која се навредува честа и угледот на лице на кое се однесува изјавата (види: Навреда).

## ВЕРОДОСТОЈНА ИСПРАВА

Исправа врз основа на која се докажува пристигнато побарување во пари, односно се поднесува и усвојува предлог за издавање платен налог. Членот 418 ст. 3 од ЗПП определува дека „[к]ако веродостојни исправи се сметаат особено: 1) јавни исправи; 2) приватни исправи на кои потписот на обврзникот е заверен од орган надлежен за заверување; 3) меници и чекови со протест и со повратни сметки, ако тие се потребни за засновање на барање; 4) изводи од заверени деловни книги; 5) фактури и 6) исправи кои според посебни прописи имаат значење на јавни исправи." Членот 70 ст. 2 од Законот за нотаријатот определува дека „[к]ако веродостојни исправи во смисла на овој закон се сметаат: 1) фактура; 2) меница и чек со протест и со повратна сметка; 3) извод од заверени деловни книги на банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или осигурително друштво; 4) јавна исправа и 5) исправи кои според посебни прописи имаат значење на јавни исправи." Членот 11 точка 13 од Законот за извршување утврдува дека како „'веродостојна исправа' во смисла на овој закон се смета фактура, пресметка на камата, јавна исправа, извод од заверени деловни книги, осигурителна полиса, товарен лист, времена градежна ситуација и друга исправа која според закон има карактер на јавна исправа".

## ВЕШТАК

Лице кое е квалификувано и определено да врши вештачење во согласност со закон. Член 2 т. 5 од Законот за вештачење определува дека „'вештак' е лице кое има лиценца за вештачење од соодветната област и е запишан во регистарот на вештаци".

## ВЕШТАЧЕЊЕ

Доказно средство предвидено во сите важечки процесни закони, што е насочено кон дознавање на правно релевантни факти преку вештаци, кои поседуваат стручни знаења што ги нема судот или друг орган што ја води постапката (вештаците можат да бидат економски експерти, психијатри, патолози и сл.). Според член 2 т. 1 од Законот за вештачење, вештачење е „изготвување на стручен наод и мислење изработено врз основа на примена на научни и стручни методи, технички достигнувања, стручни знаења и искуства во областите што се дефинирани во сите случаи определени со закон или по барање на заинтересирано лице – нарачател."

## ВИНА

Психички однос на сторител на кривично дело спрема стореното дело и последицата од него, што претставува неопходен услов за постоење кривична одговорност на сторителот и нужен услов за изрекување казна на сторителот (види: Директна умисла, Евентуална умисла, Кривична одговорност, Небрежност, Несвесна небрежност, Свесна небрежност).

## ВКРСТЕНО ИСПИТУВАЊЕ

„Испитување на сведок и вештак од спротивната страна, што претставува начин на изведување на овие докази во текот на главната расправа" во кривична постапка (член 21 т. 13 од ЗКП), односно сослушување вршено од стран(к)а во постапка која не го повикала тој сведок или вештак.

## ВЛАДЕНИЕ

Посед, фактичка власт врз ствар или право.

## ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Збир на процедурални норми според кои (согласно членот 1 ст. 1 од ЗВП) постапуваат судовите при одлучување за лични, семејни, имотни и други правни работи определени со ЗВП или со друг закон (види: Давање дозвола за склучување брак, Делба на заеднички предмет или имот, Задржување во јавна здравствена установа за лекување на душевни болести, Одземање на вршење на родителски права и враќање на родителските права, Одземање на деловна способност, Определување надоместок за експроприрана недвижност, Прогласување на исчезнато лице за умрено и докажување на смрт, Продолжување на родителските права и должностите по полнолетството, Расправање на оставина, Составување, чување, потврдување и поништување на исправи, Уредување на меѓи, Уредување на начинот на управување и користење на заеднички предмети, Уредување на односите меѓу етажните сопственици).

## ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Правни средства користени од странки или од овластени државни органи за побивање на одлуки на судови или други државни органи против кои не може да се изјави редовен правен лек (види: Повторување на постапката, Барање за заштита на законитоста, Барање за преиспитување на правосилна пресуда, Ревизија).

## ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА

Во управна постапка може да се поднесе барање за повторување на постапката (член 104 ст. 2 ал. 2 и членови 114–116 од ЗОУП), а предвидени се и следниве вонредни случаи  на укинување и поништување на управни акти (глава XIV од ЗОУП): менување и поништување на решение во врска со управен спор (член 121 од ЗОУП); укинување и менување на правосилен акт со согласност или по

барање на странката (член 122 од ЗОУП); вонредно укинување (член 123 од ЗОУП); огласување на управен акт за ништовен (член 124 од ЗОУП).

## ВОНСУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

Договор со кој вон судска постапка, со меѓусебно попуштање и договарање на страните, се решаваат спорните односи и се отклонуваат неизвесностите во поглед на правата и обврските (види: Судско порамнување).

## ВОСПИТНИ МЕРКИ

Основни видови на санкции кои им се изрекуваат на малолетни сторители на кривични дела – „деца“ (види: Укор, Упатување во центар за деца, Засилен надзор од страна на родителите/от, односно старателите/от, Засилен надзор од згрижувачко семејство, Засилен надзор од страна на Центарот [за социјални работи], Упатување во воспитна установа, Упатување во воспитно-поправен дом).

## ВРАЌАЊЕ ВО ПОРАНЕШНА СОСТОЈБА

Институт на процесните закони, со кој му се овозможува на учесник во постапка да отклони негативни последици причинети со пропуштање навремено да се преземат одредени дејствија во кривична постапка (член 99 од ЗКП), парнична постапка (член 109 од ЗПП) итн. За да се дозволи враќање во поранешна состојба, причините поради кои било пропуштено да се преземе процесното дејствие мора да се оправдани.



## ГАРАНЦИЈА

Во граѓанско-правна смисла, гаранцијата е одговорност на трето лице кон доверител за правилно исполнување на обврската на главниот должник; а во кривично-правна смисла, гаранцијата е мерка за обезбедување присуство на осомничен/обвинет во кривична постапка кога постои опасност од бегство.

## ГЕНЕРАЛНА (ОПШТА) ПРЕВЕНЦИЈА

Настојување преку пропишување и изрекување на казнени санкции да се влијае врз потенцијални сторители да не вршат кривични дела и прекршоци, што претставува една од целите на казнувањето (види: Прекршок). Другата цел е специјална превенција, што значи дека изречената казна (санкција) влијае врз сторителот да не врши кривични дела.

## ГЛАВНА РАСПРАВА

Фаза на постапка во која со изведување докази, непосредно, усно и јавно (освен ако јавноста е исклучена), се утврдуваат факти врз основа на кои судот одлучува за поставеното тужбено барање во парнична или друга постапка, односно за обвинение во кривична постапка[1] (види: Парнична постапка, Тужба, Тужбено барање).

## ГРАЃАНСКО ПРАВО

Гранка на правото со која се уредуваат односите кои настануваат меѓу лица кои се носители на граѓански (имотни) права. Имотното право се дели на стварно право, облигационо право итн.

## ГРУПА, БАНДА ИЛИ ДРУГО ЗЛОСТОРНИЧКО ЗДРУЖЕНИЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈА

Група од најмалку три лица (вклучувајќи го и организаторот), кои се здружиле за вршење кривични дела (член 122 т. 28 од КЗ). Кривичното дело „Злосторничко здружување“ е казниво според членот 394 од КЗ.

Д

## ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ БРАК

Вонпарнична постапка во која судот одлучува за давање дозвола за склучување

1 Поранешниот ЗКП го користеше терминот „главен претрес“ за расправа(ње) во кривична постапка.

брак меѓу определени лица, кога со закон е пропишано дека полноважен брак меѓу нив може да се склучи само врз основа на дозвола од судот (член 93 од ЗВП). Ваквата дозвола може да им се даде на лица со наполнети 16 години (член 84 од ЗВП) или на роднини за склучување меѓусебен брак (членови 103–106 од ЗВП).

## ДЕКЛАРАТОРНА (УТВРДИТЕЛНА) ПРЕСУДА

Пресуда на парничен суд со која се утврдува постоење, односно непостоење на некое право или правен однос, односно вистинитост или невистинитост на некоја исправа (види: Кондемнаторна пресуда, Конститутивна пресуда).

## ДЕКЛАРАТОРНА (УТВРДИТЕЛНА) ТУЖБА

Тужба со која тужителот бара од суд во парнична постапка да утврди постоење, односно непостоење на некое право или правен однос, односно вистинитост или невистинитост на некоја исправа (види: Кондемнаторна тужба, Конститутивна тужба).

## ДЕЛБА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРЕДМЕТ ИЛИ ИМОТ

Вонпарнична постапка во која судот одлучува за начинот и условите на делба на заедничкиот предмет или имот. Оваа материја е уредена со глава XI од ЗВП. (види: Заедничка сопственост, Сосопственииштво).

## ДЕЛИКТ

Противправно однесување со кое е сторено кривично дело, прекршок или друго казниво дело; односно секое дејствие кое е штетно за туѓи имотни или неимотни добра (клеветата и навредата по нивната декриминализација не се повеќе кривични дела, туку претставуваат граѓански деликти). Причинувањето штета создава обврска за штетникот да му ја надомести штетата на оштетениот.

## ДЕЛИНКВЕНЦИЈА

Секупност на противправни, казниви однесувања во едно општество, како што се кривични дела, прекршоци, дисциплински престапи итн. (види: Криминалитет).

## ДЕЛОВНА СПОСОБНОСТ

Способност со сопствена изјава на волја да се склучи правна работа која за последица има настанување, пренос, измена или престанок на субјективни граѓански права; физичко лице стекнува деловна способност со полнолетството, а правното лице со запишување во регистар на надлежниот суд.

## ДЕЛО ОД МАЛО ЗНАЧЕЊЕ

Основ што исклучува постоење на кривично дело и покрај тоа што делото содржи обележја на кривично дело, поради отсуството или незначителноста на штетните последици и нискиот степен на кривична одговорност на сторителот (член 8 ст. 1 од ЗКП).

## ДЕЛУМНА ПРЕСУДА

Пресуда на парничен суд, која може да биде донесена кога само дел од барањето/само некои од повеќето тужбени барања узреал/е за конечна одлука, а при оцена дали ќе донесе делумна пресуда, судот особено ќе ја земе предвид големината на барањето или делот од барањето што узреал за одлука (член 315 ст. 1 од ЗПП).

## ДИРЕКТНА УМИСЛА

Однос на сторител на кривичното дело кон самото дело, што постои „кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување“ (член 13 од КЗ).

## ДИРЕКТНО ИСПИТУВАЊЕ

Испитување на сведок или вештак од странка (односно од нејзин бранител) која го повикала сведокот, односно вештакот (член 21 ст. 1 т. 12 од ЗКП).

## ДОВЕДУВАЊЕ

Мерка за обезбедување присуство на осомничен или обвинет во кривична постапка. Доведувањето е уредено со членовите 160, 317 и 365 ст. 1 од ЗКП (види: Задржување, Гаранција, Покана, Притвор).

## ДОВЕРИТЕЛ

Лице кое има право од некое друго лице (должник) да бара некое чинење, нечинење или пропуштање (види: Должник).

## ДОГОВОР

Согласност на волји на две или повеќе лица, со која договорните страни се обврзуваат меѓусебно да стекнат права и обврски, што произведува правни последици кои се состојат од настанување, престанок или промена на правни односи.

## ДОКАЗ

Средство за утврдување одредени факти или нивно непостоење во постапка (граѓанска, кривична, управна, управно-судска итн.), што влијае врз одлуката за конкретна правна работа. Со доказот треба да се утврдат правно релевантни факти.

## ДОКАЗНА ПОСТАПКА

Фаза на постапката во која органот што постапува, врз основа на изведените докази, утврдува постоење или непостоење на правно релевантни факти.

## ДОКАЗНИ СРЕДСТВА

Документи, изјави, процедурални и други дејствија, кои на органот што ја води постапката му овозможуваат сознанија за постоење или непостоење на правно релевантни факти (види: Вештачење, Доказ, Доказна постапка, Исказ на сведок, Испитување, Исправа (на сведоци/обвинет), Јавна исправа, Сослушување на странки, Увид).

## ИСПИТУВАЊЕ (НА СВЕДОЦИ/ОБВИНЕТ)

Доказно средство со кое се утврдуваат правно релевантни факти во истрагата преку поставување прашања и добивање одговори од осомничениот или сведоци (295 ст. 1 ал. 3 и 4 од ЗКП), односно во кривичната постапка преку поставување прашања и добивање одговори од странките или сведоци (членови 371 ст. 3, 384 и др. од ЗКП).

## ДОЛЖНИК

Лице кое е носител на некаква обврска што е должно да ја изврши, наспроти правото на доверителот да бара извршување на таа обврска (види: Доверител).

## ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

Државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на државата и врши други работи утврдени со овој и друг закон (член 2 од Законот за државното правобранителство).

## ДУШЕВНА ПОРЕМЕТЕНОСТ

Основ за исклучување на кривична одговорност, што претставува состојба на неправилно одвивање на психички процеси кои предизвикуваат нарушување на запазувањето, расудувањето и мислењето, па таквото лице не е во можност правилно да расудува и да одлучува (види: Вина).



## ЕВЕНТУАЛНА УМИСЛА

Однос на сторител на кривичното дело кон самото дело, што постои кога сторителот „бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настане штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување“ (член 13 од КЗ).

## ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

Присилно одземање имотни права на недвижен имот заради постоење јавен интерес, со исплата на правичен надомест. Според членот 1 ст. 1 од Законот за експропријација, со овој закон се уредува „одземањето и ограничувањето на правото на сопственост и на имотните права на недвижности заради реализација на јавен интерес утврден со закон, а заради градење на објекти и изведување на други работи“ (види: Определување надоместок за експроприрана недвижност).

## ЕКСТРАДИЦИЈА

Акт на давање меѓународна правна помош, што се состои во изручување сторител на кривично дело од страна на една држава во друга држава заради судење за сторено кривично дело или заради издржување казна. Според членот 564 ст. 1 од ЗКП: „Ако е веројатно дека лицето по кое е издадена потерница се наоѓа во странство, Министерството за внатрешни работи може да распише и меѓународна потерница по претходно добиена изјава од органот што ја издал наредбата за распишување на потерница дека во случај на пронаоѓање на тоа лице ќе се побара екстрадиција.“ Законот за меѓународна соработка во кривичната материја во својата глава IV ја уредува материјата на екстрадиција, вклучувајќи кога екстрадиција се бара од страна на Републиката (втор дел од

оваа глава) како и кога нашата државата бара екстрадиција (трет дел од оваа глава). Членот 50 од овој закон утврдува дека екстрадиција на лице врз основа на распишана меѓународна потерница се дозволува за кривични дела за кои според домашното законодавство е пропишана казна затвор од најмалку една година (став 1) или заради извршување на правосилно изречена ефективна казна затвор, доколку лицето кое се бара има да доиздржи казна од најмалку четири месеци (став 2), а екстрадиција во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се дозволи ако делото за кое се бара екстрадиција е казниво според Кривичниот законик (ст. 3).

Ж

## ЖАЛБА

Редовен правен лек во судска или друга постапка, со кој пред повисок орган (суд или управен орган) се побива првостепена одлука (пресуда, решение итн.).

Пресуда во кривична постапка може да се побива во рок од 15 дена од доставувањето на препис на пресудата (член 410 ст. 1 од ЗКП), со жалба од странките, бранителот, законскиот застапник на обвинетиот и оштетениот (член 411 ст. 1 од ЗКП), а во корист на обвинетиот – и од негов/нејзин брачен, односно вонбрачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител (член 411 ст. 2 од ЗКП), или од лицето чиј предмет е одземен или од кое е конфискуван имот или имотна корист прибавена со кривичното дело, како и правното лице на кое му е изречено одземање на имотната корист (член 411 ст. 5 од ЗКП), поради: 1) суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка, 2) погрешно утврдена фактичка состојба, 3) повреда на Кривичниот законик и 4) одлука за кривичните санкции, за одземање на имотна корист, за трошоците за кривичната постапка, за имотно-правните барања, како и поради одлука за објавување на пресудата преку печатот, радиото или телевизијата (член 414 од ЗКП).

Пресуда донесена во парнична постапка во прв степен може да се побива со жалба од странките во рок од 15 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата, ако во ЗПП не е определен друг рок, а во меничните и чековните спорови овој рок изнесува 8 дена (член 337 ст. 1 од ЗПП), поради: 1) суштествена повреда на одредбите на парничната постапка; 2) погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и 3) погрешна примена на материјалното право (член 342 ст. 1 од ЗПП).

Жалба е предвидена и во прекршочна постапка (член 133 ст. 1 и член 135 ст.

1 од Закон за прекршоците), вонпарнична постапка (член 22 од ЗВП), извршна постапка (член 87 од Законот за извршување), управна постапка (членови 105–110 од ЗОУП) и др.

## ЖАЛБА ВО СЛУЧАЈ НА „МОЛЧЕЊЕ НА УПРАВАТА“

Посебен правен лек што се изјавува доколку органот на управата во законски пропишан рок не донесе решение, односно не реши за управната работа. Овој правен лек е пропишан во членовите 131–133 од ЗОУП.

## ЖИВЕАЛИШТЕ

Место каде што едно лице го има центарот на своите животни активности со намера таму да се настани. Живеалиштето е посебно значајно за утврдување надлежност на суд или орган на управата за постапување во одредена правна работа.

## ЖРТВА

Жртва на кривично дело е секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело (член 21 ст. 1 т. 4 од ЗКП).

3

## ЗАБЕЛЕШКИ

Букви, зборови или броеви, односно нивните еквиваленти, напишани со ракопис, отчукани со машина за пишување, отпечатени, фотокопирани, фотографирани, снимени со магнетни импулси, механички или електронски или со некој облик на собирање податоци. (види: Копии).

## ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ

Вид на казна (член 33 ст. 1 т. 3 од КЗ), што може да му се изрече, само како споредна казна заедно со казната затвор или со условна осуда со која е утврдена казна затвор (член 33 ст. 6 од КЗ) или како единствена казна, на сторител на небрежно дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до една година, ако сторителот го сторил делото под особено олеснувачки околности (член 33 ст. 8 од КЗ). Забрана на вршење определена професија или дејност, на должности или работи сврзани со стекнување располагање, користење, управување и ракување со имот или за чување на тој имот може да се изрече ако сторителот ја злоупотребил својата професија, дејност или должност заради извршување на кривично дело и ако врз основа на природата на извршеното дело и околностите под кои е сторено може да се очекува дека таквата дејност ќе ја злоупотреби за повторно вршење кривично дело (член 38-б ст. 1 од КЗ). Оваа забрана може да трае од една до десет години сметајќи од денот на правосилноста на одлуката (член 38-б ст. 4 од КЗ), а (според членот 165-б од КЗ) задолжително се изрекува за сторител на кривично дело од членовите 158 до 165-а на КЗ, под условите од членот 38-б од КЗ (види: Казни).

## ЗАБРАНА НА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО

Вид на казна (член 33 ст. 1 т. 4 од КЗ), што, според членот 33 ст. 7 од КЗ, може да се изрече ако на сторителот му е изречена  казна затвор или парична казна, условна осуда или судска опомена. Според членот 38-в од КЗ, забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија може да му се изрече на сторител на кривично дело доколку судот најде дека околностите под кои е сторено делото или поранешното кршење на сообраќајните прописи покажуваат дека сторителот може повторно да изврши такво дело (види: Казни).

## ЗАБРАНА ЗА REFORMATIO IN PEIUS (ЗАБРАНА ЗА МЕНУВАЊЕ НА ПОЛОШО)

Институт на кривичното процесно право конструиран во корист на обвинетиот по чија жалба (во отсуство на жалба од обвинителот) одлучува второстепен суд, што на тој суд му забранува да му изрече на обвинетиот санкција од потежок вид или потешка санкција од ист вид. Според членот 428 од ЗКП: „Ако е изјавена жалба само во корист на обвинетиот, пресудата не смее да се измени на негова штета во однос на правната оцена на делото и на кривичната санкција“.

## ЗАБРАНА NE BIS IN IDEM (ЗАБРАНА НА ДВОЈНО СУДЕЊЕ И КАЗНУВАЊЕ)

Принцип на кривичното процесно право, според кој никој не може повторно да биде суден или казнет за кривично дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука (член 7 од ЗКП).

## ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОДБРАНА

Обвинетиот мора да има бранител: (1) ако е нем, глув или неспособен успешно да се брани, или ако против него/неа се води постапка за кривично дело за кое може да се изрече казна доживотен затвор; (2) ако против него е определен притвор, за времето додека трае притворот; (3) во времето на доставување на обвинителниот акт што бил поднесен поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од десет години или потешка казна затвор; (4) во текот на постапката за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање на вината (член 74 од ЗКП).

## ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЛЕКУВАЊЕ НА АЛКОХОЛИЧАРИ И НАКОМАНИ

Мерка на безбедност (член 61 т. 3 од ЗКП) што му се изрекува на сторител на кривично дело сторено поради зависност од постојана употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции кога постои опасност поради оваа зависност и натаму да врши кривични дела (член 65 ст. 1 од ЗКП).

## ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА

Мерка на безбедност (член 61 т. 1 од ЗКП) што му се изрекува на сторител на кривично дело сторено во состојба на непресметливост или битно намалена пресметливост, ако судот утврди дека поради таа состојба повторно може да стори кривично дело и дека за отстранување на оваа опасност е потребно негово лекување и чување во таква установа. (член 63 ст. 1 од ЗКП).

## ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ НА СЛОБОДА

Мерка на безбедност (член 61 т. 2 од ЗКП), што му се изрекува на сторител на кривично дело сторено во состојба на непресметливост или битно намалена пресметливост, ако судот утврди дека поради таа состојба повторно може да стори кривично дело, а за отстранување на оваа опасност е доволно негово лекување на слобода (член 64 ст. 1 од ЗКП).

## ЗАДРЖУВАЊЕ

Овластување на правосудната полиција, по исклучок, да задржи лице лишено од слобода согласно со членот 158 од ЗКП (лице кое е затечено во извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност, ако постои опасност од бегство; или лице за кое постојат основи на сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност само ако постои опасност од одлагање, ако постои некоја од причините за притвор од членот 165 став (1) на ЗКП), ако задржувањето е потребно заради утврдување на идентитетот, проверување на алиби или од други причини е потребно да се соберат нужни податоци за водење на постапката против тоа лице (член 158 ст. 1 од ЗКП). Задржувањето може да трае најдолго 24 часа од моментот на лишување од слобода и во овој рок лицето мора да се изведе пред надлежниот судија. По истекот на овој рок задржаното лице мора да биде пуштено на слобода (член 161 ст. 3 од ЗКП).

## ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ

Вонпарнична постапка во која судот одлучува за сместување на душевно болно лице во јавна здравствена установа за лекување на душевни болести, кога душевно болното лице треба да биде ограничено во слободата на движењето или контактирањето со надворешниот свет (член 58 од ЗВП).

## ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ

Право на сопственост на две или повеќе лице врз иста ствар, така што нивните делови не се одредени, но се одредливи.

## ЗАКОНИТОСТ НА ДОКАЗИ

Забрана за изнудување признание или друга изјава од обвинетиот или од друго лице кое учествува во постапката и невалидност на доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија, законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, кои не можат да се користат во постапката и врз нив не може да се заснова судската одлука (член 12 од ЗКП).

## ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК

Лице кое во правниот сообраќај истапува во име на деловно несособно лице (малолетник или лице лишено од деловна способност) или правно лице. Законскиот застапник се одредува со закон или со акт на надлежен орган (член 72 ст. 2 од ЗПП). Законски застапник на малолетно физичко лице е негов/нејзин родител или старател (поставен со одлука на надлежен орган), а законски застапник на правно лице обично е неговото раководно лице, директор (на пример, Законот за трговските друштва во членот 3 ст. 1 т. 16 утврдува дека „застапник по закон" е извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот кои, во согласност со овој закон, го застапуваат друштвото).

## ЗАКОНСКО НАСЛЕДУВАЊЕ

Наследување врз основа на одредени факти предвидени со закон (сродство, брачна врска) во случаи кога не се наследува врз основа на тестамент или друга основа.

## ЗАМЕШУВАЧ

Лице кое има правен интерес да успее една од странките во парница што тече меѓу други лице, поради што може да ѝ се придружи на таа странка (член 194 ст. 1 од ЗПП).

## ЗАПИСНИК

Писмена исправа за усна расправа или за друго поважно дејствие во постапката, како и за поважни усни изјави на странките или трети лица во постапката (на пример, види член 4 т. 7 од ЗОУП).

## ЗАСТАРЕНОСТ

1. Во граѓанското право: губење на правото на доверител, поради истек на временски период определен со закон, да бара (преку суд или на друг соодветен правно определен начин) од должникот да ја исполни неговата или нејзината обврска.

2. Во кривичното право: губење на можноста на надлежниот државен орган, поради истек на временски период определен со закон, да покрене и спроведува кривично гонење (води соодветна казнена постапка) или да изврши кривична санкција.

## ЗАПИРАЊЕ НА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Начин на престанок на кривична постапка поради смрт на обвинетиот (член 23 од ЗКП), трајна душевна болест, откажување на јавниот обвинител од гонење (член 341 од ЗКП) или откажување на оштетен, односно приватен тужител од предлог, односно приватна тужба (член 61 од ЗКП), затоа што делото кое е предмет на обвинението не е кривично дело, поради непостоење на кривична одговорност, поради застареност, ако постои акт на амнестија или помилување, други околности кои трајно исклучуваат кривично гонење или ако нема доволно докази.

## ЗАСИЛЕН НАДЗОР

Воспитна мерка што му се изрекува на дете над 14-годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело (член 37 ст. 1 ал. 3 од Законот за правда за децата), односно на дете на возраст од 14 до 16 гони кое сторило прекршок (член 34 ст. 1 ал. 2 од Законот за прекршоците), кога постои потреба

од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од дотогашната средина (член 37 ст. 3 од Законот за правда за децата и член 34 ст. 3 од Законот за прекршоците).

## ЗАСИЛЕН НАДЗОР ВО ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО

Воспитна мерка што му се изрекува на дете чиј/чии родител/и или старател/и не е/се во можност да врши/вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од него(неа)/нив, поради што детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него (член 42 ст. 1 од Законот за правда за децата).

## ЗАСИЛЕН НАДЗОР ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ [ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ]

Воспитна мерка што му се изрекува на дете ако родителите/от, односно старателите/от не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор (член 43 ст. 1 од Законот за правда за децата). Судот дополнително ќе одлучи за престанок на мерката, чие траење не може да биде пократко од една, ниту подолго од три години и за тоа време детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши Центарот (член 43 ст. 2 од Законот за правда за децата). Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, Центарот за социјални работи ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее (член 47 ст. 3 од Законот за правда за децата). Мерката засилен надзор од Центарот за социјални работи може му се изрече и на дете на возраст од 14 до 16 години кое сторило прекршок (член 34 ст. 1 ал. 2 и ст. 3 од Законот за прекршоците).

## ЗАСИЛЕН НАДЗОР ОД СТРАНА НА РОДИТЕЛИТЕ/ОТ, ОДНОСНО СТАРАТЕЛИТЕ/ОТ

Воспитна мерка што му се изрекува на дете чиј/чии родител/и, односно старател/и пропуштил/е, а бил/е во можност да врши/вршат надзор над детето (види: Старателски права), поради што судот ќе му/им наложи одредени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да му/им даде и потребни упатства (член 41 ст. 1 и 2 од Законот за правда за децата). Судот дополнително ќе одлучи за престанок на оваа мерка, која не може да трае помалку од една година, ниту подолго од три години (член 41 ст. 3 од Законот за правда за децата). Членот 34 од Законот за прекршоците во ст. 1 ал. 2 и ст. 3 определува дека мерката засилен надзор од родител/и, односно старател/и може му се изрече на дете од 14 до 16 години кое сторило прекршок.

## ЗАТВОР

Временска казна на лишување од слобода (член 31 ст. 1 т. 1 од КЗ). Според член 35 ст. 1 од КЗ, затворот не може да биде пократок од 30 дена, ниту подолг од 15 години; а за кривичните дела за кои е пропишана и казна доживотен затвор, може да се изрече казна затвор од 20 години. Според членот 35 ст. 2, ако за кривично дело сторено со умисла е пропишан затвор во траење од 15 години, за тешки форми на тоа дело може да се пропише и казна доживотен затвор (види: Кривични санкции, Казна, Парична казна, Условна осуда, Судска опомена, Мерки за безбедност, Воспитни мерки, Прекршочни казни).

## ЗАШТИТЕН (ЗАГРОЗЕН) СВЕДОК

Сведок кој со давање исказ или со одговор на определено прашање би се изложил себеси или нему блиско лице на сериозна опасност од загрозување на животот, здравјето или физичкиот интегритет (член 226 ст. 1 од ЗКП). Заштитата на загрозениот сведок се состои од посебен начин на испитување и учество во постапката уредени со овој закон и со примена на мерки за заштита вон постапката, што се уредени со посебен закон (член 226 ст. 2 од ЗКП). „Сведок“ во смисла на Законот за заштита на сведоци е секое лице кое, согласно со ЗКП, има својство на сведок и поседува информации за извршувањето на кривичното дело, неговиот сторител и други важни околности, односно податоци и

информации од значење за кривичната постапка кои се неопходни и решавачки за докажувањето на кривичното дело, со чие изнесување животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на сведокот се изложуваат на опасност“ (член 2 т. 1). Според членот 2 точка 5 од овој закон: „’Заштитено лице‘ е сведок, соработник на правда, жртва која се јавува во својство на сведок и нивните блиски лица, кое со одлука на Советот за заштита на сведоци е вклучено во Програмата за заштита и со кое Одделението за заштита на сведоци има склучено спогодба за заштита.“



## ИДЕАЛЕН СТЕК НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Стекот на кривични дела е идеален кога едно лице со едно дејствие (член 44 ст. 1 in initio од КЗ) извршило две или повеќе кривични дела (види: Реален стек на кривични дела, Стек).

## ИЗВРШНА ИСПРАВА

Правен акт врз основа на кој може да се бара извршување на побарување утврдено со тој акт. Според членот 12 ст. 1 од Законот за извршување: „Извршни исправи се: 1) извршна судска одлука и судско порамнување; 2) извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување на парична обврска; 3) извршна нотарска исправа; 4) заклучок на извршителот за утврдување на трошоците на извршувањето; 5) решение за издавање на нотарски платен налог и 6) друга исправа која како извршна исправа е предвидена со закон (види: Извршна постапка).

## ИЗВРШНОСТ

Својство на судска одлука и управен акт што им овозможува да бидат принудно извршени во соодветна постапка. Според членот 14 ст. 1 и 2 од Законот за извршување: „1. Судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска. 2. Одлуката донесена во управна постапка е извршна ако станала конечна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на обврската.“ Според членот 126 ст. 2 од ЗОУП: „Првостепениот управен акт станува извршен со: истекот на рокот за жалба,

ако жалба не е изјавена; известување на странката, ако жалба не е допуштена; известување на странката, ако жалбата не го одлага извршувањето; известување на странката за управниот акт со којшто жалбата се отфрла; со одрекување на странката од правото на жалба.“

## ИЗВРШНА ПОСТАПКА

Збир на правила според кои се постапува заради присилно извршување на судска одлука што гласи на исполнување обврска, обезбедување на побарувања или присилно извршување на одлуки во друга постапка. Надлежен за спроведување на извршување во нашата држава е извршител (член 3 ст. 1 од Законот за извршување)[2], освен за непарично побарување утврдено со одлука во управен предмет. Извршителите спроведуваат присилно извршувањето на судски одлуки, во кои спаѓаат пресуда, решение, платен и друг налог на судовите, на избраните судови и на арбитражите (член 1 ст. 1 и членови 13 и 14 од Законот за извршување), судски порамнувања (член 15 од Законот за извршување), одлуки донесени во управна постапка кои гласат на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено (член 1 ст. 2 од Законот за извршување), нотарски исправи (член 1 ст. 3 и член 16 од Законот за извршување) и други извршни исправи предвидени со закон.

## ИЗВРШНА ПОСТАПКА (УПРАВНА)

Збир на правила според кои постапува управен орган заради присилно извршување на извршен управен акт (види: Управен акт, Управен орган, Управна постапка). Членот 129 од ЗОУП определува дека извршувањето на непарични обврски се спроведува по административен пат (управно извршување), додека извршувањето на парични обврски се спроведува од страна на извршител, согласно Законот за извршување.

## ИЗЗЕМАЊЕ

Институт на процесните закони, воспоставен со цел да се придонесе кон

2 Со претходно важечкиот Закон за извршување беше определена судска надлежност за извршување на одлуки. Сегашниот закон не овозможува адекватна судска контрола на работата на извршителите.

објективност во работата и одлучувањето на судот, со чија примена од постапката се отстрануваат судии, обвинители и други лица (записничар, толкувач, вештак и др.) кога постојат причини кои ја доведуваат под сомнение нивната објективност (непристрасност); причините за изземање се делат на причини поради кои службеното лице мора задолжително да се изземе (на пример, непосредна лична засегнатост од исходот на спорот) и причини кои побудуваат сомневање во нивната објективност.

## ИЗМЕНА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ОБВИНЕНИЕ

Измена на обвинението се врши од јавниот обвинител на главната расправа доколку тој или таа оцени дека се променила фактичката состојба изнесена во обвинението (член 393 ст. 1 од ЗКП). Ако обвинетиот во текот на главната расправа во заседанието стори кривично дело или ако во текот на главната расправа се открие некое порано сторено кривично дело на обвинетиот, кривичниот совет (советот на кривичниот суд), по правило, по обвинение на овластениот тужител, кое може да биде и усно изнесено, ќе ја прошири главната расправа и на тоа дело (член 393 ст. 2 од ЗКП).

## ИМОТНА КОРИСТ

Секое економско добро што директно или индиректно произлегло од кривично дело, а се состои од каков било имот.

## ИМУНИТЕТ

Правен статус на одредено лице што спречува негово гонење или кривично казнување за конкретно одредени дејствија.

## ИНДИЦИЈА

Знак што упатува или укажува на нешто, што дава можност за некои претпоставки,

основа за некое сомневање. Индицијата е спомната како околност што може да го наведе судот да одлучи како доказ да се изведат искази на сведок дадени пред јавен обвинител во претходната постапка, доколку од појавените индиции може да се заклучи дека сведокот бил изложен на насилство, закана, ветување на пари или друга корист, за да не сведочи или лажно да сведочи на главната расправа (член 388 ст. 4 од ЗКП).

## ИСКАЗ НА СВЕДОК

Доказно средство (членови 212–232 од ЗКП) врз основа на кое органот што ја води постапката, преку непосредно сетилно запазување на некое лице (сведок), дознава факти од чие постоење или непостоење зависи одлучувањето во одредена правна работа (правно релевантни факти).

## ИСПИТУВАЊЕ НА ОБВИНЕТ

Доказно средство кое може да се примени откако обвинетиот задолжително е поучен за неговите/нејзините права (член 206 ст. 1 од ЗКП), вклучувајќи го известувањето дека не е должен да ја изнесе својата одбрана, ниту да одговара на поставените прашања, но доколку даде изјава, таа може да се користи во постапката против него (член 206 ст. 1 т. 2 од ЗКП). Испитувањето започнува со прашања на бранителот, а потоа прашања поставуваат обвинителот, оштетениот и сообвинетите, согласно со членот 384 од овој закон, со кој се уредува директно, вкрстено и дополнително испитување (член 391 од ЗКП).

## ИСПРАВИ

Доказни средства, во кои спаѓаат документи или предмети во кои се наоѓа одреден запис или други облици на забележување релевантни податоци за докажување на факти што се битни за правните односи (види: Јавен документ, Приватен документ).

## ИСТРАЖНА ПОСТАПКА

Постапка против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог (член 291 ст. 1 од ЗКП). Истражната постапка (која заедно со предистражната постапка е дел од претходната постапка (глави XX и XXI од ЗКП)) сега ја спроведува надлежниот јавен обвинител, при што на располагање ја има правосудната полиција (член 291 ст. 2 од ЗКП).

## ИСТРАЖЕН СУДИЈА

Судија на основен суд кој, според претходно важечкиот ЗКП, водеше истрага, која со новиот ЗКП е префрлена во надлежност на јавниот обвинител (види: јавен обвинител).

J

## ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Службено лице чие основно право и должност е да ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност (член 39 ст. 1 од ЗКП). Правата и должностите на јавниот обвинител опфаќаат насочување на дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители; предлагање или издавање наредба за преземање на посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со ЗКП; донесување наредба и спроведување истражна постапка; пронаоѓање, предлагање и обезбедување докази, под услови и на начин определени со овој закон; предлагање привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација; одлучување за одлагање на кривичното гонење под услови и на начин определени со ЗКП; предлагање да се издаде казнен налог под услови определени со ЗКП; преговарање и спогодување со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со ЗКП; поднесување и застапување обвиненија пред надлежниот суд; поднесување жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки; одлучување по жалба на оштетениот во случаи утврдени со ЗКП и преземање и други дејствија утврдени со закон (член 39 ст. 2 од ЗКП); поведување посебни постапки и учествување во нив кога тоа е пропишано со посебен закон (член 39 ст. 3 од ЗКП).

## ЈАВНА ИСПРАВА

Исправа која во пропишан облик и во рамките на своите надлежности ја издал државен орган или орган кој врши јавни овластувања. На пример, член 4 ст. 1 од Законот за нотаријатот утврдува: „Нотарски исправи се јавни исправи кои нотарот ги составил во рамки на делокругот на работата и службените дејствија утврдени со закон и тоа исправи за правни работи и изјави кои ги составил нотарот во форма на нотарски акт (нотарски акти), нотарски платен налог, записници за правни работи и други дејствија што ги презел нотарот или биле преземени во негово присуство (нотарски записници), потврди за факти кои нотарот ги утврдил со непосредно забележување или со помош на исправи (нотарски потврди) и потврдени (солемнизирани) приватни исправи."

## ЈАВНИ ОРГАНИ

Министерства, органи на државната управа, организации утврдени со закон, други државни органи, правни и физички лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органи на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје (член 4 т. 1 од ЗОУП).

## ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела врши и други работи утврдени со закон (член 2 од Законот за јавното обвинителство).



## КАЗНА

Вид на кривична санкција со чие извршување на кривично одговорен сторител на кривично дело принудно му се одземаат или ограничуваат одредени слободи и права; исто така, вид на санкција во друга постапка (види: Затвор, Прекршочни санкции, Казни во прекршочни постапки). Според членот 33 ст. 1 од КЗ: „(1) За кривични дела на кривично одговорните сторители може да им се изречат следниве казни: 1) казна затвор; 2) парична казна; 3) забрана на вршење професија, дејност или должност; 4) забрана на управување со моторно возило

и 5) протерување странец од земјата.“ Членот 96-а ст. 1 од КЗ утврдува дека „[з] а кривични дела на правни лица како главна казна се изрекува парична казна.“

## КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА

Евиденција за кривични осуди, што ја води првостепениот суд надлежен според местото на раѓање на осудениот (член 106 ст. 1 од КЗ). За лицата родени во странство, или за оние чие место на раѓање е непознато. како и за правните лица, казнената евиденција ја води судот определен со закон, освен ако со овој законик не е определен друг орган за водење на казнена евиденција (член 106 ст. 2 од КЗ). Податоците од казнената евиденција може да му се дадат на судот и на јавното обвинителство во врска со кривичната постапка што се води против порано осудениот и на надлежните органи што учествуваат во постапката за давање амнестија и помилување (член 106 ст. 3), или - по образложено барање - и на државни органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состојат во забрани или ако за тоа постои оправдан интерес заснован врз закон (член 106 ст. 4 од КЗ). Никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност (член 106 ст. 5 од КЗ).

## КАЗНЕНА ПОЛИТИКА

Систем на мерки и активности преземени од надлежни државни органи за казнување на сторители на кривични дела (вклучувајќи и прекршоци) за да се сузбијат казниви поведенија (види: Цел на казнување).

## КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Јавна книга (дефинирана во членот 2 т. 2 од Законот за катастар на недвижности) во која се врши запишување на правото на сопственост и на другите стварни права на недвижностите, на податоците за недвижностите, како и на други права и факти чие запишување е утврдено со закон. Членот 138 ст. 1 од Законот за катастар на недвижности определува дека катастарот на недвижности е дел од геодетско-катастарскиот информационен систем (ГКИС) во кој се содржани податоци за правата на недвижностите, носителите на правата на

недвижностите и просторните и описните податоци за недвижностите. Според членот 137 од Законот за катастар на недвижности, со запишување во катастарот на недвижности се стекнува правото на сопственост и други стварни права на недвижностите, а податоците запишани во катастарот на недвижностите се јавни и можат да ги користат сите лица, под услови определени со закон (види: Прибележување, Запишување, Тапија, Таписки систем).

## КВАЛИФИКАТОРНИ ОКОЛНОСТИ

Околностите кои на едно кривично дело му даваат потежок облик (настапување на потешки последици, особено сериозни околности сврзани со времето, местото и начинот на извршување на кривичното дело), поради што во такви случаи се предвидува построго казнување.

## КВАЛИФИЦИРАНИ ОБЛИЦИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Кривични дела кои претставуваат најтежок облик на некое кривично дело со оглед на настапувањето на тешките последици и околностите под кои е сторено делото. Овие сериозни облици на кривични дела претставуваат зголемен степен на општествена опасност, па затоа за нив се пропишани посебни кривични санкции.

## КЛЕВЕТА

Изнесување или пронесување невистинити факти пред трето лице што се штетни за честа и угледот на друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да се наштети на неговата чест и углед, доколку оној кој врши такво изнесување или пронесување знае или бил должен и можел да знае дека се невистинити (член 8 ст. 1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета).

# КОНЕЧНОСТ НА УПРАВЕН АКТ

Својство на управен акт што оневозможува негово побивање со редовен правен лек (види: Правосилност на управен лек).

# КОНДЕМНАТОРНА ПРЕСУДА

Пресуда со која парничен суд обврзува некое тужено лице да чини нешто, односно да не чини нешто или да се воздржи од нешто (види: Деклараторна пресуда, Конститутивна пресуда).

# КОНДЕМНАТОРНА ТУЖБА

Тужба во парнична постапка со која од судот се бара да го обврзе тужениот да чини нешто, односно да не чини нешто или да се воздржи од нешто (види: Деклараторна тужба, Конститутивна тужба).

# КОНСТИТУТИВНА ПРЕСУДА

Пресуда со која парничен суд менува (преобразува) некој постоечки правен однос, како што е пресуда за развод на брак (види: Деклараторна пресуда, Кондемнаторна пресуда).

# КОНСТИТУТИВНА ТУЖБА

Тужба во парнична постапка со која се бара измена (преобразба) на правен однос, како што е: развод на брак, измена на одлуката за издршка итн. (види: Деклараторна тужба, Кондемнаторна тужба).

## КОПИЈА

Пресликување на оригинал или матрица, вклучувајќи зголемување и намалување, со механичко или електронско преснимување, хемиска репродукција или некоја друга еквивалентна техника со која прецизно се репродуцира оригиналот.

## КОРУПЦИЈА

Нечесно однесување на службени лица што може да претставува злоупотреба на службената положба и влијание спротивно на законските одредби и/или професионалната етика, често пати проследено со барање и/или примање парични износи, дарови и сл. и/или остварување други користи или погодности.

## КРАЈНА НУЖДА

Според членот 10 ст. 1 и 2 од КЗ, не е кривично дело она што е сторено во крајна нужда, која постои кога кога делото е сторено со цел сторителот да отстрани од себе или од друг истовремена нескриена опасност што на друг начин не можела да се отстрани, а притоа стореното зло не е поголемо од злото што се заканувало (види: Пречекорување на крајна нужда). Сторителот кој сам предизвикал опасност од небрежност или ги пречекорил границите на крајната нужда, може да се казни поблаго, а ако пречекорувањето е сторено под особено олеснувачки околности - може и да се ослободи од казна (член 10 ст. 3 од КЗ). Нема крајна нужда ако сторителот бил должен да се изложи на опасност (член 10 ст. 4 од КЗ).

## КРИВИЧНО ДЕЛО

Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон (член 7 од КЗ).

## КРИВИЧНО ДЕЛО СТОРЕНО СО НЕСТОРУВАЊЕ

Кривичното дело се врши со несторување само кога сторителот го пропуштил

сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предизвикувањето на последицата на делото со сторување (член 29 од КЗ).

## КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ

Одговорност на сторител кој е пресметлив и кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото (член 11 ст. 1 од КЗ). Одговорност на сторител за кривично дело сторено од небрежност постои само кога тоа го определува законот (член 11 ст. 2 од КЗ). Кривична одговорност на правно лице постои во законски определени случаи за кривично дело сторено од одговорно лице во правното лице, во име, за сметка или во корист на правното лице (член 28-а ст. 1 од КЗ) или „од негов вработен или застапник со кое е остварена значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета, ако: 1) извршувањето на заклучок, наредба или друга одлука или одобрение на орган на управување, орган на раководење или надзорен орган претставува сторување на кривично дело или 2) до сторување на делото дошло поради пропуштање на должниот надзор на органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган или 3) органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган не го спречил кривичното дело или го прикрил или не го пријавил пред покренувањето на кривична постапка против сторителот" (член 28-а ст. 2 од КЗ). Единиците на локалната самоуправа се одговорни само за делата извршени надвор од нивните јавни овластувања (член 28-а ст. 4 од КЗ); а под условите од ставовите (1) и (2) на овој член, кривично се одговорни: сите правни лица со исклучок на државата (член 28-а ст. 3 од КЗ), односно странско правно лице ако делото е сторено на територијата на Република Македонија, без оглед дали има свое претставништво или подружница која врши дејност на нејзина територија (член 28-а ст. 5 од КЗ). Членот 28-б ст. 1 од КЗ утврдува дека „[о]дговорноста на правното лице не ја исклучува кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото." Во членот 28-б ст. 2 е утврдено дека, под условите од членот 28-а ставови (1) и (2) на овој член, правното лице е одговорно за кривично дело и кога постојат фактички или правни пречки за утврдување на кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото, а ставот 3 од истиот член утврдува дека ако кривичното дело е сторено од небрежност, правното лице е одговорно, под условите од членот 28-а на овој законик, ако со закон е предвидено казнување за кривично дело сторено од небрежност.

## КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Збир на законски одредени кривично-процесни дејствија на процесните субјекти, кои се вршат со цел да се овозможи судот да донесе одлука за кривичното дело, сторителот и кривичната санкција.

## КРИВИЧНА ПРИЈАВА

Усно или писмено известување до надлежниот јавен обвинител дека е извршено кривично дело (членови 272–274 од ЗКП). Јавниот обвинител е должен да ја провери пријавата и да утврди дали постои кривично дело и сторител.

## КРИВИЧНИ САНКЦИИ

Принудни мерки на државата што се применуваат врз сторители на кривични дела, а вклучуваат казни, алтернативни мерки, мерки на безбедност и воспитни мерки (види: Воспитни мерки, Затвор, Казна, Мерки на безбедност, Парична казна, Судска опомена, Условна осуда).

## КРИВИЧНО ПРАВО

Систем на законски прописи со кои се пропишуваат кривични дела, кривични санкции, услови за утврдување на кривична одговорност и услови за казнување на сторители на кривични дела.

## КРИМИНАЛИСТИКА

Научна дисциплина која со стручни постапувања, мерки и практични методи бара, проучува и усовршува начини, постапки и методи на работа за расветлување на кривични дела.

## КРИМИНАЛИТЕТ

Севкупност на казниви дела и делинквентни поведенија во едно општество во одреден период (види: Делинквенција).

## КРИМИНОЛОГИЈА

Наука која се занимава со проучување на причините на криминалот.

Л

## ЛИТИСПЕНДЕНЦИЈА

Постоење на парнична постапка што меѓу истите странки и по исто тужбено барање веќе се води пред друг парничен суд. Парницата почнува да тече со доставување на тужба до тужниот.

## ЛИЧНИ ПРАВА

Права над лични добра (права на живот, на телесен интегритет, на чест и углед, на човеково достоинство, на приватност и сл.).

## ЛИКВИДАЦИЈА НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Начин на престанок на правно лице (претпријатие, банка и сл.) врз основа на правосилна пресуда со која е изречена казна престанок на правно лице (постапката за ликвидација се покренува во рок од 30 дена од правосилноста на пресудата, во согласност со членот 96 ст. 10 од Кривичниот законик) или поради отварање на стечајна постапка врз имотот на еден од неограничено одговорните содружници (член 170 од Законот за стечај). Членот 2 ст. 1. т. 23 од Законот за стечај утврдува дека „ликвидација на должникот“ е постапка на впаричување на имотот на должникот или поделба на имотот меѓу доверителите (види: Стечај).

## ЛИКВИДАТОР

Лице кое спроведува ликвидација на трговско друштво. Ликвидатор може да биде содружник на друштво, член на орган на управување или управител на трговското друштво (член 539 од Законот за трговските друштва) или да биде назначен од надлежниот суд (член 540 од Законот за трговските друштва).

M

## МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАТВОР

Најстрога санкција која може да му се изрече на кривично одговорно дете над 16-годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка (член 51 ст. 2 од Законот за правда за децата). Затворот за деца не може да биде пократок од една ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година (член 51 ст. 3 од Законот за правда за децата).

## МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

Збир на материјално-правни норми со кои се пропишува стекнување, користење, престанок и заштита на субјективни права, или се предвидуваат кривични дела, услови за одговорност за извршено кривично (или друго казниво) дело и кривични санкции (или други санкции) кои можат да му се изречат на сторителот на кривично (казнивото) дело.

## МЕЃУПРЕСУДА

Одлука со која суд, во парници каде што се бара исплата на паричен износ, решава само за основаноста на тужбеното барање, но не и за висината на барањето. Според членот 316 од ЗПП, ако тужениот ги оспорил и основот и износот на тужбеното барање, а во поглед на основот работата узреала за донесување одлука, судот може заради целесообразност прво да донесе пресуда само за основот на тужбеното барање (меѓупресуда).

## МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

Санкции насочени кон отклонување на состојбите или условите што можат да влијаат сторителот во иднина да не врши кривични дела (член 60 од КЗ), кои (согласно член 34 ст. 5 од Законот за правда за децата) можат да му се изречат и на дете под условите определени со Кривичниот законик и со Законот за правда за децата (види: Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, Задолжително психијатриско лекување на слобода, Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани).

## МЕРИТОРНА СУДСКА ОДЛУКА

Одлука со која се одлучува за меритумот (суштината) на предметот на спорот.

## МЕРИТУМ

Главен предмет (суштина) на одлучување; во кривичната постапка главен предмет на кривичната постапка е утврдување дали постои кривично дело, кривична одговорност и дали и каква санкција да се изрече.

## МЕСНА НАДЛЕЖНОСТ

Право и должност на стварно надлежен суд (или друг орган) да врши судска (или друга) функција со решавање во конкретен судски (управен или друг) предмет, односно правна работа на одредена територија што со закон е определена како негова територија (види: Стварна надлежност, Суд, Управен орган, Функционална надлежност).

## МЕСНА НАДЛЕЖНОСТ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Месната надлежност на јавниот обвинител се определува според одредбите што важат за надлежноста на судот за подрачјето за кое е избран јавниот обвинител (член 40 ст. 2 од ЗКП). Според членот 12 од Законот за јавното обвинителство: „

(1) Јавно обвинителство се основа за подрачје на суд од соодветен степен, пред кој надлежно постапува. (2) Јавното обвинителство на Република Македонија се основа за целата територија на Република Македонија со седиште во Скопје. (3) Вишо јавно обвинителство се основа за подрачје на апелационен суд. (4) Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се основа за целата територија на Република Македонија со седиште во Скопје. (5) Основно јавно обвинителство се основа за подрачје на еден или повеќе основни судови“ (види: список на основни и виши јавни обвинителства од членовите 13 и 14 од Законот за јавното обвинителство во прилогот II „Список на судови и јавни обвинителства во државата“).

## МЕСНА НАДЛЕЖНОСТ НА ОСНОВНИ СУДОВИ

Во кривична постапка месно надлежен, по правило, е основниот суд на чие подрачје е извршено или обидено кривичното дело (член 26 ст. 1 од ЗКП). Посебна месна надлежност постои: за суд на чие подрачје се наоѓа живеалиштето или престојувалиштето на лице кое е обвинето со приватна кривична тужба; за суд што по барање од овластен тужител прв ја започнал постапката или до кого прво е поднесено барањето за поведување на постапката која сè уште не е поведена, кога кривичното дело било извршено или обидено на подрачја на различни судови, или на границата на тие подрачја или е неизвесно на кое подрачје е извршено или обидено; за кривично дело сторено на домашен брод или воздухоплов; за кривично дело сторено преку печатени средства за информирање; за кривично дело сторено преку радио, телевизија или интернет; ако местото на извршување не е познато или е надвор од државата; ако судот на чие подрачје обвинетиот има живеалиште или престојувалиште веќе ја започнал постапката, иако се дознало за местото на извршувањето на кривичното дело; ако не е познато ниту местото на извршување на кривичното дело, ниту живеалиштето или престојувалиштето на обвинетиот или обете се надвор од државата; ако некое лице сторило кривични дела во државата и во странство; ако според одредбите на ЗКП не може да се установи кој суд е месно надлежен (член 26 ст. 2–11 од ЗКП).

Прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд (член 54 ст. 1 од од Законот за прекршоци[3], за чија месна надлежност овој закон упатува кон релевантните одредби на ЗКП доколку со одредбите на Законот за прекршоци не е определено поинаку (член 2 ст. 2 од Законот за прекршоци). Исто така, овој закон определува месна надлежност на суд на чие подрачје детето (кое

3 Водењето на прекршочна постапка и изрекувањето на прекршочни санкции за одделни прекршоци определени со закон може да е во надлежност на прекршочен орган (член 54 ст. 2 од ЗП), но против конечната одлука за прекршок се гарантира судска заштита (член 54 ст. 3 од ЗП).

е „во судир со законот“) има живеалиште или престојувалиште (член 137 ст. 1 од Законот за прекршоци).

Во парнична постапка постои општа месна надлежност на суд на чие подрачје: тужениот има живеалиште (член 39 ст. 1 од ЗПП), тужениот има престојувалиште „ако тужениот нема живеалиште во Република Македонија (член 39 ст. 2 од ЗПП), подолго ќе престојува тужениот кој има живеалиште (член 39 ст. 3 од ЗПП); се наоѓа седиштето на единица на локална самоуправа (член 40 ст. 1 од ЗПП), или седиштето на правно лице (член 40 ст. 2 од ЗПП); се наоѓа последното живеалиште на државјанин на Република Македонија кој постојано живее во странство каде што е упатен на служба или на работа од страна на државен орган или правно лице (член 41 од ЗПП)“. ЗПП утврдува посебна месна надлежност: за сопарничари (член 42); во спорови за законска издршка (член 43); во спорови заради надоместок на штета (член 44); во спорови заради заштита на права врз основа на гаранција од производителот (член 45); во брачни спорови (членови 46 и 47); во спорови за утврдување или оспорување на татковство (член 48); во спорови за недвижност и поради смеќавање на владение (член 49); во спорови за брод и воздухоплов (член 50); за лица кои немаат општа месна надлежност во Републиката (член 51); според местото во кое се наоѓа деловната единица на правно лице (член 52); според местото во кое се наоѓа застапништво на странско правно лице во Републиката (член 53); за спорови од односи со воени единици (член 54); во спорови од наследно-правни односи (член 55); во спорови во извршна и стечајна постапка (член 56); според местото на плаќање (член 57); во спорови од работни односи (член 58); за тужби против странски државјани (член 59); со одлука на повисок суд, ако надлежниот суд не може да постапува поради изземање на судија (член 60), ако е очигледно дека така полесно ќе се спроведе постапката или ако за тоа постојат други важни причини (член 61), или ако според одредбите од овој закон не може да се утврди кој суд е месно надлежен (член 62); со спогодба, ако со закон не е определена исклучителна месна надлежност (член 63 ст. 1), освен за спорови од член 45 (член 63 ст. 2).

За решавање во вонпарнична постапка (според членот 14 од ЗВП) месно надлежен е судот на чие подрачје предлагачот има живеалиште или престојувалиште, ако поинаку не е определено со ЗВП или со друг закон (види: Стварна надлежност на основни судови).



## НАВРЕДА

Деликт (што од крајот на 2012 година е декриминализиран) против честа и

угледот, што може да се изврши со изјава (усна или напишана) или однесување со кое се повредува честа и угледот на едно лице (види: Углед, Чест).

## НАДЛЕЖНОСТ НА СУД

Овластување на суд да постапува во определена правна работа (види: Месна надлежност, Стварна надлежност, Функционална надлежност и список на судови со нивни подрачја во прилогот II кон лексиконот).

## НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОВИ ВО ДРЖАВАТА

Основните судови се основани за подрачјето на една или повеќе општини, кои согласно стварната надлежност судат во прв степен и се основаат како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност (член 23 ст. 1 и 2 од Законот за судовите) за судење во граѓански, кривични или други предмети, освен оние кои спаѓаат во надлежност на управните судови и Уставниот суд на Република Македонија (види: список на основни судови од членот 28 на Законот за судовите во прилогот II „Список на судови и јавни обвинителства во државата", Стварна надлежност на основни судови). Апелациони судови се основани за подрачјето на повеќе судови од прв степен определени со овој закон (член 24 од Законот за судовите) за судење по жалби против првостепени одлуки (види: список на апелациони судови од членот 29 на Законот за судовите во прилогот II „Список на судови и јавни обвинителства во државата", Стварна надлежност на апелациони судови). Според членот 25 ст. 1 и членот 25-а ст. 1 од Законот за судовите, Управниот суд, односно Вишиот управен суд се основаат и вршат судска власт на целата територија на државата (види: Стварна надлежност на Управниот суд, Стварна надлежност на Вишиот управен суд). Членот 26 ст. 1 од Законот за судовите определува дека Врховниот суд на Република Македонија врши судска власт на целата територија на државата (види: Стварна надлежност на Врховниот суд). Уставниот суд на Република Македонија има надлежност на целата територија на државата (види: Стварна надлежност на Уставниот суд).

## НАСИЛНА СМРТ

Насилно оштетување на здрвјето, односно повреди кои не настануваат спонтано,

туку се причинети од надворешни причини. Смрт која настанува како последица на повреда е насилна смрт (mors violenta), а според потеклото може да биде предизвикана од несреќа, самоубиство или убиство.

## НАСЛЕДНИК

Физичко или правно лице кое врз основа на закон, тестамент или друг правен акт го наследува оставителот.

## НАСЛЕДНО ПРАВО

Збир на правни прописи кои го уредуваат наследувањето, односно правото на некое лице да стекне одредени права врз оставината.

## НАЧЕЛО НА АКУЗАТОРНОСТ И ОФИЦИЈАЛНОСТ

Поведување на кривична постапка само по барање од овластениот тужител, при што јавниот обвинител е овластен тужител за дела за кои се гони по службена должност или по предлог на оштетениот, а приватниот тужител е овластен тужител за дела за кои се гони по приватна тужба (член 17 од ЗКП).

## НАЧЕЛО НА ЛЕГАЛИТЕТ

Должност на јавниот обвинител да преземе кривично гонење ако постојат докази дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, освен ако со ЗКП поинаку не е определено (член 18 од ЗКП).

## НЕБРЕЖНОСТ

Облик на вина (полесен од умисла) што се состои од неволно остварување на

кривично дело. Небрежноста може да биде свесна или несвесна (види: Несвесна небрежност, Свесна небрежност, Директна умисла, Евентуална умисла, Вина).

## НЕДВИЖНИ СТВАРИ (ПРЕДМЕТИ)

Ствари кои не можат да се придвижуваат без оштетување на нивната суштина. Според членот 2 т. 2 од Законот за катастар на недвижности: „Недвижности се земјишта, згради, посебни и заеднички делови на згради и други објекти и инфраструктурни објекти."

## НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

Штета настаната со повреда на лични права: физички или психички интегритет, болка, страв, повреда на честа и угледот, нагрденост и сл. (види: Штета).

## НЕПРЕСМЕТЛИВОСТ

Состојба на намалена способност за расудување и одлучување на сторител на кривично дело кој, поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, или други особено тешки душевни пречки не е способен да го сфати значењето на делото и да управува со своите постапки (член 12 ст. 1 од КЗ). На непресметлив сторител на кривично дело не му се изрекува казна, туку мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа или мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување на слобода (член 62 ст. 2 од КЗ) (Види: Мерки на безбедност, Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, Задолжително психијатриско лекување на слобода).

## НЕСВЕСНА НЕБРЕЖНОСТ

Најлесен облик на вина, кога сторителот на кривично дело „не бил свесен за можноста од настапување на штетна последица, иако според околностите и

според своите лични својства бил должен и можел да бил свесен за таа можност“ (член 14 in fine од КЗ).

## НУЖНА ОДБРАНА

Одбрана што е неопходно потребна сторителот да одбие, од себе или од друг, истовремен противправен напад, при што дело сторено во нужна одбрана не е кривично дело, како што утврдува членот 9 ст. 1 и 2 од ЗКП (види: Пречекорување на нужна одбрана).

О

## ОБВИНЕТ

Лице против кое е потврден обвинителен акт, поднесен обвинителен предлог, поднесен предлог за примена на мерка за безбедност, поднесена приватна тужба или поднесен предлог за издавање на казнен налог (член 21 т. 2 од ЗКП). Изразот „обвинет“ во ЗКП се употребува и како општ назив за осомничен, обвинет и осуден (ibid., in fine).

## ОБВИНЕНИЕ

Обвинителен акт на тужител со кој одредено лице се обвинува за одредено кривично дело.

## ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ

Лице кое има соодветни овластувања во определен државен орган. На пример, според член 2 ст. 2 од Законот за полиција: „Полициски службеник е овластено службено лице согласно со одредбите од Законот за внатрешни работи, униформиран и неуниформиран припадник на Полицијата со полициски овластувања, кој ги врши полициските работи во согласност со закон.“

## ОБИД

Започнување на извршување на кривично дело што не е довршено. Обидот е казнив според членот 19 од КЗ.

## ОБЛИГАЦИОНЕН ОДНОС

Граѓанско-правен однос меѓу две лица, доверител, од една страна и должник, од друга страна, што подразбира право на доверителот да бара некакво чинење, нечинење или пропуштање од должникот, а должникот има обврска да го направи тоа.

## ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО

Збир на правни норми со кои се уредуваат облигационите односи (Закон за облигационите односи).

## ОДБИВАТЕЛНА ПРЕСУДА

Пресуда со која се одбива обвинението, што се изрекува од надлежниот суд ако: „1) судот не е стварно надлежен за пресудување; 2) постапката е водена без барање на овластен тужител; 3) тужителот од започнувањето па до завршувањето на главната расправа се откажал од обвинението; 4) немало потребен предлог, одобрение или ако надлежниот државен орган се откажал од предлогот, односно одобрението или ако оштетениот се откажал од предлогот; 5) обвинетиот за истото дело е веќе правосилно осуден, ослободен од обвинението или постапката против него е правосилно запрена со решение и 6) обвинетиот со акт на амнестија или помилување е ослободен од гонењето или не може да се преземе кривичното гонење поради застареност, или ако постојат други околности што го исклучуваат кривичното гонење“ (член 402 од ЗКП).

## ОДГОВОР НА ТУЖБА

Парнично дејствие на тужениот со кое тој или таа се изјаснува за наводите од тужбата, предлагајќи докази заради утврдување факти кои му одат во прилог.

## ОДЗЕМАЊЕ НА ДЕЛОВНА СПОСОБНОСТ

Вонпарнична постапка во која „судот одлучува за целосно или делумно одземање на деловна способност на лице кое, поради душевно заболување, слабоумност, употреба на алкохол или други нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, не е во состојба да се грижи за себе и за заштита на своите интереси“ (член 34 ст. 1 од ЗВП).

## ОДЗЕМАЊЕ НА ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКИ ПРАВА И ВРАЌАЊЕ НА РОДИТЕЛСКИ ПРАВА

Вонпарнична постапка во која, според членовите 106 и 108 ст. 1 од ЗВП, судот одлучува дали има причини на родител да му биде одземено вршењето на родителски права (по предлог од другиот родител или ентарот за социјални работи) или да му биде вратено вршењето на родителските права (и по предлог од родителот на кој му е одземено вршењето на тие права).

## ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТ

Санкција во казнена постапка (член 96-к и 100-а од ЗКП) чија смисла е да се одземат предмети што биле употребени или наменети за сторување на казниво дело или произлегле од тоа казниво дело.

## ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНА

Одредување на видот и мерата на казна што му се изрекува на сторител на кривично дело.

## ОДОБРУВАЊЕ НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

Обвинителниот акт се одобрува од судија или совет кои се надлежни за оцена на обвинителниот акт (член 320 од ЗКП) доколку јавниот обвинител доставил доволно докази од кои произлегува постоење на основано сомнение дека осомничениот го сторил делото наведено во обвинителниот акт. Решението со кое судијата или советот за оцена на обвинителниот акт го одобрува обвинителниот акт во целост или делумно мора да биде образложено, но со образложението не смее да се прејудицира решавањето на прашањата што ќе бидат предмет на испитување и оцена на главната расправа (член 338 ст. 1 од ЗКП). При донесување на решението за одобрување на обвинителниот акт, судијата или советот за оцена на обвинителниот акт не е врзан за правната квалификација на делото што јавниот обвинител ја навел во обвинителниот акт (член 338 ст. 2 од ЗКП).

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИРАНА НЕДВИЖНОСТ

Вонпарнична постапка во која судот го одредува надоместокот за експроприрана недвижност (член 241 од ЗВП), доколку во рок од три месеци по правосилноста на решението за експропријација не се постигне спогодба за надоместокот (став 2 и други одредби од членот 242 од ЗВП).

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИТВОР

Притвор е најстрога мерка на процесна присилба во казнена постапка, што под законски пропишани услови ја одредува надлежен суд во текот на таа постапка, при што на осомничен, односно обвинет му се одзема личната слобода во одреден временски период заради осигурување на одредена цел што е пропишана со одредби на казненото процесно право. Според членот 164 од ЗКП: „(1) Притвор може да се определи само под условите предвидени во овој закон. (2) Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Должност е на сите органи што учествуваат во кривичната постапка и на органите што им укажуваат правна помош да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор. (3) При одлучување за притворот, особено за неговото траење, ќе се води посебна сметка за сразмерноста меѓу тежината на стореното кривично дело, казната која може да се очекува според податоците со кои располага судот и потребите за определување и траење на притворот. (4) Во текот на целата

постапка притворот ќе се укине веднаш штом ќе престанат причините врз основа на кои бил определен." Членот 165 ст. 1 од ЗКП утврдува дека притворот се определува ако постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело и доколку е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, ако: „1) лицето се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство; 2) постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите; 3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува или 4) уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата" (види: Притвор).

## ОПШТЕСТВЕНА ОПАСНОСТ

Повреда или загрозување на некое добро или интерес од поголемо значење.

## ОЦЕНКА НА ДОКАЗИ

Активност на суд или управен орган што се состои од оценување на изведените докази во врска со фактите кои се предмет на докажување, од кои зависи одлучувањето во конкретен судски, управен или друг предмет.

## ОЛЕСНУВАЧКИ ОКОЛНОСТИ

Околности од објективен или субјективен карактер што влијаат на кривично одговорен сторител на кривичното дело, во рамките на законски пропишаните граници, да му се изрече поблага казна, по вид или по мера.

## ОПОМЕНА ВО ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Прекршочна санкција што се изрекува наместо глоба кога се работи за полесен прекршок (член 14 ст. 1 од Законот за прекршоците).

## ОРГАН НА СТАРАТЕЛСТВО

Државен орган или стручна служба на кој(а) со закон или друг општ акт му(ѝ) е доверено вршење работи на старателство.

## ОРИГИНАЛ

Спис, снимка или сличен еквивалент со кој се остварува исто дејство (ефект) од страна на лицето кое го пишува, снима или издава. „Оригиналот“ на фотографија ги вклучува негативот и сите копии. Ако податоците се снимени во компјутер или сличен уред за автоматка обработка на податоци, оригинал е и секој отпечатен примерок или снимен податок што е видлив со голо око.

## ОСЛОБОДИТЕЛНА ПРЕСУДА

Пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението, што судот ја изрекува, ако: „1) делото за кое се обвинува не е кривично дело според законот; 2) има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност и 3) јавниот обвинител или тужителот не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.“ (член 403 од ЗКП).

## ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД КАЗНА

Овластување на суд да го ослободи од казна сторителот на кривичното дело само кога тоа законот изречно го предвидува (член 42 ст. 1 од КЗ) во случаи на: нужна одбрана (член 9 ст. 3 од КЗ), крајна нужда (член 10 ст. 3 од КЗ), неподобен обид (член 20 од КЗ), доброволно откажување (член 21 ст. 1 од КЗ), доброволно спречување или сериозен обид од соизвршител, поттикнувач или

помагач да го спречи извршувањето на кривичното дело (член 25 ст. 2 од КЗ). Во членот 43 од КЗ е пропишана и посебна основа за ослободување од казна на сторител на кривично дело сторено од небрежност, кога последиците на делото го погодуваат сторителот така тешко што изрекувањето на казна во таков случај не би одговарало на целта на казнувањето; како и ослободување поради отстранување на штетните последици на кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години што било извршено под особено олеснувачки околности, ако за тоа постои согласност и на оштетениот, доколку сторителот до завршувањето на кривичната постапка ја врати одземената корист на оштетениот, ја надомести штетата, или на друг начин ги надомести или поправи штетните последици на кривичното дело.

## ОСНОВИ НА СОМНЕНИЕ

Сознанија кои, врз основа на криминалистичкото знаење и искуство, можат да се оценат како доказ за сторено кривично дело (член 21 т. 14 од ЗКП).

## ОСНОВАНО СОМНЕНИЕ

Повисок степен на сознание, заснован врз прибавени докази, што упатува на заклучок дека определено лице сторило кривично дело (член 21 т. 15 од ЗКП).

## ОСОМНИЧЕН

Лице против кое се води претходна постапка (член 21 т. 1 од ЗКП), доколку постојат основи на сомнение дека лицето сторило кривично дело.

## ОСТАВИНА

Имотни права кои оставителот ги имал во времето на смртта, а се подобни за наследување.

## ОСУДЕН

Лице за кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одговорно за одредено кривично дело (член 21 т. 3 од ЗКП) или за прекршок.

## ОСУДИТЕЛНА ПРЕСУДА

Пресуда на суд кога утврдува дека обвинетиот е виновен и одлучува на обвинетиот да му изрече казна (или да го ослободи од казна) и/или друга санкција, односно алтернативна мерка (член 404 од ЗКП).

## ОТЕЖНУВАЧКИ ОКОЛНОСТИ

Околности од објективен или субјективен карактер кои влијаат за изрекување построга казна на кривично одговорно лице, во рамките на законски пропишаните граници.

## ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНА ОСУДА

Одлука на суд со која се отповикува условна осуда поради: ново кривично дело (член 51 од КЗ); порано сторено кривично дело (член 52 од КЗ) или неисполнување на определени обврски (член 53 од КЗ).

## ОШТЕТЕН

Оштетен, покрај жртвата, е и друго лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривично дело и кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење или заради остварување на имотно-правно барање (член 21 т. 5 од ЗКП).

## ПАРИЦИОНЕН РОК

Рок за доброволно извршување на чинидба, определен со пресуда или утврден од странките со судско порамнување.

## ПАРИЧНА КАЗНА

Видот на казна, што се состои во обврска на сторител на кривично дело, прекршок или друго казниво дело да плати одреден паричен износ во корист на државата, во рок определен со поединечниот правен акт (пресуда) со кој таа казна е изречена.

## ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Постапка во која судот расправа и одлучува во спорови за основните права и обврски на човекот и граѓанинот, за личните и семејните односи на граѓаните како што се работните, трговските, имотните и другите граѓанско-правни спорови, освен ако – како што определува членот 1 од ЗПП – „со закон за некои од тие спорови не е определено за нив судот да решава според правилата на некоја друга постапка." (види: Спор).

## ПАРНИЧНА СПОСОБНОСТ

Способност на странка во постапка да дејствува самостојно и полноважно да презема дејствија пред суд, што се изедначува со деловната способност што физичките лица ја стекнуваат со полнолетството, а ја губат со нивната смрт или прогласување на лице за умрено, односно со лишување од деловна способност (види: Деловна способност).

## ПЕНОЛОГИЈА

Наука која се занимава со проучување на казни и други видови на кривични санкции и нивната примена и извршување, како и нивното дејство (види: Кривични санкции).

## ПЛАТЕН НАЛОГ

Вид на судска одлука во парнична постапка, со која надлежниот суд, постапувајќи по тужба, врз основа на веродостојна исправа (види: Веродостојна исправа) го задолжува тужениот да исполни пристигнато побарување во пари (член 418 ст. 1 од ЗПП); а ако должникот приговорил пред нотар во постапка за извршување врз основа на веродостојна исправа согласно со Законот за извршување, судот ќе издаде платен налог ако тужителот го сторил веројатно постоењето на правен интерес за издавање на платен налог (член 418 ст. 2 од ЗПП).

## ПОБЛАГ КРИВИЧЕН ЗАКОН

Закон што е поповолен за обвинетиот во однос на некој друг закон што може да се примени во конкретниот случај.

## ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ТУЖБА

Парнично дејствие со кое тужителот се откажува од барањето судот да одлучи за основаноста на неговото тужбено барање. Според членот 183 од ЗПП: „(1) Тужителот може да ја повлече тужбата без согласност од тужениот пред да се впушти тужениот во расправање за главната работа. (2) Тужбата може да се повлече и подоцна, сè до заклучувањето на главната расправа, ако тужениот се согласи со тоа. Ако тужениот во рок од осум дена од денот на известувањето за повлекувањето на тужбата не се изјасни за тоа, ќе се смета дека се согласил со повлекувањето. (3) Повлечената тужба се смета како да не била ни поднесена и може повторно да се поднесе.“

## ПОВРАТ

Повторно извршување на кривично дело од страна на некое лице кое веќе било осудено за некое кривично дело (види: Кривично дело).

## ПОВРЕДА НА МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

Неприменување на норма на материјалното право или – при избирање одредена норма која одговара на фактичката состојба што треба да се подведе под таа норма – погрешно толкување на нормата при барање на нејзината содржина и смисла. Според процесните закони, погрешна примена на материјално право има во случаи на неприменување на одредба на материјалното право што надлежниот суд требало да ја примени или неправилна примена на таква одредба (член 345 од ЗПП, член 42-ѓ од ЗУС итн.). Повреда на Кривичниот законик (материјално-правен пропис) постои ако: „1) делото за кое се гони обвинетиот не е кривично дело; 2) има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност; 3) има околности што го исклучуваат кривичното гонење, а особено ако настапила застареност на кривичното гонење или гонењето е исклучено поради амнестија или помилување или работата е веќе правосилно пресудена; 4) во однос на кривичното дело што е предмет на обвинението е применет закон што не може да се примени; 5) со одлуката за казната, за условната осуда или за судската опомена, односно со одлуката за мерката на безбедност, или за одземање на имотната корист е пречекорено овластувањето што го има судот според законот и 6) се повредени одредбите за засметување на притворот, како и на секое лишување од слобода во врска со кривичното дело и на издржаната казна“ (член 416 од ЗКП).

## ПОДГОТВИТЕЛНО РОЧИШТЕ

Фаза во парничната постапка, што се спроведува со цел да се подготви главната расправа.

## ПОДИГАЊЕ НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

Кога јавниот обвинител ќе утврди дека постојат доволно докази од кои може да очекува донесување осудителна пресуда, го подготвува и поднесува обвинителниот акт до надлежниот суд (член 319 ст. 1 од ЗКП). ЗКП не предвидува посебен рок за поднесување обвинителен акт по завршувањето на истрагата, но очигледното одложување на подигнување обвинение може да биде причина за поведување на дисциплинска постапка поради несовесно вршење на должноста. Оценка на обвинителен акт врши судија за оцена на обвинителниот акт во случаите кога јавниот обвинител ќе утврди дека постојат доволно докази

од кои може да очекува донесување осудителна пресуда за сторено кривично дело за кое е предвидена казна затвор до десет години (член 320 ст. 1 од ЗКП), односно совет за оцена на обвинителниот акт во случаите кога се исполнети условите од членот 319 став (1) на ЗКП, а се работи за сторено кривично дело за кое е предвидена казна затвор од десет години или потешка казна (член 320 ст. 2 од ЗКП). По приемот на обвинителниот акт осомничениот: 1) може да поднесе приговор против обвинителниот акт согласно со членот 327 од ЗКП или 2) може да поднесе изјава за признавање на вината согласно со членот 329 од ЗКП или 3) доставува листа на докази кои предлага да се изведат на главната расправа (член 326 ст. 1 од ЗКП), како и писмен приговор против обвинителниот акт во рок од осум дена од приемот на обвинителниот акт (член 327 ст. 1 од ЗКП).

## ПОДНЕСОК

Писмено со кое се презема процесно дејствие на учесник во постапка (странка) надвор од рочиште. Членот 4 т. 9 од ЗОУП определува дека „[п]однесоци во постапка“ се барања, пријави, жалби, приговори, претставки и други изјави со кои странките се обраќаат до јавниот орган во врска со одредена управна работа. Во судските постапки карактеристични поднесоци се тужба, жалба и вонредни правни лекови, својствени на  кривична постапка се обинителен акт, приватна кривична тужба и др.

## ПОКАНА

Основна мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривична, прекршочна или друга казнена постапка; исто така, основен начин на комуникација на судот и управниот орган со учесници во одредена постапка.

## ПОЛНОМОШНИК

Полнолетно деловно способно лице кое во име и за сметка на странка (учесник) во постапка може да преземе дејствија во постапката. Во кривично-правна смисла, полномошникот е лице кое презема дејствија во име и за сметка на оштетениот, а полномошник („бранител“) на обвинет во кривична постапка може да биде само адвокат.

## ПОМАГАЊЕ

Облик на соучесништво во кривично дело, што се состои од помагање со умисла за да може друго лице да изврши кривично дело. Според членот 24 ст. 2 од КЗ: „Како помагање во извршувањето на кривично дело ќе се смета особено: давање совети или упатства како да се изврши кривичното дело, ставање средства за располагање на сторителот за извршување на кривичното дело, отстранување на пречките за извршување на кривичното дело, како и однапред ветено прикривање на кривичното дело на сторителот, на средствата со кои е извршено кривичното дело, на трагите на кривичното дело или на предметите прибавени со кривичното дело."

## ПОМИЛУВАЊЕ

Акт со кој, според членот 1 од Законот за помилување, претседателот на републиката дава помилување на поименично определени лица за кривични дела предвидени со закони на државата, согласно со одредбите на Кривичниот законик и одредбите на овој закон. Со помилување може изречената казна да се замени со условна осуда или да се избришат правните последици од осудата (членови 11 и 12 од Законот за помилување).

## ПОПРЕЧУВАЊЕ НА ВЛАДЕНИЕ

Оневозможување на државел да врши фактичка власт врз ствар или вознемирување на државелот при остварување фактичка власт врз ствар или право (види: Владение).

## ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

Мерки што се преземаат кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат: 1) следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон; 2) следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории

заради создавање на услови за следење на комуникации; 3) тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен; 4) таен увид и пребарување во компјутерски систем; 5) автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци; 6) увид во остварени телефонски и други електронски комуникации, 7) симулиран откуп на предмети; 8) симулирано давање и примање поткуп; 9) контролирана испорака и превоз на лица и предмети; 10) користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци; 11) отворање симулирана банкарска сметка и 12) симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци (член 251 ст. 2 од ЗКП).

## ПОТЕРНИЦА

Наредба на надлежен орган што им се доставува на органите за внатрешни работи за да се пронајде и доведе обвинетиот или осуденото лице кое се наоѓа во бегство.

## ПОТТИКНУВАЊЕ

Облик на соучесништво, што се состои во наведување со умисла некое лице да изврши кривично дело (член 23 ст. 1 од КЗ), вклучувајќи поттикнување и зацврстување на неговата намера да го стори делото (види: Помагање, Соизвршителство, Соучесништво).

## ПОУКА ЗА ПРАВЕН ЛЕК

Упатство кое суд (или друг орган) го дава во писмено изработена одлука, со кое ја предупредува странката кој правен лек и пред кои органи може да се изјави.

## ПРАВНА ЗАБЛУДА

Погрешна претстава или непостоење на претстава за постоење и значење на

определена правна норма; во кривичното право овој поим означува заблуда за забранетоста на стореното дело. Според членот 17 од КЗ: „1) Не е кривично одговорен сторителот на кривично дело кој од оправдани причини не знаел и не можел да знае дека тоа дело е забрането. (2) Ако сторителот на кривичното дело можел да знае дека делото е забрането, може да се казни поблаго."

## ПРАВНА СПОСОБНОСТ

Способност на правно или физичко лице да биде титулар на права или обврска; физичките лица стекнуваат правна способност со раѓањето, а ја губат со смртта или со прогласување на исчезнатото лице за умрено; правните лица стекнуваат правна способност со основање или со запишување во регистарот што го води надлежниот орган, а ја губат со престанок на правното лице како резултат на стечај и ликвидација (види: Стечај, Ликвидација).

## ПРАВЕН ЛЕК

Дејствие на странка или друго овластено лице со кое се побива судска одлука или одлука на управен орган (види: Вонреден правен лек, Жалба, Приговор).

## ПРАВЕН СУБЈЕКТ

Физичко или правно лице кое е носител на некое право или е оптоварено со некоја обврска.

## ПРАВНИ ЛИЦА

Ентитети чиј статус е признаен и дефиниран со важечки прописи. Статусот на правен субјект (претпријатија, банки, задруги, здруженија и др.) е создаден со запишување во соодветен регистар што се води од надлежен државен орган, врз основа на одлука или договор на основачите.

# ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОСУДАТА

Институт на кривичното право, до чија примена доаѓа врз основа на самиот закон, со осуда на одредена казна за определено кривично дело, а обично се состои од губење или забрана на стекнување на одредени права, како што е престанок на вршење определена функција, забрана за стекнување на звање или чин итн. Членот 101 ст. 1 од КЗ определува дека правните последици од осудата што се надоврзуваат на осудите за определени кривични дела можат да настапат само кога за кривичното дело на сторителот му е изречена казна затвор (ст. 1) и можат да се предвидат само со закон (ст. 2). Членот 102 од КЗ утврдува дека правни последици од осудата настапуваат со денот на правосилноста на пресудата (ст. 1), а правните последици од осудата што се состојат во забрана на стекнување на определени права траат најдолго десет години од денот на издржаната, простената или застарената казна (ст. 2).

# ПРАВО НА ЖАЛБА

Право на поднесување редовен правен лек против пресуда, одлука, решение, заклучок или друг поединечен акт во судска или управна постапка, со кое обично се оспорува правилноста и целосноста на утврдувањето на фактичката состојба, правилноста на примената на материјалното право и придржувањето кон суштествените одредби на постапката.

# ПРАВОСИЛНОСТ

Својство на судска одлука што значи неможност за побивање на одлуката со редовен правен лек (на пример, види член 322 од ЗПП).

# ПРАВОСИЛНОСТ НА УПРАВЕН АКТ

Неможност за побивање со редовен правен лек или за поведување управен спор против  акт со кого е решавано за права, обврски или правни интереси на странката (член 16 од ЗОУП).

## ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА

Една од фазите на претходната постапка (види глава XX од ЗКП), што вклучува пријавување кривични дела и поднесување пријава (членови 273 и 274 од ЗКП), постапувања на полицијата и јавното обвинителство итн.

## ПРЕДМЕТ НА ИЗВРШУВАЊЕ

Ствар или имотно право на должникот врз кое се спроведува извршување (види: Извршна постапка, Извршна постапка (управна)). Според членот 25 од Законот за извршување, предмет на извршување заради намирување на парично побарување може да биде секој должников предмет, имотно право и недвижност запишана во катастарот на недвижности, што со закон не се изземени од извршување, односно доколку извршувањето врз нив не е ограничено со закон.

## ПРЕДУМИСЛА

Посебен облик на вина, што се одликува со ладнокрвно, пресметано и подолго размислување за кривичното дело, начинот, средствата и другите околности на неговото извршување, кои можат да се земат предвид кај одмерување на казната при оценка на степенот на кривична одговорност.

## ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ

Еден од основните принципи на кривичната постапка, вклучен во ЗКП, чиј член 2 гласи вака: „(1) Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. (2) Државните органи, средствата за јавно информирање и другите субјекти се должни да се придржуваат до правилото од ставот (1) на овој член, а со своите јавни изјави за постапката што е во тек не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност“. Обврската од вториот став на членот 2 од ЗКП треба да се толкува така што при известувањето или при други видиви комуницирања со јавноста да не се употребуваат изрази кои ја прејудицираат вината на обвинетиот, туку треба да се користат изрази како што се „постои основано сомнение дека ...“ или „поради

тоа што, наводно, ...“ и сл. Презумцијата на невиност, како дел од правото на правично судење, е гарантирана и со членот 6 ст. 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ратификувана од нашата држава во 1997 година), која заедно со нејзините протоколи е директно применлива во нашата држава и има приоритет над останатите закони (имено, членот 118 од Уставот утврдува дека меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон).

## ПРЕИНАЧУВАЊЕ НА ПРЕСУДА

Одлуката со која надлежен суд, одлучувајќи по редовен или вонреден правен лек, донесува поинаква одлука во однос на побиваната одлука, доколку фактичката состојба е правилно утврдена, но материјалното право е погрешно применето во кривична постапка (член 435 ст. 1 од ЗКП) или доколку во парнична постапка е исполнет некој од основите/условите од членот 361 од ЗПП (види: Материјално право).

## ПРЕИНАЧУВАЊЕ НА ТУЖБА

Промена на идентичноста на барањето, зголемување на постојното или истакнување на друго барање покрај постојното (член 181 од ЗПП). Покрај објективно преиначување што се состои од промена на тужбеното барање, постои и субјективно преиначување, што се состои од промена на лицето опфатено со тужбата.

## ПРЕЈУДИЦИЕЛНО ПРАШАЊЕ

Правно прашање за кое е надлежен суд во судска постапка или друг државен орган во некоја друга постапка, од чие претходно решавање зависи одлуката во конкретна постапка.

## ПРЕКЛУЗИЈА

Губење на право на преземање процесно дејствие поради протек на законски пропишан рок.

## ПРЕКРШОК

Повреда на јавниот ред (поредок) утврдена со закон или друг пропис, за која е предвидена казна или друга санкција. Според членот 5 од Законот за прекршоците: „Прекршокот е противправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција.“

## ПРЕКРШОЧНА КАЗНА

Принудна мерка предвидена со општ акт (закон), изречена од надлежен државен орган, со која на одговорен сторител на прекршок му се одземаат или ограничуваат права и слободи (види: Прекршочни санкции).

## ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Постапка во која, врз основа на со закон утврдени општи услови и систем на санкции пропишан со општи акти, се утврдува одговорност и се казнува сторител на прекршок.

## ПРЕКРШОЧНИ ОРГАНИ

Органи за водење на прекршочна постапка. Според членот 77 од Законот за прекршоци, прекршочната постапка во прв степен ја води судија поединец во основниот суд, а постапката по правни лекови ја води совет од тројца судии.

# ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

Мерки на државна принуда што се преземаат против сторител на прекршок поради сузбивање и спречување на вакви казниви постапувања. За сторен прекршок, според условите од Законот за прекршоци (ЗП), се предвидени следниве санкции во ЗП:

Прекршочни санкции за полнолетни сторители (член 4 т. 1 од ЗП):

- опомена;
- глоба;
- престанок на важење на возачка дозвола;
- забрана на управување со моторно возило;
- забрана на вршење професија дејност или должност;
- протерување на странец од земјата;
- задолжително лекување на алкохоличари и наркомани (лица со болести на зависности);
- задолжително психијатриско лекување на слобода и
- забрана за влез и присуство на спортки натпревари (член 13 од ЗП).

Прекршочни санкции за деца (член 4 т. 2 од ЗП) кои:

- се изрекуваат на дете кое во време на извршување на прекршокот („дете во судир со законот“) наполнило 14 години, при што на „дете во судир со законот од 14 до 16 години“ можат да му се изречат само воспитни мерки (член 33 ст. 1 од ЗП); а на „дете во судир со законот над 16 години“ може да му се изрече воспитна мерка, а по исклучок му се изрекува глоба (член 33 ст. 2 од ЗП);
- не можат да се применат на дете кое во времето на извршувањето не наполнило 14 години (член 32 од ЗП).

Прекршочни санкции за правни лица (член 4 т. 3 од ЗП):

опомена;

глоба и

привремена забрана за вршење одделна дејност (член 38 ст. 1 од ЗП).

Посебни прекршочни санкции (член 4 т. 4 од ЗП):

конфискација на имот и имотна корист прибавен(а) со прекршок на физичко лице (член 41 ст. 1 од ЗП в.в. со членовите 97 до 100-а од КЗ);

конфискација на имот и имотна корист прибавен(а) со прекршок на правно лице (член 41 ст. 2 од ЗП в.в. со членот 96-к од КЗ);

одземање на предмети (член 41 ст. 3 од ЗП в.в. со член 100-а од КЗ) и

општокорисна работа (член 42 од ЗП).

## ПРЕСМЕТЛИВОСТ

Способност на некое лице да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки; пресметливоста е неопходен услов за постоење на вина, односно кривична одговорност за сторено кривично дело (види: Вина).

## ПРЕСУДА

Судска одлука со која парничен суд мериторно одлучува за тужбено барање (види: Деклараторна пресуда, Кондемнаторна пресуда, Конститутивна пресуда); односно судска одлука со која кривичен суд решава кривичен предмет (види: Одбивателна пресуда, Ослободителна пресуда, Осудителна пресуда); судска одлука со која Управниот или Вишиот управен суд одлучува за законитоста на управен акт (види: Управен спор).

## ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА ОДРЕКУВАЊЕ

Пресуда донесена од парничен суд кога тужителот се одрекува од тужбеното барање. Според членот 318 ст. 1–3 од ЗПП, ваква пресуда се донесува без натамошно расправање кога тужителот до заклучувањето на главната расправа се одрече од тужбеното барање (ст. 1), за што не е потребна согласност на тужениот, но судот нема да донесе пресуда врз основа на одрекување и кога се исполнети потребните услови, ако најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат (член 318 ст. 3 в.в. член 3 ст. 3 од ЗПП).

## ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ

Пресуда донесена од парничен суд кога тужениот го признава тужбеното барање. Според членот 317 ст. 1 и 2 од ЗПП: „(1) Ако тужениот до заклучувањето на главната расправа го признае тужбеното барање, судот без натамошно расправање ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда врз основа на признание). (2) Судот нема да донесе пресуда врз основа на признание и кога се исполнети потребните услови, ако најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат (член 3 став (3)).“

## ПРЕСУДА ПОРАДИ ИЗОСТАНОК

Пресуда што ја донесува парничен суд ако уредно повиканиот тужен не го оспорил тужбеното барање, или нема да дојде на подготвителното рочиште до неговото заклучување, или на првото рочиште за главната расправа ако подготвително рочиште не е одржано или ако дојде на овие рочишта, но не сака да се впушти во расправање или се отстрани од рочиштето, а не го оспори тужбеното барање, ако се исполнети следниве услови: 1) тужениот бил уредно повикан; 2) тужителот предложи донесување на пресуда поради изостанок; 3) тужениот не го оспорил тужбеното барање со одговор на тужба или со друг поднесок; 4) основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата; 5) фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите што самиот тужител ги поднел или со факти што се општопознати и 6) не постојат општопознати околности од кои произлегува дека тужениот го спречиле оправдани причини да дојде на рочиштето (член 320 ст. 1 од ЗПП).

## ПРЕТКРИВИЧНА ПОСТАПКА

Збир на активности насочени кон откривање на кривични дела, сторители на кривични дела, приведување и лишување од слобода на сторители на кривични дела, обезбедување докази, поднесување на кривична пријава и одлучување за основаноста на кривичната пријава.

## ПРЕТРЕС

Детално истражување на лице, средства за превоз или дом под услови определени со закон (член 21 т. 17 и член 181 ст. 1 од ЗКП), што го наредува судот со писмена и образложена наредба по барање од јавниот обвинител, а во случај на опасност од одлагање – и по барање на правосудната полиција (член 181 ст. 2 од ЗКП).

## ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Фаза на кривичната постапка што започнува со спроведување истрага против лице за кое постои сомневање дека сторило кривично дело. Целта на истрагата е собирање на докази врз основа на кои ќе се одлучи дали треба да се подигне обвинителен акт. Тука се опфатени активностите преземени од овластениот тужител и овластеното службено лице во согласност со закон. Претходната постапка е уредена со одделот А. (што ги вклучува главите XX („предистражна постапка“) и XXI („Истражна постапка“)) на вториот дел од ЗКП.

## ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА КРАЈНА НУЖДА

Отклонување опасност од едно правно заштитено добро, при што се повредува добро на трето лице кое е далеку повредно од доброто кое било штитено. Според членот 10 ст. 3 од КЗ: „Сторителот кој [...] ги пречекорил границите на крајната нужда, може да се казни поблаго, а ако пречекорувањето е сторено под особено олеснувачки околности - може и да се ослободи од казна.“

## ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА НУЖНА ОДБРАНА

Одбивање на нападот при што се повредува правно заштитено добро на напаѓачот што е далеку повредно отколку вредноста на доброто што е нападнато; како и кога со напад се возвраќа на напад што, всушност, воопшто не постоел или престанал. Според членот 9 ст. 3 од КЗ: „Сторителот кој ги пречекорил границите на нужната одбрана може да се казни поблаго, а ако пречекорувањето го сторил поради силна раздразнетост или уплав предизвикан со нападот, може и да се ослободи од казна."

## ПРИБЕЛЕЖУВАЊЕ

Запишување на облигациони права (лизинг на недвижности, договори за концесија склучени согласно со закон, закуп на недвижности и договорно право на првенствено купување на недвижности), на претходни и времени мерки (забрани и ограничувања) кои се од влијание за правата на недвижностите, на факти кои се од влијание за недвижностите, како и на други права чие запишување е утврдено со друг закон (член 273 ст. 1 од Законот за катастар на недвижности).

## ПРИВАТНА ИСПРАВА

Секој предмет на/во кој се наоѓа запис од значење за правните односи, што е издаден или сочинет од поединец.

## ПРИВЕДУВАЊЕ

Мерка за обезбедување присуство на обвинето лице и/или за непречено водење на кривичната постапка (член 144 ст. 1 од ЗКП); односно едно од полициските овластувања (член 28 ст. 1 т. 5 од Законот за полиција). Приведувањето се врши од полицијата врз основа на судска наредба (член 46 ст. 1 од Законот за полиција; член 157 ст. 1 in initio и ст. 2 од ЗКП): ако постојат основи за притвор од членот 165 на ЗКП, ако веќе е донесено решение за притвор или ако уредно повиканиот обвинет не дојде, а својот изостанок не го оправда или ако не можело да се изврши уредно доставување на поканата, а од околностите очигледно

произлегува дека обвинетиот го одбегнува приемот на поканата (член 157 ст. 1 од ЗКП). Исто така, полицијата може да изврши приведување врз основа на распишана потерница согласно закон (член 46 ст. 1 од Законот за полиција), а издавање потерница може да се нареди кога постои наредба за приведување на лице кое се наоѓа во бегство (член 559 ст. 1 од ЗКП). Може да се приведе и уредно поканет претставник на правното лице кој не се јавил на поканата и не го оправдал својот изостанок (член 514 од ЗКП).

## ПРИГОВОР

Редовен правен лек што може да се изјави од должник за незаконитости при извршувањето (член 86 од Законот за извршување), како и редовен правен лек против обвинителен акт во кривична постапка (член 327 од ЗКП) и во парнична постапка против платен налог (член 422 од ЗПП), односно правен лек во управна постапка (член 14 ст. 2 ал. 3 и членови 118–120 од ЗОУП).

## ПРИТВОР

Најтешка мерка на процесна присилба со која се обезбедува присуство на лице во кривична постапка или пред нејзиното поведување, кога тоа е неопходно. Притвор се одредува од надлежен суд врз основа на законски пропишани услови, при што на осомничен, односно обвинет му се одзема личната слобода во одреден временски период заради осигурување на одредена цел што е пропишана со одредби на казненото процесно право. Притворот е уреден со членовите 164–180 од ЗКП (види: Определување на притвор).

## ПРИТВОРЕНИК

Лице на кое му е одреден притвор.

## ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИСЧЕЗНАТО ЛИЦЕ ЗА УМРЕНО И ДОКАЖУВАЊЕ НА СМРТ

Вонпарнична постапка во која „судот го прогласува исчезнатото лице за умрено, односно утврдува смрт на лице за кое нема докази дека е умрено според условите предвидени со закон“ (членови 74 од ЗВП).

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОДИТЕЛСКИТЕ ПРАВА И ДОЛЖНОСТИТЕ ПО ПОЛНОЛЕТСТВОТО

Вонпарнична постапка во која надлежниот суд одлучува за продолжување на родителските права и должностите по полнолетството ако детето и по полнолетството, поради пречки во психичкиот развој, не е способно само да се грижи за себе и за заштита на своите интереси (член 112 ст. 1 од ЗВП).

## ПРОТЕРУВАЊЕ НА СТРАНЕЦ ОД ЗЕМЈАТА

Вид на казна (член 33 ст. 1 т. 6 од КЗ), што може да се изрече ако на сторителот му е изречена казна затвор или парична казна, условна осуда или судска опомена (член 33 ст. 7 од КЗ). Оваа казна се изрекува кога судот ќе оцени дека природата на делото, побудите на сторителот и околностите под кои е сторено делото укажуваат на непожелност за натамошен престој на сторителот во земјата (член 38-г ст. 1 од КЗ). Протерување на странец од земјата се изрекува во траење од една до десет години или засекогаш (член 38-г ст. 2 од КЗ), но оваа казна (како што е утврдено во членот 38-г ст. 2 од КЗ) не може да му се изрече на сторител кој ужива заштита во согласност со ратификуван меѓународен договор (види: Казна).

## ПРОТИВИЗВРШУВАЊЕ

Извршна постапка што ја покренува должник со поднесување предлог за противизвршување пред надлежниот суд, барајќи доверителот да му го врати она што го добил со извршувањето, ако извршната исправа е правосилно укината, преиначена, поништена или ставена вон сила или ако должникот пред започнување на присилното извршување го намирил побарувањето на доверителот (член 88 ст. 1 од Законот за извршување).

## ПРОТИВТУЖБА

Тужба од тужениот против тужителот во парница пред определен суд, што може да се поднесе најдоцна до првото рочиште за главната расправа кај истиот суд, ако барањето на противтужбата е во врска со тужбеното барање, или ако тие барања можат да се пребијат или ако со противтужбата се бара утврдување на некое право или правен однос од чие постоење или непостоење зависи во целост или делумно одлуката за тужбеното барање (член 179 ст. 1 од ЗПП).

## ПРОЦЕСНО ПРАВО

Систем на правни норми или нормативно утврден збор на правни прописи со кои се уредува кривична, парнична или друга постапка.



## РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА

Вонпарнична постапка во која „судот ги утврдува наследниците на умрениот, имотот што ја сочинува неговата оставина и правата од оставината што им припаѓаат на наследниците, легатарите и на други лица“ (член 120 од ЗВП).

## РАЗВОД НА БРАК

Престанок на полноважен брак во текот на животот на сопружниците поради причини и на начин предвиден со закон.

## РЕАЛЕН СТЕК НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Вршење на повеќе кривични дела со повеќе дејствија (види: Идеален стек на кривични дела).

## РЕВИЗИЈА

Вонреден правен лек во парнична постапка и вонпарнична постапка (член 56 од Законот за вонпарнична постапка). Ревизија во парнична постапка се поднесува до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена по добивање на препис од пресудата (член 372 ст. 1 и член 373 ст. 1 од ЗПП) против второстепена пресуда, ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на пресудата надминува 1.000.000 денари (член 372 ст. 2), а по исклучок од ставот (2) на овој член, без оглед на вредноста на спорот, ревизијата секогаш е дозволена: 1) во спорови за издршка; 2) во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката; 3) во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос; 4) во спорови за заштита на авторско право, освен за паричните побарувања по тој основ; 5) во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања, освен за паричните побарувања по тие основи и 6) во спорови во кои во постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда (член 372 ст. 3 од ЗПП) итн. Ревизија може да се изјави: 1) поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (2) на овој закон, освен ако повредата се однесува на месната надлежност (член 343 став (2) точка 4), ако првостепениот суд донел пресуда без главна расправа, а бил должен да одржи главна расправа (член 343 став (2) точка 9), ако е одлучено за барање за кое веќе тече парница (член 343 став (2) точка 11) или, ако спротивно на законот била исклучена јавноста на главната расправа (член 343 став (2) точка 12); 2) поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (1) на овој закон што е сторена во постапка пред второстепениот суд и 3) поради погрешна примена на материјалното право (член 375 ст. 1 од ЗПП); а поради пречекорување на тужбеното барање ревизија може да се изјави само ако таа повреда е сторена во постапката пред второстепениот суд (член 375 ст. 2 од ЗПП).

## РЕГИСТЕР (ТРГОВСКИ/НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ)

Јавна евиденција што се води од надлежните судови, во која се внесуваат сите релевантни факти за правните лица (основање, статусни промени, престанок на правното лице, форма, организација и сл.).

## РЕДОВЕН ПРАВЕН ЛЕК

Правно средство со кое странките ги побиваат одлуките на судовите и државните органи донесени во првостепена постапка (види: Жалба, Приговор).

## РЕЛАТИВНИ ПРАВА

Субјективни права чиј титулар е овластен од друго лице (должник) да побара одредено однесување, предавање на некои ствари, исплата на парични износи, некое чинење или нечинење и сл.

## РЕШЕНИЕ

Вид на судска одлука или одлука на управен орган; во кривично-правна смисла тоа најчесто е одлука со која се раководи и управува со постапката; во парничната постапка важи истото, освен во случај на парница поради попречување на владение, кога со решение се одлучува мериторно за барањето; во вонпарнична и во управна постапка тоа е основен вид на одлука (види: Решение за извршување).

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Одлука со која во целост или делумно се усвојува барање за извршување.

## РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОК

Одлука на надлежен орган со која се одлучува во прекршочна постапка.

## РОЧИШТЕ

Време (термин) во кое судот и странките преземаат процесни дејствија во која било постапка.

С

## СВЕДОК

Лице кое се сослушува или испитува кога постои веројатност дека со својот исказ ќе може да пружи информации за кривичното дело, сторителот и други важни околности. Процесните закони содржат повеќе одредби за сведоци (членови 220–234 од ЗПП, членови 212–232 од ЗКП и др.).

## СВЕСНА НЕБРЕЖНОСТ

Вид однос на сторител на кривичното дело кон извршеното кривичното дело, што (според член 14 in initio од КЗ) постои „кога сторителот на кривичното дело бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи“ (види: Вина).

## СЕДИШТЕ

Место каде што се наоѓа правно лице, каде што ја врши дејноста или место од кое се управува со работењето, што е еден од елементите на индивидуализација на тоа правно лице (види: Правни лица).

## СЕМЕЈНО ПРАВО

Систем на правни норми со кои се уредуваат личните и имотните односи што настануваат меѓу членовите на семејството, најчесто произлезени од брак и фактот на постоење сродство.

## СЛУЖБЕНОСТИ

Стварни права на туѓа/и ствар/и; титуларот на службеноста е овластен да ја користи туѓата ствар во разумна мера, без оглед на тоа кој е сопственик на стварта; типична службеност е правото на преминување низ туѓо земјиште.

## СОВЕТ ЗА ПРЕКРШОЦИ

Второстепен орган во прекршочна постапка, составен од тројца судии (види: Прекршочни органи).

## СОДРЖИНА НА КАТАСТАРОТ

Просторни и описни податоци за недвижностите и збирки на исправи (член 138 од Законот за катастар на недвижности). Во збирката на исправи се содржани геодетските елаборати од премерот, правните основи на одделните запишувања/спроведувања на промени, потврдите на Агенцијата за извршено запишување/одбивање на запишувањата, податоци од интабулационите книги и други документи поврзани со запишувањата (член 139 ст. 1 од Законот за катастар на недвижности).

## СОИЗВРШИТЕЛСТВО

Форма на соучесништво која постои кога повеќе лица свесно и доброволно учествуваат заедно во извршување на кривично дело или на некој друг начин придонесуваат за извршување на кривично дело.

## СООЧУВАЊЕ

Кривично-правно процесно дејствие со кое се разјаснуваат сомнителни или контрадикторни податоци со истовремено испитување на сослушани лица, чии искази довеле до сомневања и противречност; граѓанско-правно процесно

дејствие со кое истовремено се сослушуваат учесници во постапката чии претходни изјави биле контрадикторни.

## СОПАРНИЧАРСТВО

Процесен институт на парничната постапка, што се состои од учество на две или повеќе лица на страната на тужителот (активни сопарничари) или на страната на тужениот (пасивни сопарничари). Според членот 186 ст. 1 од ЗПП: „Повеќе лица можат со една тужба да тужат, односно да бидат тужени (сопарничари), ако: 1) во поглед на предметот на спорот се во правна заедница или ако нивните права, односно обврски произлегуваат од ист фактички и правен основ; 2) предмет на спорот се барања односно обврски од ист вид што се засноваат врз суштествено истовиден фактички и правен основ иако постои стварна и месна надлежност на истиот суд за секое барање и за секој тужен или 3) тоа е определено со друг закон."

## СОПСТВЕНОСТ

Збир на овластувања што на титулар на сопственички права врз ствар му гарантираат право да ја држи таа ствар, да ги користи плодовите од неа и да располага со неа во законски определени рамки (види: Стварни права).

## СОСОПСТВЕНИШТВО

Право на сопственост на повеќе лица врз една ствар, каде што нивните сосопственички удели се изразени процентуално, често како дропка (половина, третина и сл.) или квота, без одредување на реалниот дел од стварта што му припаѓа на секој од сосопствениците.

## СОСТАВУВАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ПОТВРДУВАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ НА ИСПРАВИ

Вонпарнични постапки во кои: пред судот и со учество на судот се составуваат исправи, кога за настанување на право или за полноважност на правна работа треба да постои некоја јавна исправа (како што е судскиот тестамент, чие составување е пропишано со членовите 251–265 од ЗВП); се чуваат исправи за да се обезбедат имотни или други права, освен исправите за чие чување со друг закон поинаку е определено (членови 286–294 од ЗВП) итн.

## СОСЛУШУВАЊЕ НА СТРАНКИ

Доказно средство со кое судот од странките ги дознава фактите од кои зависи одлучувањето за одредена правна материја. Во казнени постапки често се користи терминот „испитување“ кога станува збор за лице лишено од слобода (член 168 ст. 1 од ЗКП) или обвинет (член 206 et. seq. од ЗКП) (види: Испитување на обвинет).

## СОУЧЕСНИШТВО

Сите облици на вклученост на повеќе лица во кривично дело со кои се врши придонес кон неговото сторување (види: Поттикнување, Помагање, Соизвршителство).

## СПИСИ

Букви, зборови, бројки или нивен еквивалент, запишани со ракопис, отчукани на машина за пишување, отпечатени, фотокопирани, фотографирани, забележени со магнетни импулси, механички, електронски или некој друг облик на собирање податоци.

## СПОР

Ситуација во која една страна тврди дека ѝ припаѓа некое субјективно право или дека такво право ѝ е повредено, додека другата страна го одрекува постоењето на тоа право или ја оспорува својата должност за определено постапување.

## СПОР ОД МАЛА ВРЕДНОСТ

Парничен спор во кој тужбеното барање не надминува 180.000 денари (член 430 ст. 1 од ЗПП).

## СТАРАТЕЛ

Лице кое е поставено од орган на старателство да се грижи непосредно за личноста, правата и интересите на некое лице кои поради, на пример, неговата/нејзината младост, душевна болест, душевна заостанатост, болест на зависност и сл. не е во состојба само да се гржи за себе.

## СТАТУТ НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Правен акт со кој се уредуваат прашања од значење за организирање, работа и делување на правно лице.

## СТВАР

Граѓанско-правен поим што претставува дел од материјалната природа, кој е во човекова власт и над кој постои право на сопственост или некое друго право (ствар е и електрична енергија во електровод, насобрана сончева енергија во соларен панел, компримиран воздух итн.).

## СТВАРНА ЗАБЛУДА

Непостоење на свест за некое обележје на кривично дело определено со закон или погрешна перцепција (претстава) дека постојат околности според кои, доколку тие навистина постоеле, тоа дело би бидо дозволено (член 16 ст. 1 од КЗ). Примери за такви околности се одземање на туѓ подвижен предмет со уверување дека е напуштен, пренесување на заразна болест во ситуација кога преносителот не знае дека болува од таа болест и сл.

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

Апелационите судови се надлежни: 1) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје; 2) да решаваат за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен од своето подрачје и 3) да вршат други работи определени со закон (член 33 од Законот за судовите).

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД

Вишиот управен суд е надлежен: 1) да решава по жалбите против одлуките на Управниот суд; 2) да одлучува за судир на надлежности меѓу органите на Републиката, меѓу општините и градот Скопје, меѓу општините на градот Скопје и по споровите настанати за судир на надлежности меѓу општините и градот Скопје и носителите на јавните овластувања, ако тоа е предвидено со закон, доколку со Уставот или законите не е предвидена поинаква судска заштита и 3) да врши други работи определени со закон (член 34-а од Законот за судовите).

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА ВРХОВНИОТ СУД

Врховниот суд на Република Македонија е надлежен: 1) да решава во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон; 2) да решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови; 3) да решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон; 4) да решава за судир на надлежност меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови, судир на надлежност меѓу апелациони судови, судир на надлежност

меѓу Управниот суд и друг суд, меѓу управниот суд и Вишиот управен суд и да решава за пренесување на месна надлежност кај овие судови; 5) да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок и 6) да врши други работи определени со закон (член 35 ст. 1 од Законот за судовите). Врховниот суд на Република Македонија на општа седница: утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите, по сопствена иницијатива или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите; дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење за работата на судовите; разгледува прашања во врска со работата на судовите, примената на законите и судската практика; донесува деловник за својата работа; донесува програма за работа на судот; поднесува предлог до Судскиот совет на Република Македонија за времено упатување на судија во друг суд; поднесува барање за поведување на дисциплинска постапка против судија; поднесува барање за поведување на постапка за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиска функција; поднесува иницијатива за поведување на постапка пред Судскиот совет на Република Македонија за утврдување на трајно загубена способност за вршење судиска функција; именува состав на Советот за одлучување по жалби против решение на Судскиот совет за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка; решава по барања за заштита на законитоста против одлуките на своите совети; одлучува по барање за изземање на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија; го разгледува извештајот за својата работа и извештаите за работата на судовите во Републиката од аспект на ажурноста и квалитетот на работата, донесува заклучоци по нив и се грижи за нивно спроведување и врши и други работи утврдени со закон (член 37 ст. 1 од Законот за судовите). Начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на Република Македонија на општа седница се задолжителни за сите совети на Врховниот суд на Република Македонија (член 37 ст. 2 од Законот за судовите).

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Стварната надлежност на јавниот обвинител е определена според одредбите што важат за надлежноста на судот за подрачјето за кое е избран јавниот обвинител, како и според Законот за Јавното обвинителство (член 40 ст. 1 од ЗКП). Според членот 29 ст. 1 од Законот за јавното обвинителство: Во остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, јавниот обвинител: ги има овластувањата што ги имаат Министерството за внатрешни работи и другите државни органи за откривање на кривични дела и нивните сторители и на прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите на

кривични дела; во предистражна постапка има овластувања да издава наредби за примена на посебните истражни мерки; ја раководи предистражната постапка и ги има на располагање овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа во согласност со закон; може сам да го преземе секое дејствие потребно за откривање на кривичното дело и откривање и гонење на неговиот сторител за кое со закон е овластено Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа; одлучува за преземање или продолжување на кривичното гонење за сторителите на кривични дела; поднесува и застапува обвиненија пред судовите; изјавува редовни или вонредни правни лекови против судски одлуки; поднесува барање за поведување прекршочна постапка; врши и други дејствија определени со закон. Членот 31 од истиот закон утврдува дека Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е надлежно да постапува: за кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист; за кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на подрачјето на Републиката или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во нашата или во друга држава; за кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став (5), примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359, сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и за кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 став (2), перење пари и други приноси од казниво дело од поголема вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од значителна вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а став (3), злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА ОСНОВНИ СУДОВИ

Основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани (види го списокот на судови и нивните подрачја во прилогот II), се надлежни да

одлучуваат во прв степен по:

- кривични дела и прекршоци: за кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до пет години, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд; за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност, да спроведуваат истрага или истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност; за сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања и за жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови (член 30 ст. 1 од Законот за судовите).

- граѓански спорови: за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е до 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд; за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак, за поништување на брак и развод на брак; за законска издршка; за чување и воспитување на деца; за смеќавање на владение; за доживотна издршка;за надоместок на штета која не надминува 50.000 евра во денарска противвредност; во постапка за обезбедување и извршување; за работни односи; во спорови од наследно-правни односи; во вонпарнични и оставински работи; да водат тапии и за други работи утврдени со закон (член 30 ст. 2 од Законот за судовите).

Основните судови со проширена надлежност[4], покрај надлежноста утврдена во членот 30 од Законот за судовите за подрачјата за кои се основани, се надлежни:

- да одлучуваат во кривични дела за кои со закон е предвидена казна затвор над пет години и за кривични дела и прекршоци извршени од малолетни лица; да спроведуваат истрага и истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност; да постапуваат по предмети за екстрадиција; по жалби и приговори за постапките за кои се надлежни и да решаваат за постапки за меѓународна правна помош утврдена со закон (член 31 ст. 1 од Законот за судовите);

- да одлучуваат во граѓански спорови: спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е над 50.000

4 Надлежноста од ставовите (1) и (2) на членот 35 ќе ја вршат: Основниот суд во Битола и за подрачјето на Основниот суд во Ресен; Основниот суд во Прилеп и за подрачјето на Основниот суд во Крушево; Основниот суд во Охрид и за подрачјето на Основниот суд во Охрид; Основниот суд во Гостивар и за подрачјето на основните судови во Кичево и Дебар; Основниот суд во Тетово и за подрачјето на Основниот суд во Тетово; Основниот суд во Куманово и за подрачјето на основните судови во Крива Паланка и Кратово; Основниот суд во Кочани и за подрачјето на основните судови во Берово, Виница и Делчево; Основниот суд во Велес и за подрачјето на основните судови во Гевгелија, Кавадарци и Неготино; Основниот суд во Струмица и за подрачјето на Основниот суд во Радовиш и Основниот суд во Штип и за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе.

евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд; трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост; да водат судски регистар за политички партии; да водат постапка за стечај и ликвидација, спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување и спорови на домашни правни и странски лица кои произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи (член 31 ст. 2 од Законот за судовите).

Во пет основни судови се формираат специјализирани судски одделенија надлежни за судење на дела од областа на организираниот криминал (член 32 ст. 1 од Законот за судовите)[5], кои, исто така, се надлежни за водење на судски регистар за политички партии од своето подрачје (член 32 ст. 2 од Законот за судовите). Скопските основни судови се организирани како кривичен суд и граѓански суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на скопските општини[6].

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУД

Овластувања на суд: а) да одлучува за одреден вид на предмети (работа); б) да презема одредени видови на процесни дејствија; и/или в) да врши други работи определени со закон. Секој суд во текот на целата постапка внимава на својата стварна надлежност (член 16 ст. 1 од ЗПП, член 30 ст. 1 од ЗКП и други одредби).

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА УПРАВНИОТ СУД

Управниот суд е надлежен да решава: 1) за законитоста на поединечните акти донесени во изборната постапка и на поединечните акти за избори, именувања и разрешувања на носители на јавни функции, ако тоа е определено со закон, како и за актите за именување, назначување и разрешување на раководни државни службеници, ако поинаку не е определено со закон; 2) за законитоста на актите на државните органи, Владата и на носителите на јавни овластувања, донесени

5 Основниот суд во Битола со надлежност на подрачјето на основните судови во Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга; Основниот суд во Тетово со надлежност на подрачјето на основните судови во Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар; Основниот суд Скопје I со надлежност на подрачјето на основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Скопје I - Скопје и Скопје II - Скопје; Основниот суд во Струмица со надлежност на подрачјето на Основниот суд во Радовиш и Основниот суд во Штип со надлежност на подрачјето на основните судови во Берово, Виница, Делчево, Кочани и Свети Николе.

6 Основниот суд Скопје I – Скопје е кривичен суд, а Основниот суд Скопје II – Скопје е и граѓански суд, обата за подрачјата на општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново.

во форма на пропис ако тие ги уредуваат поединечните односи; 3) за спор што ќе произлезе од спроведувањето и извршувањето на одредбите на концесиските договори, договорите за јавни набавки кои се од јавен интерес и за секој договор во кој една од страните е државен орган, организација со јавни овластувања, јавно претпријатие, општините и градот Скопје, склучен од јавен интерес или заради вршење јавна служба (во понатамошниот текст: управни договори); 4) против поединечни акти на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршењето на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога за решавање во втор степен против таквиот акт, не е обезбедена друга правна заштита (член 34 од Законот за судовите).

## СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА УСТАВНИОТ СУД

Уставниот суд на Република Македонија:

одлучува за согласноста на законите со Уставот;

одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;

ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;

решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;

решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;

одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката;

одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и

одлучува и за други прашања утврдени со Уставот (член 110 од Уставот на Република Македонија).

## СТВАРНИ ПРАВА

Субјективни права кои за свој непосреден објект имаат ствар (предмет), а се одликуваат со тоа што се апсолутни и како такви дејствуваат спрема сите (види: Субјективно право).

## СТЕК НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Вршење на две или повеќе кривични дела со едно дејствие (види: Идеален стек) или повеќе дејствија, за кои судот изрекува единствена казна (член 44 ст. 1 од КЗ).

## СТЕЧАЈ

Начин на престанок на правно лице, што во материјална смисла претставува потрајна состојба на задолженост заради која тоа не може да ги исполнува своите обврски кон доверителите, а во формална смисла претставува збир на активности на надлежен суд кој во законски пропишана постапка ги испитува условите за отварање на стечајна постапка (која во членот 2 ст. 1 т. 66 од Законот за стечај е дефинирана како „колективна постапка што ја води надлежниот суд за реорганизација или за ликвидација на должникот". Во стечајната постапка се намируваат доверителите; а како последица на спроведувањето на стечајната постапка, престанува да постои правното лице над кое е отворена оваа постапка.

## СТЕЧАЕН СОВЕТ

Орган на стечајната постапка, составен од тројца судии на стварно надлежниот суд (член 16 од Законот за стечај) кои решаваат за најважните прашања во текот на стечајната постапка, меѓу кои спаѓаат: 1) одлучување за жалбите против решенијата на стечајниот судија кога тоа е определено со Законот за

стечај; 2) одлучување за приговорите на доверител(и), одборот на доверители и собранието на доверители кога тоа е определено со Законот за стечај; 3) одлучување за приговорите за работата на стечајниот управник, кога тоа е определено со Законот за стечај; 4) одлучување за приговорите изјавени од стечајниот управник против одлуките од стечајниот судија кога тоа е определено со Законот за стечај и 5) одлучување и вршење други работи определени со Законот за стечај (член 17 ст. 1 од Законот за стечај).

## СТЕЧАЕН СУДИЈА

Оран на стечајната постапка, кој (согласно на членот 19 од Законот за стечај): 1) одлучува за поведување на претходна постапка заради утврдување на постоење услови за отворање на стечајна постапка и ја спроведува таа постапка; 2) одлучува за отворање на стечајната постапка; 3) го именува и разрешува привремениот стечаен управник и стечајниот управник; 4) одлучува за приговорите на стечајниот управник против донесените заклучоци; 5) одлучува за приговорите на доверителот, одборот на доверители и собранието на доверители; 6) на предлог на одборот на доверители, а ако тој не е основан, на предлог на стечајниот управник, ги одобрува започнатите работи што треба да се завршат во текот на стечајната постапка; 7) врши контрола над законитоста на работата на стечајниот управник; 8) одобрува пресметка на трошоците на стечајната постапка пред нивната исплата; 9) определува награда и надоместок на трошоци на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители; 10) го определува износот на авансот за покривање на трошоците во претходна постапка; 11) одобрува исплата на доверителите; 12) донесува решение за заклучување на стечајната постапка и 13) врши други работи определени со овој закон“ (став 1). Членот 19 од Законот за стечај понатаму утврдува дека стечајниот судија може, по службена должност да ги менува одлуките на стечајниот управник, ако утврди дека се спротивни на закон (став 2); му дава писмени упатства за извршување на неговите обврски определени со овој закон, кои се задолжителни за стечајниот управник (став 3) и ја следи работата на одборот на доверителите и на собранието на доверителите (став 4).

## СТЕЧАЕН УПРАВНИК

Лице кое е овластено во стечајната постапка да ја води реорганизацијата или ликвидацијата на должникот (член 2 ст. 1 т. 67 од Законот за стечај). Членот 34 од

Законот за стечај определува дека стечајниот управник е должен особено: „1) да ја ажурира сметководствената евиденција на должникот до денот на отворањето на стечајната постапка; 2) да состави предлог на пресметката на трошоците на стечајната постапка и да ја поднесе на одобрение кај стечајниот судија; 3) да започне попис (инвентар) на имотот во рок од десет дена од денот на именувањето и да го заврши пописот во рок од 30 дена од денот на неговото именување; 4) да го состави почетниот стечаен биланс, како и даночниот биланс со состојба на денот на отворањето и на денот на заклучувањето на стечајната постапка кој се однесува на стечајната маса и трошоците на стечајната постапка; 5) да ја извести Клириншката куќа за интербанкарски работи и Берзата за хартии од вредност за отворањето на стечајната постапка; 6) да го извести Централниот депозитар за хартии од вредност ако должникот е акционерско друштво, како и за акциите кои ги поседува должникот; 7) како уреден и совесен трговец да се грижи за завршување на започнатите, незавршени работи на должникот и за работите што се потребни за зачувување и заштита на имотот на должникот за да се спречи настапување на штета над средствата на должникот; 8) да преземе мерки за наплата на побарувањата на должникот и да ги впаричи со внимание на добар трговец предметите и правата што влегуваат во стечајната маса; 9) совесно да го води натамошното работење на должникот доколку тоа продолжува; 10) да ги користи ресурсите и своите овластувања со еднаква грижа за имотните интереси на сите доверители од стечајната маса; 11) кон стечајната маса да изразува неподелена грижа, совесност и одговорност за интересите на доверителите во стечајната маса, како и кон сите други страни кои се заинтересирани за стечајната маса; 12) својата позиција да ја користи единствено во полза на стечајната маса и да оневозможи остварување на каква било корист за себе или за друг; 13) да предложи план за распределба на средствата од стечајната маса на доверителите и по одобрение на стечајниот судија да го изврши; 14) да достави до одборот на доверителите завршна сметка и завршен извештај; 15) да извршува натамошни исплати на доверителите; 16) да го извести надлежниот регистар за отворената стечајна постапка во случаите предвидени со овој закон; 17) да ја ажурира работата околу одбирањето и евидентирањето на архивската граѓа и нејзино предавање на надлежниот архив и да обезбеди средства во пресметката на трошоците на стечајната постапка заради средување на архивската граѓа, доколку не е средена во согласност со прописите за архивско работење за што да го известува и е должен да побара мислење од Државниот архив на Република Македонија во поглед на исполнување на должностите од оваа точка; 18) да поднесе предлог до соодветните органи на државната управа или до правосудните органи во странство, како официјално овластен застапник на стечајната маса на стечајниот должник, со кој бара запленување, одземање, заштита или враќање на имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во странство; 19) да ја прибави документацијата потребна за да се изврши упис во јавните

книги врз основа на што се стекнува право на недвижност; 20) со одобрение на стечајниот судија, а на товар на стечајната маса, да го осигура имотот во целина или делумно, ако тоа е потребно заради заштита на имотот на стечајниот должник; 21) да вработува лица со одобрение на стечајниот судија и да врши контрола на нивната работа; 22) да врши и други работи согласно со овој закон (став 1); како и  да поднесува месечен писмен извештај до судот и до одборот или собранието на доверители за текот на стечајната постапка и состојбата на стечајната маса (ставови 2 и 4).“

## СТОПАНСКО ПРАВО

Гранка на правото, што го изучува правниот статус на стопанските субјекти (претпријатија, банки, задруги, осигурителни организации и др.) и правните работи што ги склучуваат во меѓусебните односи.

## СТРАНКА

Секое физичко или правно лице по чие барање е поведена управна постапка (член 4 т. 8 од ЗОУП) или судска постапка, како што е кривична, во која странки се тужителот (јавен обвинител или приватен тужител) и обинетиот (член 21 т. 8 од ЗКП). Странка во некои постапки може да биде и јавен орган.

## СТРАНКА ВО ПОСТАПКА

Процесно способен субјект кој во (кривична, прекршочна, парнична, извршна, управна и др.) постапка волно ја врши процесната функција што му припаѓа; странки во кривичната постапка се овластениот тужител (јавниот обвинител и приватниот тужител) и обвинетиот; странки во прекршочната постапка се обвинетиот, оштетениот, овластениот подносител на барањето (органи на управата, овластени инспектори и др.); странки во парничната постапка се тужителот и тужениот; странки во извршната постапка се доверителот и должникот; странките во управната постапка немаат посебни називи; странки во вонпарнична постапка се предлагачот и противникот на предлагачот, а заеднички назив им е учесници.

## СТРУЧЕН СОРАБОТНИК

Поединец кој им помага на судии во подготовка за судење, анализирање на прописи, планирање и закажување на судења, води резимиран записник од судењето во некои постапки и е вклучен во изработка на нацрт-одлуки; односно, поединец кој му помага на адвокат при подготвување на застапување или замена на адвокатот во одредени предмети, доколку има одредени квалификации (положен правосуден испит).

## СУБЈЕКТИВНО ПРАВО

Овластување кое титуларот на определено право го изведува од објективното право, што треба да се сфати како корпус на права гарантирани со закони и други општи акти; со оглед на предметот кон кој е насочено овластувањето, постојат стварни права, облигациони права, права на интелектуална сопственост, лични права, семејни права и други права.

## СУД

Самостоен, специјализиран државен орган, кому му е доверено вршење на судската власт во законски пропишани постапки.

## СУДЕЊЕ СО ПОРОТА

Облик на учество на граѓани во вршење на судската функција, непосредно вршење на судската функција заедно со избрани (професионални) судии.

## СУДИЈА

Лице кое професионално врши судска функција.

## СУДИЈА ЗА ПРЕКРШОЦИ

Индивидуален орган кој води првостепена прекршочна постапка.

## СУДИЈА НА ПРЕХОДНАТА ПОСТАПКА

Судија кој во текот на претходната постапка одлучува за слободите и правата на обвинетиот во случаи пропишани со Уставот на Република Македонија, со закон и меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија и за други работи определени со ЗКП (член 21 т. 11 од ЗКП).

## СУДИЈА ПОРОТНИК

Лице кое врши судска функција (покрај судиите, како член на совет на определен суд), но не ја врши таа функција како професија.

## СУДИР НА НАДЛЕЖНОСТИ

Ситуација во која два суда (или повеќе судови) или два управни органи (или повеќе управни органи) сметаат дека се надлежни за постапување во една правна работа (позитивен судир на надлежност), или кога одбиваат да постапуваат сметајќи дека не се надлежни за постапување (негативен судир на надлежност). За судирот на надлежност одлучува непосредно повисок суд или управен орган.

## СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКАТА

Судската власт во судскиот систем на Републиката ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија (член 22 од Законот за судовите). Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста (член 108 од Уставот на Република Македонија).

## СУДСКА ВЛАСТ

Една од трите гранки на државната власт (покрај законодавната и извршната); според преовладувачкото гледиште, основната задача на судот е во поединечен, конкретен предмет да ја примени општата норма, односно да утврди дали била направена повреда или загрозување на право, или дали имало противправно однесување (постапување), да решава конфликтни ситуации и да санкционира противправно однесување (постапување), под услови предвидени со општите прописи.

## СУДСКА ОПОМЕНА

Санкција во кривична постапка, категоризирана како алтернативна мерка во КЗ. Според член 59 од КЗ: „(1) Судска опомена може да се изрече за кривични дела за кои е пропишан затвор до една година или парична казна, а се сторени под такви олеснувачки околности кои ги прават особено лесни. (2) За определени кривични дела и под услови предвидени со закон, судска опомена може да се изрече и кога е пропишан затвор до три години. (3) Судот може да изрече судска опомена за повеќе кривични дела сторени во стек, ако за секое од тие дела постојат услови од ставовите 1 и 2. (4) При одлучувањето дали ќе изрече судска опомена судот, водејќи сметка за целта на судската опомена, посебно ќе ги земе предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршеното кривично дело, степенот на кривичната одговорност и другите околности под кои е сторено делото."

## СУДСКИ ДЕПОЗИТ

Предавање во суд на пари, благородни метали, хартии од вредност и други исправи што можат да се претворат во пари, скапоцености и други предмети изработени од благородни метали, кога тоа е определено со посебен пропис (членови 295–308 од Законот за вонпарнична постапка).

## СУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

Порамнување за предметот на спорот, што странките можат да го склучат во

текот на целата постапка пред парничен суд (член 307 ст. 1 од ЗПП). Договорот на странките во постапката за начинот на решавање на меѓусебните спорни прашања или отклонување на неизвесноста во врска со тие прашања има сила на извршна исправа (член 12 ст. 1 т. 1 од Законот за извршување), што значи дека во случај на неисполнување на обврската може да се бара нејзино присилно извршување врз основа на склученото судско порамнување (види: Вонсудско порамнување, Извршност).



## ТАПИЈА

Јавна исправа во тапискиот систем, што создава соборлива претпоставка дека лицето означено во неа е сопственик на недвижен имот.

## ТАПИСКИ СИСТЕМ

Застарен систем на евиденција на надвижности и права врз нив, заснован врз тапии.

## ТЕСТАМЕНТ

Законски уреден облик на последна изјава на волја. Законот за наследување ги уредува следниве видови на тестамент: своерачен тестамент (член 66); судски тестамент (член 67); тестамент составен пред дипломатски или конзуларен претставник во странство (член 72); тестамент составен за време на воена состојба (член 73); меѓународен тестамент (член 74) и устен тестамент (член 90).

## ТОВАР НА ДОКАЖУВАЊЕ

Обврска на странка во постапка да докаже факти што ѝ одат во прилог, без оглед на тоа кој ги изнел тие факти во постапката.

## ТРУДОВО ПРАВО

Збир на норми со кои се уредуваат индивидуални и колективни работни односи, како и непосредни односи во врска со работата (трудот).

## ТУЖБА ПОРАДИ „МОЛЧЕЊЕ НА УПРАВА“

Вид на тужба во управен спор, што се поднесува до Управниот суд кога второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донел ниту во рок од седум дена по повторното барање (член 22 ст. 1 од ЗУС); кога по нејзино барање не е донесено првостепено решение против кое не е предвидено право на жалба (член 22 ст. 2 од ЗУС) или во случај на донесување второстепено решение кога странката се обратила до второстепениот орган поради недонесување на првостепено решение во законски пропишаниот рок (член 22 ст. 3 од ЗУС).

## ТУЖБА ВО ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Првично парнично дејствие со кое се поведува парнична постапка, со кое се бара судот да даде правна заштита на одредена содржина (најчесто тоа е некое право на тужителот).

## ТУЖБА ВО УПРАВЕН СПОР

Првично дејствие во управен спор со кое тужителот бара надлежниот суд да ја испита законитоста на конечен управен акт (види: Конечност на управен акт, Правосилност на управен акт).

## ТУЖБА ПОРАДИ ПОПРЕЧУВАЊЕ НА ВЛАДЕНИЕ

Тужба со која се покренува постапка поради одземање или вознемирување на мирна, фактичка власт врз ствар или право (владение).

## УБЛАЖУВАЊЕ НА КАЗНА

Овластување на судот во случаите пропишани со закон да изрече поблага казна или еден вид казна да го замени со друг, поблаг вид казна. Според членот 40 од КЗ: „Судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон или да примени поблаг вид казна кога: 1) законот предвидува дека сторителот може да се казни поблаго, или 2) ќе утврди дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето" (став 1); а во границите на ублажување на казната од член 41 од КЗ, судот може да изрече поблага казна и кога, согласно законски пропишаната постапка за спогодување меѓу јавниот обвинител и осомничениот, е постигната спогодба за применување на поблага санкција од санкцијата пропишана за кривичното дело со законот (став 2).

## УВИД

Доказно средство (предвидено во членот 295 ст. 1 ал. 6 од ЗКП) со кое преку сетилно забележување се утврдуваат факти што се релевантни за определена постапка.

## УГЛЕД

Збир на нематеријални вредности кои еден човек ги стекнува со живеење и работење во одредена општествена средина, перцепција на други за вредностите на човекот, надворешната, објективна чест (види: Чест).

## УКИНУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ИЛИ РЕШЕНИЕ

Одлука на судот надлежен за одлучување за правен лек, со која побиваната одлука се става вон сила, а предметот му се враќа на понискиот суд за повторно постапување.

## УКОР

Вид на воспитна мерка што му се изрекува на дете над 14-годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело (член 37 ст. 1 ал. 1 од Законот за правда за децата) кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако детето сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело од непромисленост или лекоумност (член 37 ст. 2 од истиот закон). Оваа мерка се изрекува ако е доволно само прекорување на детето за стореното кривично дело и притоа на малолетникот ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека, во случај на повторно извршување кривично дело, спрема него може да биде изречена друга кривична санкција (член 39 ст. 1 и 2 од Законот за правда за децата). Исто така, укор е прекршочна санкција што му се изрекува на дете на возраст од 14 до 16 години за дејствие што со закон е предвидено како прекршок (член 66 ст. 1 ал. 1 од Законот за правда за децата; член 34 ст. 1 ал. 1 и ст. 2 од Законот за прекршоци).

## УМИСЛА

Кривичното дело е сторено со умисла кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување (директна умисла) или кога бил свесен дека поради неговото сторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување (евентуална умисла) (член 13 од КЗ).

## УПАТУВАЊЕ ВО ВОСПИТНА УСТАНОВА

Вид на заводска воспитна мерка што му се изрекува на дете над 14-годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело (член 37 ст. 1 ал. 3 од Законот за правда за децата), кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, во времетраење не подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години (член 37 ст. 4 од истиот закон). Судот може да упати во воспитна установа дете врз кое треба да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица (со стручна и школска подготовка за воспитувачи) заради воспитување, превоспитување и правилен развој, при што детето може да остане во установата најмалку шест месеци, а најмногу три години (член 45 од Законот за правда за децата).

## УПАТУВАЊЕ ВО ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ

Вид на заводска воспитна мерка што му се изрекува на дете над 14-годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело (член 37 ст. 1 ал. 3 од Законот за правда за децата), кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, во времетраење не подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години (член 37 ст. 4 од Законот за правда за децата). При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка, судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца (член 46 ст. 2 од Законот за правда за децата). Детето останува во воспитно-поправен дом најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години (член 46 ст. 3 од Законот за правда за децата). Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом секоја година, по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом (член 46 ст. 4 од Законот за правда за децата).

## УПАТУВАЊЕ ВО ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА

Вид на воспитна мерка што му се изрекува на дете над 14-годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело (член 37 ст. 1 ал. 2 од Законот за правда за децата) кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако детето од непромисленост или лекоумност сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело (член 37 ст. 2 од Законот за правда за децата). Надлежниот суд ќе го упати детето во центар за деца кога е потребно со соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето (член 40 ст. 1 од Законот за правда за децата), на определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго, на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец или на непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена (член 40 ст. 2 од Законот за правда за децата). Судот при изрекувањето на оваа мерка ќе води сметка со нејзиното извршување детето да не изостане од редовната настава или од работата (член 40 ст. 3 од Законот за правда за децата). Оваа воспитна мерка му се изрекува и на дете кое сторило прекршок, кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако прекршокот бил сторен од непромисленост или лекомисленост (член 34 ст. 1 ал. 1 и ст. 2 од Законот за прекршоци).

## УПРАВЕН АКТ

Поединечен акт (решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, одобрение и сл.) на јавен орган, кој е донесен врз основа на закон со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките (член 4 т. 6 од ЗОУП).

## УПРАВЕН ОРГАН

Орган на управа и друг државен орган или друг ентитет на кој со закон му е доверено вршење на јавни овластувања, вклучувајќи и водење на управна постапка (види: Управна постапка).

## УПРАВЕН СПОР

Вид на спор во кој (согласно член 2 од ЗУС) се одлучува: за законитоста на конечните поединечни акти во изборна постапка и на поединечните акти за избори, именувања и разрешувања на носители на јавни функции, како и за актите за именување, назначување и разрешување на раководни државни службеници, ако поинаку не е определено со закон; за законитоста на актите на државната управа; за спор произлезен од спроведување и извршување на концесиски договори, договори за јавни набавки кои се од јавен интерес и за секој договор во кој една од страните е државен орган, организација со јавни овластувања, јавно претпријатие, општините и градот Скопје; против поединечни акти на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога за решавање во втор степен не е обезбедена друга правна заштита; за судир на надлежности меѓу органите на Републиката, Владата, општините и градот Скопје и за споровите за судир на надлежности меѓу општините и градот Скопје и носителите на јавни овластувања, ако не е предвидена друга судска заштита (види: Конечност на управниот акт).

## УПРАВНА ПОСТАПКА

Збир на правила со кои се уредуваат надлежноста, дејствијата, формите на

дејствијата и актите преземени или донесени од органите на управата при одлучувањето во управна работа за правата и обврските на физичките и правните лица кои се јавуваат како страни на оваа постапка.

## УПРАВНИ РАБОТИ

Сите акти и дејствија преку кои се изразуваат или извршуваат надлежностите на јавните органи, со кои се решава или влијае врз правата, обврските или правните интереси на физички лица, правни лица или други странки во постапката и секоја друга работа што со закон е одредена како управна (член 4 т. 4 од ЗОУП).

## УПРАВНО ДЕЈСТВИЕ

Донесување на управни акти, склучување на управни договори, заштита на корисниците на јавни услуги и услуги од општ интерес и др. (член 4 т. 5 од ЗОУП).

## УРЕДУВАЊЕ НА МЕЃИ

Вонпарнична постапка во која судот врши обновување и исправање на меѓи (член 228 од ЗВП), кога меѓните знаци меѓу соседни недвижни имоти се уништени, осакатени или поместени, а соседите не можат спогодбено да ја утврдат границата меѓу имотите.

## УРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Вонпарнична постапка во која судот, на предлог на некој од носителите на правото на предмет(и), го уредува начинот на управување и користење на тој/тие предмет/и (членови 192 и 194 од ЗВП).

## УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЕТАЖНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ

Вонпарнична постапка во која судот одлучува за заемните односи што произлегуваат од етажната сопственост (член 201 од ЗВП).

## УРЕДУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА СТВАР

Вонпарнична постапка во која судот го определува начинот на управување и користење на заедничкиот предмет, односно предмети (член 192 од ЗВП), кога сосопствениците или сокорисниците не се во состојба тие прашања да ги решат спогодбено.

## УСЛОВНА ОСУДА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Алтернативна мерка со која судот му ја утврдува казната на сторител на кривично дело и истовремено определува дека таа нема да се изврши ако осудениот не стори ново кривично дело во време определено од судот, што се движи од 1 до 5 години (член 49 ст. 1 од КЗ). Оваа мерка му се изрекува на сторител со пониска кривична одговорност чие кривично дело не е многу општествено опасно, доколку може да се очекува дека заканата со казна доволно ќе влијае врз сторителот да се воздржува од казниво поведение.

## УВИД

Доказно средство врз основа на кое органот што ја води постапката (суд или управен орган) со сопствено сетилно запазување утврдува постоење на релевантни факти.

Ф

## ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

Збир на факти кои органот што ја води постапката ги утврдил заради решавање на

конкретна правна работа; смисла на секој постапка е утврдување на фактичката состојба како одраз на животната ситуација на која може да се примени правна норма која, од друга страна, ја антиципира таа животна ситуација, со цел таа норма секогаш да биде применета кога се остварува таа животна ситуација.

## ФИРМА НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Назив на правно лице, погрешно е да се каже „назив на фирма“.

## ФОТОГРАФИИ

Во правна смисла тоа се фотографски, дигитални и рентгенски снимки, видео ленти и филмови.

## ФУНКЦИОНАЛНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУД

Надлежност на суд за спроведување на (постапување во) одреден дел (фаза) на постапка, што вклучува вршење на одредени процесни дејствија и решавање на одредени прашања кои се јавуваат во текот на постапката.



## ХИПОТЕКА

Заложно право врз недвижна ствар врз основа на кое хипотекарен доверител може да го наплати своето побарување од вредноста на заложената недвижност, доколку хипотекарниот должник не ја исполни својата обврска, и тоа пред подоцнежни хипотекарни доверители и пред сите обични доверители.



## ЦЕЛ НА КАЗНУВАЊЕ

Казнувањето изразува општествена осуда за извршеното кривично дело; влијае врз сторителот во иднина да не врши кривични дела и поттикнува негово

преиспитување; влијае врз останатите да не вршат кривични дела и влијае врз свеста на граѓаните за штетниот карактер на кривичните дела и праведноста на казнување на сторителот.

## ЦЕСИЈА

Отстапување на побарување со договор, пренос на побарување на трето лице, пренос на побарување од дотогашен доверител на друго лице врз основа на нивен меѓусебен договор, додека должникот останува ист и без негова согласност. Овој договор нема дејство спрема должникот ако тој и доверителот договориле дека второспомнатиот нема да може да го пренесе побарувањето на друг или дека нема да може да го пренесе без согласност од должникот. Според членот 231 ст. 3 од Законот за облигационите односи: „Пренос на правото од хартијата од вредност на име се врши со забележување на самата хартија, фирмата односно називот, односно името на новиот имател, со потпишување од пренесувачот и запишување на преносот во регистарот на хартиите од вредност, ако таков регистар се води кај издавачот. “



## ЧЕСТ

Внатрешен одраз на вредноста на човек, лична претстава за тие вредности заснована врз нематеријални, лични вредности, кои човекот ги поседува како припадник на одредена општествена заедница (Види: Навреда, Углед).

# ПРИЛОЗИ

## I. КОДЕКСИ ЗА НОВИНАРИ И ПРАВОСУДНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

### КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА (2011 Г.)[7]

### ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ:

Слободата на медиумите е неприкосновено право.

Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија.

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни.

Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите.

Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

7 Кодексот е усвоен на 14.11.2001, а достапен е на веб страницата на Здружението на новинари на Македонија (на линкот http://www.znm.org.mk.drupal-7.7.mk/node/440).

## ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ ПРИНЦИПИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ:

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес.

Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.

До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави.

Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.

3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

5. Новинарот ќе ги почитува законите во дрожавата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.

6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист.

Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија.

Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето.

Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.

7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

8. Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Во судските постапки треба да се почитува принципот на презумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда[8].

9. Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.

Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

10. Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

11. Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

12. Плагијаторството е неприфатливо.

Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

13. Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

14. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано.

Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

---

8 Курзивот крај дел од ставот 8 е додаден за потребите на оваа публикација. Вториот дел од точката 8 е сличен со член 2 ст. 2 од ЗКП, што го утврдува следново: „Државните органи, средствата за јавно информирање и другите субјекти се должни да се придржуваат до правилото од став 1 [„(1) Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда“], а со своите јавни изјави за постапката што е во тек не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност.“ (курзивот е додаден).

15. Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.

Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

16. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

17. Новинарот има право да одбие работна задача доколку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Новинарите кои работат во согласност со овој Кодекс ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација.

Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание.

За почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија".

## КОДЕКС НА СУДИСКА ЕТИКА ЗА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2014 г. (2016 г.))[9]

### ПРЕАМБУЛА

Имајќи предвид дека Универзалната декларација за човекови права како основен го препознава принципот дека секој има потполно и еднакво право да биде

9 Донесен од Здружението на судии на 13.10.2014 година, изменет на 20.05.2016 година (Кодексот и измените се достапни на: http://www.mja.org.mk/Upload/Content/Documents/KodeksNaSudskaEtika13102014.pdf и http://www.mja.org.mk/Upload/Content/Documents/Izmena_2016.pdf).

јавно сослушан од страна на независен и непристрасен суд при утврдувањето на правата и обврските и во однос на кое било кривично обвинение;

Имајќи предвид дека Меѓународниот пакт за граѓански и политички права гарантира дека сите лица се еднакви пред судовите и пред правдата, и дека секој има право на правично, непосредно и јавно сослушување од страна на надлежен, независен и непристрасен суд, востановен со закон, кој ќе одлучува било за основаноста на кое и да е обвинение од кривична природа насочено против него, било во споровите за неговите права и обврски од граѓанско-правна природа;

Имајќи предвид дека претходно наведените основни принципи и права се признати, односно одразени во регионалните инструменти за човековите права, во домашното уставно, законодавно и обичајно право, и во судските спогодби односно традиции;

Имајќи предвид дека важноста на независен, непристрасен и со закон востановен суд во однос на заштитата на човековите права е посебно нагласена и поради фактот дека спроведувањето на сите други права, завршува со соодветното правораздавање;

Имајќи предвид дека независен, непристрасен и со закон востановен суд претставува гаранција во заштитата на уставноста и владеењето на правото;

Имајќи предвид дека јавната доверба во судскиот систем и во моралниот авторитет и интегритет на судството е од голема важност во демократското општество;

Имајќи предвид дека од исклучително значење е судиите, поединечно и заеднички, да ја почитуваат и уважуваат судската функција како јавна доверба и да се стремат да ја подобрат и одржат довербата во судскиот систем;

Имајќи предвид дека одговорноста за унапредувањето и одржувањето на високите стандарди на судското однесување во секоја земја, е обврска на нејзиното судство;

И имајќи предвид дека одржани во овој Кодекс ги искажуваат стандардите кои што го одредуваат однесувањето на судиите, притоа воспоставувајќи и одржувајќи високи стандарди на стручно однесување.

И имајќи предвид дека овие правила се разумни правила и секој од деловите

на овој Кодекс треба да се читаат заедно како целина, и секоја одредба треба да биде толкувана во контекст на и во согласност со секоја друга одредба; тие треба да се применуваат во согласност со Уставот, законите и меѓународните конвенции ратификувани согласно со Уставот, како и во согласност со други прописи и подзаконски акти, (релевантни околности). Кодексот дава насоки на судиите и обезбедува структура за регулирање на однесувањето, манифестирана на високо ниво на одговорност и етика што се очекува од ваква важна позиција во судството. Правилата содржани во овој Кодекс ги искажуваат стандардите кои што го одредуваат однесувањето на судиите, притоа воспоставувајќи и одржувајќи високи стандарди на стручно однесување.

## ПРИНЦИПИ

Целта на востановените принципи е воспоставување на стандарди за етичко однесување на судиите. Тие даваат насоки на судиите и креираат рамка за регулирање на однесувањето на судиите. Освен тоа, целта е да им се помогне на членовите на извршната и законодавната власт, правниците и пошироката јавност подобро да го разберат и поддржат судството. Овие принципи претпоставуваат дека судиите се одговорни за своето однесување, пред соодветни институции воспоставени за одржување на судските стандарди, кои се независни и непристрасни, и имаат за цел надополнување, а не отстапување од постоечките законски прописи и правила на однесување кои судиите мора да ги почитуваат.

## НЕЗАВИСНОСТ

Принцип:

Независноста на судството е предуслов за владеењето на правото и претставува основна гаранција за правично судење. Според тоа, секој судија треба да ја поддржува и да дава пример на судиската независност како во однос на индивидуалните така и во однос на институционалните аспекти.

Примена:

1.1 Судијата судиската функција ја врши независно врз основа на лична оцена на фактите и во согласност со совесното разбирање на правото и примена на законот, без оглед на било какви надворешни влијанија, предубедувања, притисоци, закани или мешања, посредни или непосредни, од било која страна и од било која причина.

1.2 Судијата е независен во односот со општеството и во односот со конкретни страни во одреден спор за кој треба да пресуди.

1.3 Судијата не смее да биде под влијан/ие на извршната и законодавната власт и во секоја пригода ја брани независноста на судот од политички притисоци и влијанија.

1.4 Судијата ги поттикнува и поддржува заштитните механизми при извршувањето на судиските должности со цел одржување и подобрување на институционалната и оперативната независност на судството.

1.5 Судијата, во вршењето на судиската функција практикува високи стандарди на однесување со кое се јакне довербата на јавноста во судството, што претставува темел на судската независност и владеење на правото.

## НЕПРИСТРАСНОСТ

Принцип:

Непристрасноста е од суштествено значење за соодветно извршување на судиската функција. Судијата е должен да ја врши судиската функција непристрасно, како при донесување на одлуките, така и во водење на постапките.

Примена:

2.1 Судијата ја извршува судиската функција без пристрасност, предубедување или предрасуди.

2.2 Судијата, со своето однесување како во судот така и надвор од судот, придонесува за одржување односно подобрување на довербата на јавноста, правната професија и подобрување на довербата кај странките во непристрасноста на судијата и на судството.

2.3 Судијата внимава на своето изземање кога не е во можност да донесе непристрасна одлука по одреден предмет, односно да не остави впечаток дека не е во состојба непристрасно да суди.

2.4 Судијата ќе се изземе од учеството во било која постапка каде не може да донесе непристрасна одлука. Таквите постапки вклучуваат, но не се ограничуваат на случаи каде:

2.4.1 Судијата има суштинска наклонетост односно предрасуда во однос на некоја од странките или пак има лични познавања на оспорените доказни факти од интерес за постапката;

2.4.2 Ако судијата е странка во постапката или ако учествувал како судија на претходна постапка, адвокат, сооввластеник, сообврзник или регресен обврзник или бил материјален сведок ве изземање од случај, кој му е доделен во работа или по кој е определен да постапува;

2.5 Судијата во текот на постапка, односно во текот на некоја идна постапка не смее да дава јавни или поинакви коментари кои би можеле да влијаат врз исходот на постапката или пак кои би можеле да ја нарушат правичноста на постапката.

## ИНТЕГРИТЕТ

Принцип:

Интегритетот е атрибут на чесност и праведност. Судијата секогаш не само во извршување на службените должности постапува чесно и на начин кој е од корист за соодветно вршење на судиската функција.

Примена:

3.1 Судијата се однесува беспрекорно од гледна точка на било кој разумен набљудувач.

3.2 Однесувањето на судијата како во професионалниот така и во приватниот живот ја потврдува довербата на луѓето во интегритетот на судството.

3.3 Судијата не смее да го користи угледот на судската функција за задоволување на приватните интереси или на интересите на некој член од семејството или било кој друг. Судијата не смее да дозволи други да добијат впечаток дека некој е во посебна позиција несоодветно да влијае врз него при вршењето на судиските должности.

3.4 Судијата и членовите на неговото семејство, не смеат да примаат, ниту да бараат никакви подароци, заеми ниту пак други услуги во однос на нешто што судијата може да го направи односно да пропушти да го направи во врска со вршењето на судиската функција, освен по исклучок пригодни подароци чија вредност не ја надминува висината утврдена со закон.

3.5 Судијата ги познава своите и финансиските интереси на членовите на неговото семејство.

## ПРИСТОЈНОСТ

Принцип:

Пристојноста и соодветното - културно однесување на судијата се од суштинско значење за вршењето на сите активности на судиската функција.

Примена:

4.1 Судијата избегнува непристојност и се друго што имплицира непристојно однесување, при вршење на своите активности како судија.

Прење на своите активности како судија.

4.2 Судијата, како предмет на постојано набљудување од страна на јавноста, слободно и доброволно, прифаќа лични ограничувања кои обичниот граѓанин може да ги смета за преголемо оптоварување. Судијата се однесува на начин кој е во согласност со достоинството и дигнитетот на судиската функција.

4.3. Судијата, во своите лични односи со поедини членови на правната професија кои редовно работат во судот на судијата, избегнува ситуации кои би можеле да доведат до сомневање за постоење на наклонетост односно пристрасност.

4.4 Судијата не смее да дозволи неговото живеалиште да се користи спротивно принципите на овој Кодекс.

4.5 Судијата, како и било кој друг граѓанин, има право на слобода на изразување, верување, здружување и собирање, но при остварувањето на овие права, секогаш се однесува на начин со кој се зачувува достоинството и дигнитетот на судиската функција и непристрасноста и независноста на судството.

4.6 Судијата не смее да дозволи семејните, социјалните или другите односи несоодветно да влијаат врз однесувањето при вршење на судиската функција.

4.7 Судијата не смее доверливите информации кои ги стекнал при вршење на судиската функција, да ги користи односно открива за било која цел освен за целите поврзани со судските должности.

4.8 Под услов соодветно да ги врши судиските должности, а во случаите кога се бара, и со согласност од со закон утврден орган, судијата може:

4.8.1 да пишува, предава, држи настава и да учествува во активности поврзани со законот, правниот систем, раздавањето на правдата и слични работи;

4.8.2 да се појавува на јавна расправа пред официјално тело во врска со работи поврзани со правото, правниот систем, раздавањето на правдата и слични работи;

4.8.3 да биде член на официјално тело, или друга владина комисија, комитет или советодавно тело, доколку таквото членство не е недоследно со непристрасноста и политичката неутралност на судијата; или

4.8.4 да се занимава со други активности доколку таквите активности не се одразуваат негативно на достоинството и дигнитетот на судиската функција, односно доколку не го попречуваат вршењето на судиските должности.

4.8.5 Судијата не смее да се занимава со давање правна помош додека ја врши судиската функција.

4.8.6 Судијата може да формира односно да се приклучува на здруженија или да учествува во други организации кои ги застапуваат интересите на судиите .

4.8.7 Судијата не смее да биде член на управен одбор, надзорен одбор односно ревизорска комисија на било која компанија согласно со трговското право, или задруга или фондација која деловно работи, да поседува акции или во кој било кој

друг облик на капитален однос со трговско друштво ако тоа предизвикува судир на интереси со вршењето на судиската функција како јавна функција или да води деловен потфат, самостојно или заедно со други лица. Овие одредби не важат за судии во пензија.

## ЕДНАКВОСТ

Принцип:

Обезбедувањето на еднаквост во постапката за сите пред судовите е од суштинско значење за соодветното вршење на судиската функција.

Примена:

5.1 Судијата е свесен и ја разбира разнообразноста во општеството и разликите кои произлегуваат од најразлични извори, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на раса, боја, пол, вера, национално потекло, посебни потреби, возраст, брачна состојба, сексуална ориентација, социјална и економска состојба и други слични причини („нерелевантни основи“).

5.2 Судијата не смее, при вршењето на своите судиски должности, со зборови или со однесување, да прикаже пристрасност кон било кое лице или група врз нерелевантните основи.

5.3 Судијата ја врши судиската функција на закон основано и правилно насочувајќи се кон сите лица, односно кон странките, сведоците, адвокатите, судскиот персонал и судските колеги, без да прави разлики врз нерелевантните основи, како несуштински во соодветното извршување на должностите.

5.4 Судијата ќе побара од адвокатите во постапките пред судот да се воздржат од покажување, со зборови или однесување, наклонетост односно предрасуди врз нерелевантни основи, освен доколку тоа не е правно релевантно во однос на прашањето кое е предмет на постапката односно кое може да биде предмет на легитимно правно застапување.

5.5 Судијата не може да биде член во било која организација што врши дискриминација.

# СТРУЧНОСТ И СОВЕСНОСТ

Принцип:

Стручноста и совесноста се предуслови за соодветното извршување на судската функција.

Примена:

6.1 Судиските должности на судијата имаат приоритет пред сите други активности.

6.2 Судијата го посветува своето стручно делување на вршењето на судиските должности, кои вклучуваат не само вршење на судиските функции и обврски во судот и донесување на одлуки, туку и други задачи соодветни за судиската позиција.

6.3 Судијата настојува да ја усовршува својата професионална компетентност, знаење и вештини, врз основа на постојана стручна обука и образование.

6.4 Судијата се информира за соодветните измени на меѓународното право, вклучувајќи ги и меѓународните конвенции и другите инструменти со кои се воспоставуваат нормите за човековите права.

6.5 Судијата ја врши судиската функција трудољубиво, ефикасно, правично и со разумна ажурност.

6.6 Судијата во постапката пред судот е трпелив, достоинствен и љубезен во односот со странките, поротниците, сведоците, адвокатите и другите лица со кои судијата службено соработува. Судијата ќе побара слично однесување и од страна на правните застапници, судскиот персонал и други лица кои се под влијание, надлежност односно контрола на судијата.

6.7 Судијата не смее да се впушта во однесување кое е неспоиво со совесното извршување на судиските должности.

# СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, КОРУПЦИЈА И КРШЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ

7.1 Секое прекршување на принципите, ќе се смета и за прекршување на овој Кодекс.

Секој судија е должен да ги препознае и да се заштити од случаите кои се подведуваат под судир на интереси и корупција.

8.1 Спроведувањето на принципите и обезбедување на нивното почитување од страна на судиите се од суштинско значење за ефективно постигнување на целите на овој Кодекс.

8.2 Според природата на судиската функција, за своето однесување судиите се одговорни во согласност со законот, а советодавно мислење по однос на спроведувањето на принципите и обезбедување на нивното почитување од страна на судиите кои се од суштинско значење за ефективно постигнување на целите на овој Кодекс, дава Советодавното тело кое се воспоставува за спроведување на овој Кодекс.

8.3 Работата на Советодавното тело и постапките воспоставени за спроведување на овој Кодекс се транспарентни со цел да придонесат кон зајакнување на довербата на јавноста во судството и со тоа кон зајакнување на независноста на судството.

8.4 Спроведувањето на овој Кодекс ја има во предвид легитимната потреба на судијата, поради природата на судската функција, да му/ѝ биде обезбедена заштита од вознемирувачки односно непоткрепени обвинувања, а само во соодветна постапка и пред орган востановен со закон, судијата може да одговара за дисциплинска повреда или несовесно и нестручно вршење на судиската функција.

8.5 Судството и сите институции воспоставени да го спроведуваат овој Кодекс ја промовираат свесноста за овие принципи и одредбите на Кодексот.

# СОВЕТОДАВНО ТЕЛО ЗА СУДИСКА ЕТИКА

9. За доследна примена на принципите на Кодексот за судиска етика, Здружението на судиите на Република Македонија востановува советодавно тело, кое по барање на судиите или Здружението на судиите на Република Македонија искажува советодавни мислења на судиите во државата во однос на едно или повеќе прашања поврзани со етичкото однесување, односно соодветното извршување на судиските должности и избегнување на судирот на интереси на судиите во приватниот живот и вршењето на судиската функција.

9.1 Мислењето од Советоданото тело има превентивно значење кое укажува на судијата дека одредено негово однесување кое претставува повреда на принципите на судскиот Кодекс, може да биде и основа за поведување на дисциплинска постапка или постапка за нестручно и несовесно врешење на судиската функција. Ова, во случаиите кога се исполенети елементите (условите) повредите на принципите на овој Кодекс да се сметаат и како дисциплински повреди или нестручно и несовесно вршење на судиската функција утврдени со закон.

9.2 Советодавното тело работи во рамките на Здружението на судии на Република Македонија и се состои од претседател и 6 членови.

9.3 Членовите на советодавното тело ги избира Управниот одбор од редот на членовите на Здружението на судиите на Република Македонија по предлог на подружниците на Здружението на судиите во судовите низ државата.

Претседателот на Здружението на судии е претседател на Советодавното тело, а членовите се избираат и тоа: еден судија од Врховен суд на Република Македонија, еден судија од Виш управен суд или Управен суд, по еден судија од секое апелационо подрачје кои уживаат доверба кај судиите врз основа на својот личен интегритет и дигнитет во вршењето на судиската функција.

Членовите на Советодавното тело работат без надоместок.

9.4 Барањето од судија или од Здружението на судиите на Република Македонија за советодавно мислење, се составува во писмена форма, на кое советодавното тело ќе одговори писмено во рок не подолг од 15 дена сметано од денот на приемот на барањето, врз основа на конкретни факти и околности. Доколку некои од фактите односно околностите дадени во барањето не се доволно детални за да му овозможат на советодавното тело да даде советодавно мислење,

можат да се побараат дополнителни информации од подносителот на бараното мислење. Советодавното тело нема да даде мислење доколку дополнителните информации се недоволни или доколку не се достават.

9.5 Барањата за советодавни мислења и советодавните мислења издадени на судијата од страна на советодавното тело, како и фактите и околностите на кои се засновани, се доверливи.

9.6 Советодавното тело ги објавува своите советодавни мислења на web – страната на Здружението на судиите на Република Македонија, како и фактите и околностите врз кои се засновани со соодветно анонимизирање на лицата, местата и други податоци кои би можеле да доведат до идентификување на подносителот на барањето. Расправите на советодавното тело се доверливи. Објавата на редактираните (анонимизирани) мислења на советодавното тело се достапни до сите судии со цел да обезбедат насоки на другите судии кои се соочуваат со слични прашања.

## ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2014 г.)[10]

### I . ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со Етичкиот кодекс на јавните обвинители во Република Македонија (во понатамошниот текст: Кодекс) се утврдуваат начелата и правилата на однесување на јавните обвинители на кои се должни да се придржуваат заради зачувување и натамошен развој на достоинството и угледот на јавното обвинителство, како единствен и самостоен државен орган.

10 Кодексот е донесен врз основа на член 28 од Законот за јавното обвинителство од страна на јавниот обвинител на Република Македонија на 01.12.2014 година, а објавен е во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 194/14 од 25.12.2014 година.

# II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 2

Јавните обвинители во извршување на својата должност, во односите со другите органи, странките и граѓаните, во јавноста, како и во меѓусебните односи должни се да се придржуваат на следните начела:

- начело на законитост;

- начело на непристрасност и законитост;

- начело на трудољубивост и стручно постапување;

- начело на чесност и неподмитливост;

- начело на професионалност;

- начело на достоинство и

- начело на воздржаност.

Член 3

**Законитост**

Јавните обвинители се должни да постапуваат законито и стручно, во согласност со Уставот на Република Македонија, законите, ратификуваните меѓународни договори во согласност со Уставот и другите подзаконски акти, така да законитоста и правилноста на нивните одлуки можат да се проверат и секогаш да можат да се утврдат причините поради кои се донесени таквите одлуки.

Член 4

**Непристрасност и независност**

Јавните обвинители својата должност ја извршуваат објективно, непристрасно и независно од влијанија, мислењето на јавноста и надворешните притисоци,

без предрасуди, со почитување и штитење на основните човекови права утврдени со Уставот, законите и Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, со почитување на достоинството на другите, без оглед на тоа за кое лице станува збор и без оглед на неговиот статус, без дискриминација во поглед на верата, полот, сексуалната определба, националното и регионално потекло, припадност на етничка група, раса, возраст или било која друга основа.

Јавните обвинители не смеат да имаат непримерни врски со законодавната и извршната власт, ниту да дозволат влијание од нивна страна, така да јавноста нема сомневање за постоење на такви врски или влијанија.

Јавните обвинители се должни да се изземат од постапување во предмети за кои постојат причини кои би ја довеле под сомнение нивната непристрасност. Јавните обвинители се должни при постапувањето да го штитат општиот интерес и да се стремат да постигнат рамнотежа помеѓу општиот интерес и правата и оправданите интереси на поединци.

Јавните обвинители се должни во јавноста да придонесуваат за афирмација на стручноста, чесноста, самостојноста и непристрасноста на својата функција.

Член 5

**Трудољубивост и стручно постапување**

Јавните обвинители заради вршење на својата должност мора да имаат високо ниво на познавање на правото и неговата примена. Тоа вклучува обврска за непрекинато стручно усовршување и образование. Јавните обвинители се должни да ги почитуваат роковите во текот на постапката, правилата за приоритет во решавањето на предметите, примените предмети од ист степен на итност да ги решаваат спрема редоследот на прием во работа и во согласност со одредбите од Правилникот за внатрешното работење на јавните обвинителства.

Јавните обвинители се должни пред донесување на мериторна одлука да ги преземат сите потребни дејствија во кривичната постапка со цел да се прибават докази и потполно и вистинито да се утврди фактичката состојба.

Член 6

**Чесност и неподмитливост**

Јавните обвинители не смеат да ја користат својата службена положба и углед

заради остварување на имотна и друга корист за себе или за други, не смеат да примаат подароци и бесплатни услуги, ако со тоа може да ја доведат во прашање нивната непристрасност и објективност.

Јавните обвинители, како предмет на постојан надзор од јавноста, слободно и доброволно ги прифаќаат ограничувањата кои им ги наметнува функцијата која ја извршуваат.

Јавните обвинители нема да дозволат адвокат, политичка партија, меѓународна или домашна невладина организација која се занимава со набљудување на судските постапки, да ги користат нивните куќи, деловните простории или станови како канцеларии.

На јавните обвинители им е забрането да ја користат својата функција или информациите кои ги добиле преку својата функција за своја лична корист или за лична корист на некој друг.

Член 7

**Професионалност**

Јавните обвинители кога ќе примат од повисокиот јавен обвинител напатствија за постапување во одредени предмети, ќе се воздржат за тоа да даваат известувања или коментари на други.

Јавните обвинители пред преземање било какви работи надвор од јавното обвинителство, а кои не се регулирани со одредбите од Законот за јавното обвинителство, мора да го известат за тоа претпоставениот односно повисокиот јавен обвинител и да постапуваат во согласност со добиеното мислење.

Јавните обвинители нема да ги коментираат во јавноста заклучоците, ставовите, препораките, мислењата, упатствата и други одлуки донесени од Јавниот обвинител на Република Македонија, стручниот колегиум или донесени на состаноци на јавното обвинителство.

Јавните обвинители во вршењето на својата функција и во јавноста, ќе ја почитуваат презумпцијата на невиност, не само за предметите по кои постапуваат, туку и за останатите предмети по кои постапуваат други јавни обвинители.

Член 8

**Достоинство**

Јавните обвинители во рамките на работното време и надвор од него, мора да се однесуваат така што нема да го доведат во прашање достоинството и угледот на јавното обвинителство, да се воздржуваат од извршување на активности кои би биле во судир со службените должности или би можеле да го намалат нивниот општествен углед и угледот на јавното обвинителство.

Јавните обвинители ќе го известат повисокиот јавен обвинител за активностите кои во перцепцијата на јавноста би можеле да побудат сомнение во нивната самостојност и објективност и со тоа би го нарушле нивниот општествен углед и угледот на јавното обвинителство во целина.

Јавните обвинители се должни да внимаваат на своето однесување на јавните места и однесувањето воопшто, за да не нанесат штета на угледот на јавното обвинителсто или на јавнообвинителската функција.

Во начелото на достоинство влегува и однесувањето и личниот изглед на јавните обвинители во и надвор од работното време, кое нешто ќе се регулира со посебен кодекс. Јавните обвинители особено ќе внимаваат на однесувањето и личниот изглед кога се учесници или присуствуваат на меѓународни конференции, студиски посети во странство, или преземааат службени дејствија во странска држава.

Член 9

**Воздржаност**

Јавните обвинители мора да се воздржуваат од давање изјави или било кои други дејствија со кои може да ја доведат во прашање или сомнение својата независност, непристрасност, лојалност и достоинство. Должни се спрема колегите, вработените и странките да се однесуваат со внимание, достоинствено и со резервираност, кои се составни компоненти на јавнообвинителската функција. Тоа вклучува и обврска за почитување на државна, службена или деловна тајна и обврска да задржи за себе се што дознале за странките, за нивните права, обврски и правни интереси во рамките на вршењето на должноста, освен ако тоа не би претставувало кривично дело.

Јавните обвинители се должни да ја почитуваат професионалната доверливост во текот на вршењето на функцијата и по престанокот на вршење на функцијата да ги чуваат тајните податоци кои ги дознале при извршување на функцијата.

# III. ОДНОСИ И СОРАБОТКА ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Член 10

Јавните обвинители пред преземање на одредена работа или одлука за која сметаат дека може да биде заинтересирана јавноста или ќе влијае на угледот и положбата на јавното обвинителство, треба за тоа да го известат претпоставениот, односно повисокиот јавен обвинител.

Јавните обвинители при заедничката работа меѓусебно ќе се уважуваат едни со други и ќе се однесуваат со взаемно почитување.

Јавните обвинители својата работа ќе ја насочат на постигнување што подобри резултати и секогаш кога е тоа потребно ќе работат заедно, почитувајќи се меѓусебно и запознавајќи ги другите со своите сознанија за работата која ја работат.

Јавните обвинители кои присуствувале на семинари, работилници, тркалезни маси, студиски посети во странство и слично, на соодветен и транспарентен начин ќе ги споделат искуствата и знаењата кои ги стекнале.

Јавните обвинители нема едни од други или од останатите вработени да бараат услуги кои би довеле до компромитирачки ситуации или до нарушување на односите.

Член 11

Јавните обвинители одговараат на својот претпоставен, односно на повисокиот јавен обвинител за својата работа и методите со кои се користат во извршување на своите работи.

Јавните обвинители своите претпоставени, на време и без нивно посебно барање ќе ги известат за своите предмети и сознанија врзани за работата на јавното обвинителство, за кои разумно може да се смета дека е важно за тоа да бидат запознати.

Јавните обвинители се должни да ги применуваат задолжителните упатства и писмените укажувања дадени од повисоките јавни обвинители.

Член 12

Јавните обвинители на јавните обвинителства во државата, во секојдневната работа спрема вработените во јавното обвинителство ќе се однесуваат отворено и со почитување, ќе бидат праведни и ќе даваат добар пример со своето работење, а другите јавни обвинители и вработените во јавните обвинителства ќе ги известуваат за сите предмети за кои е нужно да бидат запознаени и ќе осигураат достапност на податоците неопходни за квалитетно извршување на работите, за да вработените својата должност добро и правилно ја извршат.

Во организацијата на работата, Јавните обвинители на јавните обвинителства во републиката мора да водат сметка и да ги почитуваат барањата, афинитетите, можностите и способностите на вработените, да ги поттикнуваат на стручно усовршување и образование, како и да се воздржуваат од приватизирање на односите и поттикнување на вработените на дејствување спротивно на Кодексот.

Јавните обвинители спрема јавнообвинителската служба и останатите вработени ќе се однесуваат на начин на кој ќе обезбеди почитување и углед на функцијата која ја извршуваат.

Член 13

Јавните обвинители ќе ги почитуваат законските одредби за односите помеѓу повисоките и пониските јавни обвинители, меѓусебно ќе соработуваат со цел за постигнување подобри резултати, при што ќе бидат отворени за соработка, размена на информации и податоци за кои дознале, а кои можат да бидат од интерес за работењето на друго јавно обвинителство.

## IV. ОДНОСИ И СОРАБОТКА СО ДРУГИ

Член 14

**Односи со судот**

Јавните обвинители при застапувањето пред судовите и во секојдневната комуникација со судот, должни се да го почитуваат и чуваат достоинството на судот, своето лично достоинство и достоинството на јавното обвинителство.

Јавните обвинители надвор од рочиште или главната расправа, не смеат

да ги коментарат донесените одлуки од судот или за тоа како судот треба да постапува во одреден предмет, ниту пак на било кој начин во јавноста ќе изнесуваат информации за работата на судот.

Член 15

**Односи со полиција и други државни органи кои постапуваат во предистражната постапка**

Јавните обвинители во односите со полицијата и другите државни органи кои постапуваат во предистражната постапка, ќе постапуваат на начин на кој се поттикнува соработка, при што ќе се даваат јасни насоки и ќе се донесуваат разбирливи одлуки во согласност со законот и своите овластувања и одговорности.

Јавните обвинители ќе даваат насоки и наредби на полицијата и другите државни органи кои постапуваат во предистражната постапка на законит и уреден начин, за да не би се довело под сомнение дејствувањето на полицијата и на другите државни органи, а ако утврдат дека е направена злоупотреба и е постапено спротивно на законот, ќе преземат потребни мерки во согласност со своите овластувања.

Член 16

**Извиди**

Јавните обвинители ќе преземат се што е потребно да подносителот на кривичната пријава или други лица за чии изјави сметаат дека можат да придонесат за оцена на веродостојноста на наводите од пријавата, не се оптоваруваат повеќе отколку што е нужно и во интерес на уредно извршување на законската постапка. Ако е неопходно, ќе се преземат потребни мерки за заштита на тие лица и нивните блиски.

Член 17

**Однос со осомничениот и обвинетиот**

Јавните обвинители мора да внимаваат да не се користат докази за кои знаат

дека се добиени или за кои основано веруваат дека се добиени на незаконит начин. Ако при прибавувањето на таков доказ дошло до грубо кршење на основните човекови права, тогаш истиот може да се користи за иницирање законска постапка против лицето кое е одговорно за таквото кршење.

Јавните обвинители при спроведувањето на извиди, ќе преземаат дејствија за пронаоѓање на објективната вистина, при што во своето разгледување ќе ги земат предвид сите околности, како оние кои одат во прилог на осомничениот односно обвинетиот, така и оние кои му се ставаат на товар. Кога јавните обвинители ќе дознаат факти и податоци кои се во корист на осомничениот односно обвинетиот или дознаат за факти и докази кои се важни за донесување на одлука, за истите ќе го известат осомничениот односно обвинетиот.

Јавните обвинители во односите со осомничениот односно обвинетиот, како и со лицето со кое соработуваат во постапката и за кое постои основано сомнение дека извршило кривично дело, треба да ги штитат нивните правата и угледот, како и својот углед и угледот на јавното обвинителство. Јавните обвинители при тоа мора да се воздржат од било какви дејствија кои можат да ја доведат под сомнение нивната објективност. За таа цел контактите треба да се одржуваат во службените простории, со составување на службени белешки или снимки од разговорот со тоа лице.

Член 18

**Однос со спротивната страна**

Јавните обвинители се должни да постапуваат искрено и чесно со спротивната страна, секогаш ќе бидат отворени за спогодба со истата внимавајќи при тоа на интересите на државата и на другите странки кои ги застапуваат во постапката.

Јавните обвинители секогаш ќе бидат отворени и за други начини на решавање на кривичните предмети согласно законот, заради забрзување на постапката, но не на штета на законските начела и интересите на оние кои во тие постапки ги застапува.

Член 19

**Однос со жртвата на кривичното дело односно оштетениот и странката која ја застапува Јавното обвинителство**

Јавните обвинители ќе обратат посебно внимание на жртвата на кривичното дело односно на оштетениот и нивните најблиски во заштита на нивните

интереси. Јавните обвинители кои работат на конкретен предмет ќе им ги дадат на оштетениот и странката која ја застапува јавното обвинителство сите потребни известувања за состојбата и крајната одлука донесена во постапката., како и за нивните права кои во таа постапка можат да ги остваруваат.

Јавните обвинители ќе се воздржат од изнесување на своето лично мислење при давањето известувања на странките за правилноста на донесената одлука, преземените постапки за кои даваат известувања, како и од давање изјави за можниот исход на постапката.

Член 20

**Однос со странките и граѓаните воопшто**

Во вршењето на својата должност јавните обвинители ќе се однесуваат внимателно и совесно кон сите со кои доаѓаат во контакт. Спрема граѓаните хумано и културно ќе постапуваат. На барање на тие лица ќе им ги дадат во разумен рок сите информации кои се овластени да ги дадат, а ако не можат да постапат по барањето, ќе ги запознаат со причините за неможноста за постапување.

Јавните обвинители се должни да одбијат примање подароци и услуги од странките и од другите учесници во постапката. Ако подароците или услугите се направени спротивно на нивната волја, ќе ги известат претпоставените веднаш штом за тоа ќе имаат сознанија, писмено и со наведување на околностите во кои е даден подарокот или направена услугата. На ист начин ќе постапат и ако станува збор за обид за давање подарок или правење услуги.

Член 21

**Однос со органите на државната управа**

Јавните обвинители во односот со службениците во органите на државната управа ќе тежнеат кон целисходна постапка, како во кривичната, така и во граѓанската и управната постапка. Разговорите и состаноците со вработените во органите на државната управа должни се да ги водат како стручни и доверливи соговорници.

Јавните обвинители заради сузбивање на корупцијата во органите на државната управа при своето постапување по конкретни предмети за кривични дела сторени од вработените во овие органи, на соодветниот орган на државната управа ќе му ги доставаат релевантните податоци и докази потребни

за прекинување на коруптивните дејствија и спречување на понатамошно извршување на такви кривични дела, како и за други кривични дела кои можат да бидат од влијание за интегритетот на органите на државната управа.

Член 22

**Однос со медиуми**

Во поединечни кривични предмети, како и други случаи, јавните обвинители ќе го изнесат своето мислење за случајот само на рочиште. Јавните обвинители или лицето кое што го овластиле за тој случај се должни на медиумите да им дадат што е можно повеќе објективна информација која во тоа време е оправдана и дозволена со оглед на стадиумот на постапката, земајќи ги при тоа во предвид сите околности на случајот, а особено правата на жртвата на кривичното дело односно оштетениот, како и на осомничениот односно обвинетиот.

Член 23

**Меѓународна соработка**

При работата на барањата за давање на правна помош јавните обвинители бараната помош ќе ја дадат во најкраток можен рок.

## V. НАДЗОР НА ПРИМЕНАТА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

Член 24

**Етички совет**

Заради надзор на почитувањето и толкувањето на Етичкиот кодекс се основа Етички совет кој го сочинуваат претседател и четири членови од редот на јавните обвинители. Претседателот на Етичкиот совет го избираат членовите од своите редови. Членовите на Етичкиот совет ги именува и разрешува Јавниот обвинител на Република Македонија за период од 4 години, со право на уште еден мандат, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на кодексот.

Еден од кандидатите за членови на Етичкиот совет се избира на предлог на Советот на јавни обвинители на Република Македонија од редот на јавните обвинители членови на Советот на јавни обвинители на Република Македонија, а останатите се избираат од Јавниот обвинител на Република Македонија.

При именувањето на членовите на Етичкиот совет ќе се почитува принципот на правична и соодветна застапеност на етничките заедници кое не се мнозинство во Република Македонија.

Член 25

Етичкиот совет може на барање на јавен обвинител да даде мислење за усогласеноста на одредено однесување со Етичкиот кодекс.

Постапката со која се утврдува повреда на начелата на Кодексот, Етичкиот совет ја регулира со Правилник, а начинот на работа на Советот го регулира со Деловник.

Член 26

Етичкиот совет дава мислење и препораки по повод претставките за однесувањето на јавните обвинители кое подносителите го сметаат за спротивно на Кодексот, по сопствена иницијатива, како и по предлог на непосредно повисокиот јавен обвинител.

На Јавниот обвинител на кого се однесува претставката ќе му се овозможи право на одговор во рок од осум дена.

За претставките кои ќе ги оцени како основани Етичкиот совет го известува претпоставниот јавен обвинител во обвинителството во кое јавниот обвинител ја извршува функцијата, како и повисокиот јавен обвинител. Ако се работи за основани претставки против јавен обвинител на основно јавно обвинителство, јавен обвинител на основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, за тоа ќе го извести Јавниот обвинител на Република Македонија.

Член 27

Постапувањето на Етичкиот совет не го спречува спроведувањето на мерките од надлежност на Јавниот обвинител на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија во врска со одговорноста на јавниот обвинител за повреда на должноста, како ни други пропишани облици на одговорност на јавниот обвинител во врска со внатрешниот надзор кога со поединечно однесување се исполнети претпоставките за спроведување на тие мерки.

# VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Овој Кодекс влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Јавниот обвинител на Република Македонија, а ќе се применува од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија.

Член 29

Членовите на Етичкиот совет ќе се именуваат во рок од 30 дена од денот на донесувањето на кодексот.

| | |
|---|---|
| А бр.725/14 | Јавен обвинител на |
| 1 декември 2014 година | Република Македонија, |
| Скопје | Марко Зврлевски, с.р. |

# КОДЕКС ЗА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА АДВОКАТИТЕ, АДВОКАТСКИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И АДВОКАТСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА [11]

Кодексот за професионалната етика на адвокатите е збир од усвоени начела по кои треба да се управуваат адвокатите во својата работа. Тие се во согласност со општите начела на етиката на веќе порано прифатените и развиени начела на професионалната етика на адвокатурата.

Непридржувањето кон правилата и начелата на Кодексот за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници претставува повреда на дисциплината, санкционирани со посебен акт на Комората.

11 Кодексот е достапен на веб сајтот на Адвокатската комора на Република Македонија: http://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/kodeks-etika?showall=1

Должност на сите адвокати е да се грижат за правилна примена на овој Кодекс.

Во случај кога адвокатите застапуваат или бранат пред судовите во друга држава должен е покрај кон одредите на овој Кодекс да се придржува и кон одредбите на кодексот на домицилната држава.

## I. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

### 1. Независност

Во извршување на своите обврски адвокатот е независен и не смее да дозволи никакви влијанија од трети лица или неговите лични интереси или интересите на трети лица и надворешен притисок да влијаат на него во извршувањето на неговите обврски кон клиентот. Адвокатот е должен да не дозволи никакво нарушување на неговата незвисност и да не ги прекрши своите професионалните принципи со цел да  удоволи било кому, па и на неговиот клиент.

### 2. Доверба

Помеѓу адвокатот и клиентот мора да постои однос на доверба, а ваквото нешто може да се постигне исклучиво доколку адвокатот поседува лично достоинство, чесност и интегритет.

Овие традиционални вредности за адвокатот се и професионална обврска.

### 3. Доверливост

Доверливоста е примарно и фундаментално право и обврска на адвокатот, затоа што суштината на професијата адвокат му овозможува на истиот да дознае и такви работи кои што клиентот не би ги соопштил на друг. Без функционирање на принципот на доверливоста не може да постои ни доверба помеѓу адвокатот и киентот.Обврската на адвокатот за почитуваwе на принципот на доверливост е временски неограничена и важи за сите информации кои ќе ги дознае од својот клиент во вршењето на неговата професионална активност. Овој принцип му обезбедува на адвокатот специјална заштита од државата.

## 4. Несоодветни професии

Овој принцип се обезбедува со воздржување на адвокатот од вршење на професии и активности или стекнување на својство на субјект кои не се спојиви со професијата адвокат, го нарушуваат неговиот дигнитет, интегритет, независност и сл.

Како неспоиви со адвокатурата професии, дејности, должности или статус на лице се сметаат особено:

- стечаен управник;

- законски застапник на трговско друштво;

- основач, содружник или партнер, управител или вработен во трговско друштво кое што се занимава со правен консалтинг, агенција за недвижност или други правни субејкти кои со своето работеќе претставуваат нелојална конкуренција на адвокатурата.

## 5. Лично рекламирање

Адвокатот не смее да се рекламира или да бара личен публицитет на недостоен начин.

Не се смета за рекламирање објавувањето на основни податоци за адвокатот на негова лична  веб страница на интернет на: име, презиме, адреса, телефон, област од дејноста, без наведување на цената на услугите и без истакнување на лични и професионални квалитети на адвокатот. Забрането е истакнување на имињата и називите на клиентите кои адвокатот ги застапувал и ги застапува на неговата веб страна.

## 6. Интерес на клиентот

Адвокатот е должен секогаш да постапува во најдобар интерес на клиентот и треба да ги стави тие интереси пред сите други интереси.

## II. ОДНОС КОН СТРАНКАТА И ПРЕДМЕТОТ

1. Адвокатот како давател на правна помош и вршител на јавни овластувања треба да дава правна помош, да застапува или да брани странки кога тие му се обраќаат за таа цел.

Адвокатот може да го одбие давањето правна помош или вршењето на јавни овластувања од оправдани причини, како што се: преоптовареност во работењето, незначителни изгледи за успех по предметот, неплаќање на доспеаните обврски од клиентот (трошоци и награда), кога е во прашање неодговорен парничар и слично.

Одбивањето да се даде правна помош во кривичните предмети (одбрана) треба да се ени по строги критериуми. Тоа е дозволено само во особено исклучителни случаи и тоа од објективна и од субјективна природа, како што се: болест на адвокатот, неплатени обврски од страна на обвинетиот за претходно дадена одбрана и слично.

Доколку се работи за сиромашна странка која не е во состојба да ја плати наградата на адвокатот во полн износ, тоа не може да влијае на ускратување на тоа да се даде правна помош или вршење на јавно овластување, бидејќи ова претставува традиционална и чесна задача на адвокатската професија.

Адвокатот ќе го советува и претставува неговиот клиент навремено,совесно и внимателно и е должен да го информира клиентот за текот предметот на негово барање.

2. Ако адвокатот прифати вршење на јавни овластувања, давање правна помош, застапување или одбрана тој е должен да и остане верен на својата странка и да се труди со истата да воспостави однос на доверба. Тој може да го откаже застапувањето, одбраната или давањето друга правна помош. само од исти причини поради кои можел да одбие давње правна помош, ако за тие причини дознал по преземањето на предметот Но, и во овој случај адвокатот е должен својата странка да ја застапува се додека не си обезбеди друг правен застапник. Рокот за ова може да биде најмногу до 30 дена.

3. Адвокатот не смее да превземе вршење на јавни овластувања или застапување на сопарничари или сообвинети, ако нивните меѓусебни интереси се спротивни. Ако таков случај настане во текот на застапувањето или одбраната, адвокатот е

должен да го откаже застапувањето, односно одбраната на една од странките.

4. При составување на двострани правни работи (договори и друго) адвокатот е должен совесно да ги штити интересите на двете странки, без оглед на тоа која од нив побарала правна помош и која ја плаќа наградата. Ако меѓу странките настане спор во врска со договорот составен од страна на адвокатот, тогаш истиот не треба да се појави како застапник на ниту една од странките.

5. Адвокатот е должен совесно да ја застапува и да ја брани својата странка, користејќи ги притоа сите потребни средства, дозволени со Законот или со друг пропис. Меѓутоа, адвокатот треба да избегнува поднесување непотребни подавки или даваќе непотребни предлози. Тој треба да настојува сите докази и факти да ги сконцентрира во што помал број поднесоци. Адвокатот во својата работа не смее да се идентификува со својата странка, туку треба да остане на височина на својата фукција - застапник или бранител на своите странки.

6. За време на застапувањето на својата странка, адвокатот не смее да прифаќа евентуална понуда за застапување и на спротивната странка, ниту пак други работи што се во врска со спорот и се спротивни на интересите на странките, додека трае спорот.

7. Ако адвокатот се нафати за застапување или за одбрана, од својата странка треба да земе исцрпни податоци со евентуални докази, предупредувајки ја истата дека е во нејзин интерес својот адвокат да го запознава со сите факти. Од друга страна пак, адвокатот е должен, секој предмет што го презел, совесно да го проучи и кон истиот така и да се однесува, а своето мислеќе за евентуалниот ишод на спорот искрено да и го соопшти на својата странка.

8. Уште при преземање на предметот, доколку е можно, адвокатот треба да ја запознае својата странка со износот на трошоците и наградата за застапување односно вршењето на јавни овластувања. Ако е во прашање странка која ги исполнува условите за давање на бесплатна правна помош согласно нормативните акти на Адвокатската комора, адвокатот е  да не бара никакво надоместување. имајќи го притоа постојано предвид старото етичко начело на адвокатите: никој, поради неможност за плаќање на наградата на адвокатот, да не остане без адвокатска и квалитетна правна помош.

9. Адвокатот не треба да прифати вршење на јавни овластувања, застапувања, одбрана или давање друга правна помош во толкава мера, кога со тоа би бил преоптоварен до таа мерка, што секој случај не би можел совесно и темелно да го обработи. Во случај на презафатеност, адвокатот треба странката да ја упати

на други свои колеги во кои има доверба, а кои имаат временска можност за прифаќање на странката.

10. Во спротивната странка адвокатот не треба да гледа непријател, туку просечен противник, кој е можеби исто толку уверен во своето право, како и странката која адвокатот ја застапува. Според тоа, односот на адвокатот кон спротивната страна треба да биде конкретен. Меѓутоа, ваквото нешто не треба да има влијание на застапувањето на неговата странка. Во границите на законските одредби, треба да истапува енергично и без страв. Адвокатот треба да избегнува секаков контакт со спротивната странка без знаење на својата странка или на застапникот на противникот.

11. Ако адвокатот е во пријателски однос со спротивната странка за тоа треба да ја извести својата странка уште пред преземање на предметот за да се отстрани секое сомневање во врска со правилното извршување на договорената задача.

12. Адвокатот не треба да го искористува незнаењето на противната странка, особено ако таа нема адвокат, за на тој начин да постигне неоправдан успех за својата странка својата странка.

## III. ОДНОС КОН СУДОТ И КОН ДРУГИТЕ ОРГАНИ

13. Во извршувањето на својата професија, адвокатот е должен да го чува угледот на судот, и институциите пред кои се јавува. Неговиот настап треба да биде таков, судовите и другите органи во него да гледаат заштитник во споредувањето на законитоста и заштитата на правата и правните интереси на странките.

Адвокатот е должен да укажува почитување кон судот и институциите пред кои се јавува, но исто така, во интерес на угледот на адвокатурата, е должен да не дозволи некоректен однос на претставниците на тие органи кон него и кон неговата странка. Таквите тенденции е должен да ги оневозможи на пристоен начин и со допуштените средства. Должен е да даде достоен отпор против секој обид за кршеќе на начелата на демократијата и повреди на достоинството на личноста.

14. Пријателските или роднинските односи на адвокатот со судијата или со лице вработено во институција, избран или именуван функционер, член на политичка

партија не смее да дојдат до израз додека адвокатот ја извршува својата адвокатска дејност. Особено е недостојно да ги истакнува своите роднински врски, пријателство, врски и познанство и истите да ги искористи во своја полза или за сметка на својата странка, а на штета на спротивната странка, или на кое било трето лице или институција.

15. Пред судот и другите органи адвокатот настапува како полномошен на своите клиенти, заради заштита на нивните права и правни интереси. Истиот е должен, врз основа на совесно прибраните податоци од странката, да ја изнесе јасно и накусо - писмено или усмено - фактичката и правната состојба на која се повикува. Тој е должен, во своите излагања да одбегнува демагогија и злоупотреба на фактичките и правните оцени и без оглед дали се присутни странките или јавноста, адвокатот е должен секогаш да истапува на ист начин.

16. Големината на писмениот состав и говорот зависи од конкретните услови; од тежината и од комплицираноста на предметот; обработката на правната литература и сл. Концизноста на излагањето не треба да го спречи адвокатот, писмениот состав или говор да му бидат изложени во убава, импресивна и уверлива форма, со излагање што ќе биде позанимливо и полесно прифатливо. Негувањето на убавиот и содржан збор е традиционална должност на адвокатите.

## IV. ОДНОСОТ КОН АДВОКАТИТЕ И АДВОКАТСКАТА КОМОРА

17. Адвокатската комора во својата работа е самостојна, независна и јавна. Комората е должна за извршување на задачите од членството. За таа цел секој адвокат, од своја страна, е должен да придонесува за што поуспешна работа на Комората и да го негува и да го подигнува нејзиниот углед.

Изборот во кој било орган на адвокатската комора, треба да претставува чест за секој адвокат, а истиот може да не се прифати во случај кога здравствената состојба на адвокатот не му дозволува такво ангажирање или ако станува збор за други - оправдани случаи.

Адвокатите се должни исклучиво и свесно да ги исполнуваат своите членски, професионални и јавни обврски од морална и од материјална природа, како кон сопствените, така и кон сите институции што се од посебен и од општ интерес за нив.

18. Адвокатот треба да ги зацврстува меѓусебните односи; да негува стручна

и професионална солидарност и другарски однос во работата. Меѓусебните односи на адвокатите и нивната соработка треба да бидат искрени и конкретни и тие да немаат влијание врз совеста и одлучноста во застапувањето на нивните странки.

Недозволено е преку врски, препораки или на каков било друг начин, преземање клиенти од другите адвокати. Непристојно е адвокатот своите услуги да ги нуди на лица кои веќе имаат свој адвокат, а особено со понуда за поповолно застапување или одбрана, во материјална смисла.

Со зборови или на друг начин, адвокатот не смее да ја игнорира, омаловажува и да ја потценува работата на адвокатот од спротивната странка. При работење во кривична постапка, адвокатот не треба својата одбрана да ја насочи и постави така, што со неа ќе се товарат друтите сообвинети, освен во случај кога тоа го налагаат потребите на одбрана на неговиот клиент.

19. Колегијалноста меѓу адвокатите бара секој од нив без оправдани причини, да не ја одбие замолената замена пред судот. Адвокатот кој моли за замена, на својот заменик мора да му ги презентира потребните податоци и упатства во врска со предметната замена; да му ги надомести трошоците и да му ја исплати наградата. Кога адвокатот е спречен да ја изврши замената, мора веднаш да го извести својот колега или да се погрижи да обезбеди друг заменик.

## V. ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ТАЈНИ

20. Се што странката ќе му довери на адвокатот во врска со бараниот правен совет, застапување или одбрана и се што адвокатот дознал за предметот на друг начин, а што е доверливо, претставува професионална адвокатска тајна.

Обврската за чување на професионалната тајна се однесува и на списите што адвокатот ги чува во својата архива. Адвокатот е должен професионалната адвокатска тајна да ја чува под страв од дисциплинска или од кривична одговорност. Истата се третира како тајна за време на застапувањето и одбраната, а и подоцна, се додека нејзиното изнесување во јавноста може да и штети на странката.

21. Она што адвокатот го дознал од странката, а што претставува професионална тајна, може да го открие само во случај кога самата странка, на несомнен начин,

го дозволува тоа, ако е во интерес на одбраната (нужно за одбраната), како и во случај кога тоа ќе го побара и ќе добие согласност од Адвокатската комора. Комората, при разгледуваќето на ваквото барање на адвокатот, ќе ги цени сите постојани околности.

22. Ако странката бара од адвокатот да ја застапува спротивно од изнесената материјална вистина, истиот може да го одбие застапувањето. Во вакви случаи, адвокатот не треба да презема ништо што би можело да и наштети на странката.

Адвокатот не може да дава предлози со кои очевидно има намера да го избегне утврдувањето на материјалната вистина.

23. Ако адвокатот дознал нешто при застапувањето на некое правно лице или такво нешто му било познато кога бил негов член, во никој случај тоа не смее да го употреби во каква било постапка, на негова штета.

## VI. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА ЛИЧНИОТ И МОРАЛЕН УГЛЕД

24. Адвокатот е должен постојано да ги усовршува своите стручни и општи познавања. За таа цел треба да следи и проучува прописи и стручна литература (особено од областа на своите специјалности); да следи културни, научни и политички достигнувања и настани, а, според можностите, активно да учествува и да соработува во професионалните и стручни организации, списанија и во другите општествени дејности.

Адвокатот е должен своите знаења несебично да ги пренесува на другите адвокати, а посебно на адвокатските стручни соработници и на адвокатските приправници.

25. Своите интелектуални способности, професионални и други јавни активности, мора секогаш да ги развива во рамките на дејноста на адвокатската професија. Недозволено е своите активности да ги користи спротивно од принципите на овој кодекс, а особено со цел да ја истакне својата адвокатска професија или на каков било друг начин - со намера да се рекламира.

26. Адвокатот е должен во секое време додека е професионално ангажиран и во својот личен живот, да стекнува и одржува степен на личен и морален углед. За таа цел е должен да се воздржи од сите свои лични, особено материјални

интереси, што би можело да го доведат во сомневање неговиот морален лик

Со непрекинато стручно усовршување и подигање на својот личен и морален углед, адвокатот ја исполнува својата професионална должност и се оспособува за успешно вршење на традиционалната функција во одбрана на слободата, независноста, граѓанските права, хуманизмот и човечкото достоинство во одбрана на законските права.

27. Во непосреден контакт со спротивната странка или со нејзиниот застапник, односно бранител, адвокатот може да стапи само поради обид за мирно решавање на спорот и тоа, само по предлог или со знаење на својата странка.

## VII. ОДНОСОТ НА АДВОКАТОТ КОН АДВОКАТСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ И ОБРАТНО

28. Адвокатот мора да посвети посебно внимание на работата со адвокатските приправници. Мора да се грижи за нивното поуспешно стручно усовршување и издигање.

На адвокатскиот приправник му е потребно да обрне внимание и на неговиот правилен и коректен однос кон другите адвокати, адвокатските стручни соработници, приправниците, органите пред кои истапува во своето работење како и во ситуации надвор од работата.

На својот приправник адвокатот мора да му обезбеди сестрана и темелна практика. Таа не може да биде половична или фиктивна.

29. Адвокатскиот приправник кога прв пат доаѓа во деловен однос со друг адвокат, доколку порано не се познавал со него, е должен да му се претстави на истиот. Истото ќе го стори и во однос на судијата кај кого прв пат доаѓа на судење.

30. Адвокатите мораат да посветат особено внимание при упатување на адвокатските приправници во принципите на адвокатската етика, без што ниту стручната практика, ниту знаењата не би имале соодветна вредност.

За својата работа адвокатскиот приправник мора да биде награден.

Поради полагање правосуден испит, адвокатот мора на адвокатскиот приправник да му обезбеди доволно време за подготвување на истиот. Односот меѓу адвокатот и неговиот приправник, во никаков облик, не смее да претставува злоупотреба на положбата и довербата.

31. Адвокатскиот приправник е должен во секој поглед да ја чува тајната на адвокатската канцеларија во која што работи.

## VIII. АДВОКАТСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА И ФИРМАТА НА ИСТАТА

32. Фирмата на адвокатската канцеларија мора да биде истакната на зградата каде што е сместена канцеларијата но, ниту по облик, ниту по содржина, не смее да служи за рекламни цели.

33. Со цел да се сочува угледот на адвокатурата, по правило, адвокатот, треба да ги прима странките во својата канцеларија.

Недостојно е адвокатот своите работи да ги врши со странките по судските ходници, угостителски објекти или на други непогодни места.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Покрај адвокатите, овој Кодекс се применува и се однесува и на работењето на адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници.

34. Кодексот има времен карактер и треба и понатаму да се усовршува и да се дополнува во духот на начелата прифатени и проверени во однос на професионалната етика на адвокатурата во Република Македонија.

# II. СПИСОК НА СУДОВИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО ДРЖАВАТА

## СУДОВИ

**Основни судови се основаат за следниве подрачја на општини:**

1. Основен суд во Берово за подрачјето на општините: Берово и Пехчево;

2. Основен суд во Битола за подрачјето на општините: Битола, Могила Новаци и Демир Хисар, со Судско одделение во Демир Хисар;

3. Основен суд во Виница за подрачјето на општината Виница;

4. Основен суд во Велес за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка;

5. Основен суд во Гевгелија за подрачјето на општините: Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово, со Судско одделение во Валандово;

6. Основен суд во Гостивар за подрачјето на општините: Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша;

7. Основен суд во Дебар за подрачјето на општините: Дебар и Жупа;

8. Основен суд во Делчево за подрачјето на општините: Делчево и Македонска Каменица;

9. Основен суд во Кавадарци за подрачјето на општините: Кавадарци и Росоман;

10. Основен суд во Кичево, за подрачјето на општините: Кичево, Вранештица, Другово, Зајас, Осломеј, Пласница и Македонски Брод, со Судско одделение во Македонски Брод;

11. Основен суд во Кочани за подрачјето на општините: Кочани, Зрновци и Чешиново - Облешево;

12. Основен суд во Кратово за подрачјето на општината Кратово;

13. Основен суд во Крива Паланка за подрачјето на општините: Крива Паланка и Ранковце;

14. Основен суд во Куманово за подрачјето на општините: Куманово, Липково и Старо Нагоричане;

15. Основен суд во Крушево за подрачјето на општината Крушево;

16. Основен суд во Неготино за подрачјето на општините: Неготино и Демир Капија;

17. Основен суд во Охрид за подрачјето на општините: Охрид и Дебарца;

18. Основен суд во Прилеп за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени и Кривогаштани;

19. Основен суд во Радовиш за подрачјето на општините: Радовиш и Конче;

20. Основен суд во Ресен за подрачјето на општината Ресен;

21. Основен суд во Свети Николе за подрачјето на општините: Свети Николе и Лозово;

22. Основен суд Скопје I - Скопје за подрачјето на општините: Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново;

23. Основен суд Скопје II - Скопје за подрачјето на општините: Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново;

24. Основен суд во Струга за подрачјето на општините: Струга и Вевчани;

25. Основен суд во Струмица за подрачјето на општините: Струмица, Василево, Босилово и Ново Село;

26. Основен суд во Тетово за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце и

27. Основен суд во Штип за подрачјето на општините: Штип, Карбинци и Пробиштип, со Судско одделение во Пробиштип[12].

## Апелациони судови се основаат за следниве подрачја на општини:

1. Апелационен суд во Битола за подрачјата на основните судови во Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга;

2. Апелационен суд во Гостивар за подрачјата на основните судови во Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар;

3. Апелационен суд во Скопје за подрачјата на основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Скопје I - Скопје и Скопје II - Скопје и

4. Апелационен суд во Штип за подрачјата на основните судови во Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип[13].

# ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Основни јавни обвинителства се основаат за следниве подрачја на судови:

1. Основно јавно обвинителство во Берово за подрачјето на Основниот суд во Берово;

2. Основно јавно обвинителство во Битола за подрачјето на Основниот суд во Битола;

3. Основно јавно обвинителство во Велес за подрачјето на Основниот суд во Велес;

12 Член 28 ст. 1 од Законот за судовите (курзивот крај називите на основните судови е додаден во оваа публикација). Судското одделение на основниот суд врши надлежности на основен суд за подрачјето на општините за кои е основано (член 28 ст. 2). Во случај на формирање на нови општини, подрачјата на судовите определени од ставот (1) на овој член остануваат непроменети (член 28 ст. 3).
13 Член 29 од Законот за судовите (курзивот крај називите на апелационите судови е додаден во оваа публикација).

4. Основно јавно обвинителство во Гевгелија за подрачјето на Основниот суд во Гевгелија;

5. Основно јавно обвинителство во Гостивар за подрачјето на Основниот суд во Гостивар;

6. Основно јавно обвинителство во Дебар за подрачјето на Основниот суд во Дебар;

7. Основно јавно обвинителство во Делчево за подрачјето на Основниот суд во Делчево;

8. Основно јавно обвинителство во Кавадарци за подрачјата на основните судови во Кавадарци и Неготино;

9. Основно јавно обвинителство во Кичево за подрачјето на Основниот суд во Кичево;

10. Основно јавно обвинителство во Крива Паланка за подрачјето на Основниот суд во Крива Паланка;

11. Основно јавно обвинителство во Кочани за подрачјата на основните судови во Кочани и Виница;

12. Основно јавно обвинителство во Куманово за подрачјата на основните судови во Куманово и Кратово;

13. Основно јавно обвинителство во Охрид за подрачјето на Основниот суд во Охрид;

14. Основно јавно обвинителство во Прилеп за подрачјата на основните судови во Прилеп и Крушево;

15. Основно јавно обвинителство во Радовиш за подрачјето на Основниот суд во Радовиш;

16. Основно јавно обвинителство во Ресен за подрачјето на Основниот суд во Ресен;

17. Основно јавно обвинителство во Свети Николе за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе;

18. Основно јавно обвинителство во Скопје за подрачјето на Основниот суд Скопје I Скопје;

19. Основно јавно обвинителство во Струга за подрачјето на Основниот суд во Струга;

20. Основно јавно обвинителство во Струмица за подрачјето на Основниот суд во Струмица;

21. Основно јавно обвинителство во Тетово за подрачјето на Основниот суд во Тетово и

22. Основно јавно обвинителство во Штип за подрачјето на Основниот суд во Штип[14].

## Виши јавни обвинителства се основаат за следниве подрачја на судови:

1. Вишо јавно обвинителство во Битола за подрачјето на Апелациониот суд во Битола;

2. Вишо јавно обвинителство во Гостивар за подрачјето на Апелациониот суд во Гостивар;

3. Вишо јавно обвинителство во Скопје за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје и

4. Вишо јавно обвинителство во Штип за подрачјето на Апелациониот суд во Штип[15].

14 Член 13 од Законот за јавното обвинителство (курзивот крај називите на основните јавни обвинителства е додаден во оваа публикација).
15 Член 14 од Законот за јавното обвинителство (курзивот крај називите на вишите јавни обвинителства е додаден во оваа публикација).

# ЛИТЕРАТУРА/ИЗВОРИ

## ПЕЧАТЕНИ ДЕЛА


• Centar za kulturu dijaloga, ***Stop govoru mržnje***, Sarajevo, 2012

• Cerović, Esad, ***Mediji između tradicije i interneta***, 2017

• Čerepinko, D., ***Komunikologija: Kratki pregled najvažnijih teorija, pojmova i principa***

• Halilović, Mehmed, Džihana, Amer, ***Medijsko pravo***, Internews/Sarajevo 2012

• Hromadžić, Hajrudin; Popović, Helena, ***Aktivne medijske publike: razvoj koncepta i suvremeni trendovi njegovih manifestacija*** 2010

• Hulin, A.; Stone, M. (ured.), ***Vodič za samoregulaciju online medija***;:Ured predstavnice OSCE-a za slobodu medija - Beč, 2013.

• Kunczik, Michael; Zipfel, Astrid; ***Uvod u znanost o medijima i komunikologiju***, Zaklada Friedrich Ebert/Zagreb 2006

• Kurtić, Najil, ***Osnovi pisanja za medije***, Media plan institut Sarajevo, Colosseum Tuzla/2009

• Malović, Stjepan (ured.), Baydar Avuz ***et*** 6 ***al.***; ***Profesionalno novinarstvo i samoregulacija: Novi mediji i stare dvojbe u Jugoistočnoj Evropi i Turskoj*** (http://unesdoc.unesco.org/images/0019/001908/190810HRV.pdf), © UNESCO 2011

• MEDIaNALI - međunarodni znanstveni časopis za pitanja medija, novinarstva, masovne komunikacije i odnosa s javnostima, broj 2, 2007, http://www.unidu.hr/datoteke/501izb/Medianali_broj_2..pdf

• Mendel, Toby, ***Sloboda izražavanja: Vodič za tumačenje člana 10***, 2013

• Mole, Nuala; Reynolds, James; Mijović, Ljiljana, ***Sloboda izražavanja i pravo na privatnost prema evropskoj konvenciji o ljudskim pravima/Priručnik o sudskoj praksi Evropskog suda za ljudska prava***, AIRE Centre

• Osmančević, Enes, ***Demokratičnost www-komuniciranja***, Friedrich EbertStfitung, Sarajevo, 2009

• Pravosudna komisija Brčko Distrikta, ***Rječnik pravnih termina za novinare***, http://www.pkbd.ba/rjecnik/pdf/Rjecnik%20pravnih%20termina%20za%20novinare.pdf

• Rokša-Zubčević, Asja; Bender, Stanislav; Vojvodić, Jadranka; ***Medijska regulatorna tijela i govor mržnje***, Vijeće Evrope 2017

• Rondić, Adnan, ***Medijski nastup(ati): Smjernice za rad s medijima***, Friedrich-Ebert-Stiftung (FES)/2014

• Splichal, Slavko, ***„Masovni mediji između javnosti i javne sfere“*** (izvorni znanstveni rad), ***Medij. istraž.*** (god. 20, br. 1) 2014. (5-24)

• Udovičić, Zoran; Jusić, Tarik; Halilović, Mehmed; Udovičić, Radenko i istraživački tim Media plan instituta, ***Mediji na prekretnici: Medijska slika Bosne i Hercegovine***, ©Media Online 2001

## ИЗВОРИ НА ИНТЕРНЕТ

• https://obljetnica.hrt.hr/leksikon/

• http://fpn.co.me/fajlovi/fpn/attach_fajlovi/lat/studentske-informacije/materijali/2016/10/pdf/Novinarske_forme.pdf

• https://hr.wikipedia.org/

• http://europa.eu/rapid/press-release_IP-17-3493_hr.htm

• https://usncg.me/monoloski-informativni-novinski-rodovi/

• https://advokat-prnjavorac.com/kodeks_advokatske_etike.html

• http://advokatskakomora.ba/latn/wp-content/uploads/2016/06/KODEKS-ETIKE-ADVOKATA-AK-RS_lat.pdf

• http://www.vzs.ba (Совет за печат во Босна и Херцеговина)

• https://www.rak.ba/bos/ (Регулаторна агенција за комуникации на БиХ)

• www.pravda.gov.mk – LDBIS (база на податоци со прописи на државата)

• www.slvesnik.com.mk („Службен весник на Република Македонија“)

• www.znm.mk (Здружение на новинари на Македонија)

## ДРУГИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

• Здружение на хрватските новинари во БиХ

• Здружение „БХ новинари“, Друштво на новинарите на БиХ

• Здружение на новинарите на Република Српска

• Прашалници

# ПРАВНИ АКТИ И ДОКУМЕНТИ

## ПРОПИСИ И ОСТАНАТИ ОПШТИ АКТИ ВО РЕПУБЛИКАТА

• Закон за амнестија, „Службен весник на Република Македонија бр. 6/1999“

• Закон за амнестија, „Службен весник на Република Македонија бр. 18/2002“

• Закон за амнестија на граѓаните кои не ја извршиле воената обврска, „Службен весник на Република Македонија бр. 49/2003 и 49/2004“

• Закон за амнестија, „Службен весник на Република Македонија бр. 11/18“

• Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Службен весник на Република Македонија бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18“

• Закон за вештачење, „Службен весник на Република Македонија бр. 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15,192/15 и 64/18“

• Закон за внатрешни работи, „Службен весник на Република Македонија бр. 42/14 (116/14, 33/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16) и 21/18“

• Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, „Службен весник на Република Македонија бр. 143/12“

• Закон за државното правобранителство, „Службен весник на Република Македонија бр. 87/2007 и 104/15“

• Закон за експропријација, „Службен весник на Република Македонија бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16“

• Закон за заштита на сведоци, „Службен весник на Република Македонија бр. 38/05 и 58/05“

• Закон за извршување, „Службен весник на Република Македонија бр. 72/16 и 142/16“

• Закон за јавното обвинителство, „Службен весник на Република Македонија бр. 150/07 и 111/08“

• Закон за катастар на недвижности, „Службен весник на Република Македонија бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/14, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18“

• Закон за класифицирани информации, „Службен весник на Република Македонија бр. 9/2004, 113/2007, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18“

• Закон за кривичната постапка, „Службен весник на Република Македонија бр. 150/10, 100/12 и 142/16“

• Закон за медиуми, „Службен весник на Република Македонија бр. 184/13 и 13/14“

• Закон за меѓународна соработка во кривичната материја, „Службен весник на

• Република Македонија бр. 124/10"

• Закон за нотаријатот, „Службен весник на Република Македонија бр. 72/16 и 142/16"

• Закон за облигационите односи, „Службен весник на Република Македонија бр. 18/2001, 78/2001, 4/2002, 59/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/09 и 123/13"

• Закон за општата управна постапка, „Службен весник на Република Македонија бр. 124/15"

• Закон за парничната постапка, „Службен весник на Република Македонија бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/10 и 124/15"

• Закон за полиција, „Службен весник на Република Македонија бр. 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18"

• Закон за помилување, „Службен весник на Република Македонија бр. 20/1993, 12/2009 и 99/16"

• Закон за правда за децата, „Службен весник на Република Македонија бр. 148/13"

• Закон за прекршоците, „Службен весник на Република Македонија бр. 124/2015"

• Закон за семејството, „Службен весник на Република Македонија бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14,115/14, 104/15 и 150/15"

• Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, „Службен весник на Република Македонија бр. 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/15 и 64/18"

• Закон за стечај, „Службен весник на Република Македонија бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/13, 164/13, 29/2014, 98/2015 и 192/15"

• Закон за судовите, „Службен весник на Република Македонија бр. 58/2006, 35/2008, 150/10 и 83/18"

• Закон за трговските друштва, „Службен весник на Република Македонија бр.

28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18"

• Закон за управните спорови, „Службен весник на Република Македонија бр. 62/2006 и 150/10"

• Закон за хартии од вредност, „Службен весник на Република Македонија бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 83/18"

• Кодекс на новинарите на Македонија, 2001

• Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17"

• Устав на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија бр. 52/1991, 1/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009 13/2009 и 49/11"

## МЕЃУНАРОДНИ АКТИ

• (Европска) Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, 1950

• Меѓународен пакт за граѓански и политички права, 1966

• Меѓународна конвенција за елиминација на расна дискриминација, 1965

• Повелба на Обединетите нации, 1945

• Универзална декларација за човекови права, 1948

Лексиконот на медиумски и правосудни термини е збирка на појаснувања на термините кои секојдневно се користат од страна на медиумските работници, но и од страна на вработените во правосудните органи кои комуницираат со медиумите. Лексиконот има за цел да им го олесни работењето на новинарите и на вработените во правосудството и воедно да ја олесни нивната меѓусебна комуникација.

Лексиконот е создаден како дел од проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразувањето и медиумите во Југоисточна Европа (Reinforcing Judicial Expertise on Freedom of Expession and the Media in South-East Europe), JUFREX, со идеја дека низ набројување и објаснувања на овие термини ќе се одбегнат грешките кои се случуваат поради неинформираност или дезинформираност, при што доаѓа до деградација на угледот, како на медиумите, така и на правосудните институции.

Главната цел на лексиконот е да се подобри разбирањето за работата на судството од страна на медиумите и обратно, односно севкупно да се придонесе за зголемување на квалитетот на информираност на јавноста.

Лексиконот на медиумски и правосудни термини е поддржан од заедничкиот проект на Европската Унија и на Советот на Европа, JUFREX, чија главна цел е унапредување на слободата на изразување и слободата на медиумите во согласност со стандардите на Советот на Европа, со посебен фокус на правосудството во Југоисточна Европа.

МК

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE